**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Тринаесеттото продолжение на Седумдесет и втората седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**2 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгивески, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев и Трифун Костовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за финансирање на единиците на локална самоуправа.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Процедурално има господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од 1 час заради дополнителни консултации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи очигледно немаме и кворум, давам пауза од половина час.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавано-правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 4 став 1 алинеја 2, член 9 став 4, член 15 став 2, за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6 и за додавање нов став 4 по ставот 3, член 39 став 2, член 43 став 3, член 46 став 1, член 47 точка 1 за менување на точката 15 и на точка 20, член 51 став 2 и 3, член 53 и на член 54, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 15 за став 3 за додавање нова алинеја по алинеја 3 и на член 46 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Мингова - Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски, поднесоа амандмани на член 5 став 2 алинеја 1, член 9 став 2, член 11 став 2, член 11 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 45 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Наташа Биковска поднесе амандман на член 15 став 3 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани, поднесе амандман на член 9 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски и Ганка Самоилова - Цветановска поднесоа амандмани на член 5 став 2 алинеја 1, член 8 став 2 алинеја 1, член 9 став 2 алинеја 1, член 11 став 1, член 11 став 5, член 29 став 1, член 47 став 1 и на член 9 став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Благородноа Мингова - Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман кој предвидува процентот на зафаќање од персоналниот данок стапката која Владата ја понуди од 2,5 да се зголеми на 3,0. Има уште еден сличен амандман од други пратеници поднесен. Владата го прифаќа.

Овој амандман предлага покачување на стапката на зафаќање за единиците на локална самоуправа од персоналниот данок на доход. И за оваа стапка има два амандмани многу слични, овој и уште еден.

Овој амандман Владата го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоилова - Цветановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека претходниот амандман е прифатен, овој е со идентична содржина.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Бидејќи пред себе го немам амандманот што го прифати Владата. Амандманот за кој што сега станува збор се однесува на зголемување на процентот на зафаќање од персоналниот данок од 2,5 на 3,1%. Незнам дали претходниот амандман е со идентичен процент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Китановски вие амандманите ги имавте.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Го немам пред себе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви беа поделени и тоа пред одморите.

Има збор Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи ако го земеме законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од првата фаза, ќе видиме дека овој процент беше 3,1%. И тогаш како и сега баравме објаснување или анализа, некои квантитативни бројки кои што ќе ни

кажеа како се дошло до овој процент од 3,1%. Меѓутоа, ниту тогаш ниту сега, во втората фаза при намалување на овој проценот од 3,1% на 2,5% од зафаќањето од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатени во општина во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште. Така што сметам дека е несериозно од Владата  во првата фаза, еве сега и во втората, значи беше 3,1% во првата фаза, ни предложи во втората фаза намалување на 2,5%. Сега се прифаќа амандман на 3,0%, иако амандманот од Никола Груевски и од Ганка Самоилова - Цветановска е враќање на 3,1%. Сметам дека доколку се прифати од 2,5% на 3,0%, а не на 3,1% како што беше во првата фаза, сметам дека требаше да има и образложение. Зошто Владата сега повторно се враќа приближно на оној процент од зафаќањата од персоналниот данок кој што ќе припадне на општините, кој што ќе се распоредува по општините да биде приближно колку и во првата фаза. Сметам дека ако сакаме најмалку да бидеме доследни би требало да биде прифатен овој амандман, значи да биде исто како во првата фаза 3,1% со оглед на тоа што и тогаш немаше објаснување, меѓутоа еве ние го прифативме како пратеничка група и гласавме за овој закон тогаш, иако имавме некои забелешки по однос на процентите на ДДВ и конкретно на персоналниот данок. Затоа апелирам до пратениците да се прифати овој амандман и на тој начин да биде барем исто со првата фаза, иако ќе напоменам дека воопшто немаме објаснување што значат овие 3,1%, или 3,0%, или 2,5% како што е во предлогот на законот од вторава фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер, почнавме со расправа во делот на финансирање на единиците на локална самоуправа. Сигурно дека ќе побуди големон интересирање и кај пратениците и кај целокупната македонска јавност, затоа што еве ние влеговме во пакетот на закони за децентрализација. И она што мора да го кажеме и на денешната седница е тоа дека пратениците  треба да обрнат големо внимание во делот на финансирањето. Ние многу се трудевме на изминатите седници да докажуваме што е тоа децентрализација и обично бегавме од темата. Мислам дека главната поента и главното внимание треба да го свртиме буквално на ова што значи финансирање на општините. Иако во изминатиот период имавме расправа, имаше и јавни расправи,

ние до ден денеска од законодавецот т.е. од предлагачот од Владата не добивме една сеопфатна анализа, не добивме дали тие 123 општини можат да функционираат со дадените зафаќања во делот на финансирањето. Кога сме сведоци дека им пренесуваме многу поголеми права на општините, сигурно дека треба да го имаме во предвид нивното функционирање. Можеби министерот има некое свое видување и она што беше дадено како предлог од група пратеници по основ на зафаќање на персоналниот данок од 2,5% стапката да се зголеми на 3%, мислам дека е во ред, ако е прифатено. Но, немаме некои издржани показатели и анализи. И ова што се предлага сега од група пратеници од господинот Груевски и Ганка Самоилова - Цветановска, 3,1%, дали и тоа е доволно за финансирање, не сме убедени. Ако министерот има некој аргумент повеќе да не убеди, затоа што тој го кажа своето дека го прифаќа она на 3,% што значи 3,1% би отпаднало. Сега имаме укажување од ЗЕЛС, нивното видување. Кога станува збор за ЗЕЛС да не ја измешаме работава таму се сите градоначалници и албанци и македонци и турци и сите имаат став дека ова зафаќање што се нудеше во првата постапка од 2,5% е малку од персоналниот данок. Општините предлагаат т.е. ЗЕЛС каде што не се етнички, туку се од мешан, хетероген состав од сите општини во Република Македонија, од сите 123 општини, да се оди на 16,70%.Би било добро, бидејќи го слушнавме министерот дека не го прифаќа ова 3,1%, би било добро министерот да даде едно образложение, ако сака, тоа е негово право, што е ова што ни предлага сега нас ЗЕЛС 16,70%, или ако министерот има намера, ако има намера и Владата да дојде до зголемување, она што значи посигурно финансирање на општините, кога станува збор за ДДВ каде што има и амандмани од група пратеници и предлог од ЗЕЛС каде што се предлага да се оди до 5,55% и некој амандман до 9%. Би било добро министерот да каже што предлага Владата. Мислам безпредметно ние би дискутирале, затао што се ставени во нерамноправна положба и пратениците и дел од јавноста, затоа што немаме аргумент повеќе. Кога би имале аргумент повеќе, кога би не убедил министерот со сеопфатна анализа, тогаш немаше да има проблем, мислам дека и во првата, она кога зборувавме за територијалната распределба. Тогаш анализите, показателите, да каже дали тие што ги викаме екстра или многу мали општини, можат како такви да се самоиздржуваат, да се самофинансираат, затоа што показателите кажуваат дека тие нереално може, не дали сакаме да водиме политика, нереално ќе функционира на ниво на Република Македонија. Од тие причини би барал ако сака министерот да одговори што е ова

како предлог што доаѓа од ЗЕЛС 16,7%. Дали е тоа реално издржано ако не убеди во ред. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине министре, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, ако пратениците внимателно следат како се одвиваше расправата по првиот амандман, дека е прифатен, уствари сега разговараме за ништо. Разликата помеѓу 3,0 што Владата го прифати и 3,1 е пет милиони денари. Тоа практично е расправа за ништо.

А по однос на предлогот кој сега ни е поделен од ЗЕЛС, мора да укажам дека ЗЕЛС навремено реагирал со предлогот доставувајќи го денеска пред расправата.

Да укажам само на фактот дека ЗЕЛС при подготвувањето на својот допис тргнал само од позицијата да го штити интересот на новоформираните општини во Република Македонија или старите сеедно, децентрализирани општини, а Собранието на Република Македонија и Владата е должна во исто време да води сметка и за општините и за јавната потрошувачка на централно ниво. Што значи дека нашиот предлог е балансиран. А предлогот на ЗЕЛС е небалансиран во нивната корист.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Китановски, имате збор.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Би сакал да појаснам дека намерата за предлагање на овој амандман беше преактично враќање на првобитниот предлог и затоа и тој процент е точно 3,1%. Иако ова навистина е расправа за ништо, не гледам причина зошто не би бил прифатен овој амандман ако таа сума навистина е мала и нормално во една огромна бројка што претставува државниот буџет, навистина многу помалку ќе се одразат тие средства, отколку во буџетот на локалните единици, на единиците на локална самоуправа. Така да ако е навистина ова расправа за ништо,тогаш треба овој амандман да се прифати, односно таа разлика, што ќе повторам во државниот буџет е навистина капка во морето за буџетите на единиците на локална самоуправа ќе претставува, сигурно ќе има поголемо значение, отколку во државниот буџет, со оглед на висината на сумата.

ЉУПЧО ЈОРАНОВСКИ:

Благодарам.

Секој амандман кој што е ставен на расправа може да се расправа дали е за ништо или за нешто тоа е веќе селективно гледање.

Повелета гопоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа, почитуван господине министер,

Навистина од нашето искажување неможев да разберам зошто во првата фаза понудивте 3,1% даночната стапка да биде, додека во втората фаза ја намаливте на 2,5% со кое образложение, кои беа вашите калкулации и зошто сега оддеднаш рефериравте и веќе го прифаќате амандманот од 3%, што беше тоа што ве предомисли. Навистина јас овде неможам да го сватам тоа зошто вие навистина толку несериозно се однесувате кон ваква една сериозна работа, како што е финансирањето на локалната самоуправа. Нели сите се залагаме за децентрализација а основата на децентрализацијата е всушност осамостојувањето, финансиското осамостојување на општините. Јас би ве молела навистина, јасно да ни укажете на сите, дури и да ни поделите материјали со пресметки, односно симулации од кои што ќе не убедите зошто не треба да биде процентот од 3,1% па сега не треба да биде ни 2,5%, туку треба да биде 3%. Тоа треба да биде навистина јасно, навистина не си играме пинг-понг со бројките, туку треба да биде навистина аргументирано тоа што се зборува и да не убедите да знаеме што да гласаме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓата Бонева за добриот речник со кој дискутира дека Владата несериозно се однесува. Јас ќе го прифатам добриот речник на меѓусебна комуникација.

Госпоѓо Бонева, ако толку сериозно сакате да го проучите законот и ако толку сериозно навлегувате во него како и Владата што ја пофаливте, прочитајте само уште еден, два членови понатаму од амандманот за кој дискутираме ќе видите дека во првата фаза зафаќањето по основ на ДДВ беше 1%, а сега зафаќањето што Владата го нуди е 2,5%. Разликата помеѓу 1 и 2,5 во услови на данок на додадена вредност, ако се трансверира во условите на персоналниот данок тоа е пет пати

поголемо зафаќање. 1,5% кај данокот на додадена вредност што се зголемува во Владата исто како да сте  го зголемиле персоналецот за пет, шест пати. Така што Владата кога предлага амандмани и кога прифаќа и кога помеѓу  двете фази прави калкулации ги прави за пакет на закони кои се тука 4 и ги прави во секој закон за пакет на зафаќања, како што знаете вие не се работи овде само за персоналецот, туку се работи за голем број на зафаќања кои од централниот буџет одат спрема локалните буџети и по основ на персоналец и по основ на ДДВ и по основ на дотации и по основ на други даноци кои таму се наброени во членовите од законот. Така што е направена една лепеза. Ако го спорите намалувањето на персоналниот данок на доход од 0,1 кој јас кажав претходно ако слушавте дека е расправа буквално за ништо, тогаш морате да имате предвид дека Владата прифатила на другата страна зголемување од 1,5% кој само тоа зголемување ако го гледаме, 1% е 250 милиони денари, а 1,5% е отприулика 400 милиони деенари. Што значи тие 400 милиони денари се зголемувањето кое Владата го одобри и во таа смисла усогласувањето со истата стапка персоналецот и ДДВ да бидат во процент сосема е незначително. Јасно е дека паѓа во вода вашето толкување дека Владата се однесувале несериозно. Благодарам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

И после вашето искажување почитуван министре навистина повторно стојам сеуште на моето тврдење, бидејќи никаде ги нема вашите пресметки од што тргнавте за зголемување или намалување на овие проценти. И во првата фаза постојано ние зборувавме да ни ги дадете вашите пресметки што е тоа што го добиваат општините. Да видиме која општина колку пари од државниот буџет ќе добие според вашите пресметки. Да видиме која општина колку пари од државниот буџет ќе добие со овие ставки и што значат тие за нив. Пресметките кои што ги имате не се за ваша интерна употреба. Најпрво треба да не убедите нас пратениците, меѓутоа, и единиците на локална самоуправа што значат овие проценти за нив, што значи зголемувањето на овие проценти, што значи намалувњето. Не значи ако го имате зголемено процентот од 2,5% на 4%, од ДДВ дека тоа е доволно и дека општините навистина со овој процент ќе можат сериозно да ги остварат надлежностите кои што се префрлуваат на локално ниво.

За да бидете навистина сериозни требаше да имате пресметка за секој овој процент да имате направено симулација и да ги убедите општините што значат овие

проценти за нив, колку пари од државниот буџет ќе се слее во локалните буџети, за да можат тие да се најдат себе си и да видат кој дел од надлежностите ќе можат со овие пари да ги покријат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитуван министре,

Уште еднаш со вашето излагање не не убедивте дека ова е точно бројката 3,1% поголема од 1%. Со ова ние не знаеме колку општините ќе задоволуваат од сопствените потреби. Вие кажувате дека интервенцијата од Буџетот е 70%, другото треба да биде донации, добивки и даноци кои што треба да ги наплатат локалните самоуправи. Но, што како што има тука амандман да бидат тие 4%, или како што ни беше предложено во декември месец 6 или 8%. За тоа не дадовте одговор колкави се тие средства, ние го видовме, го кажавме тоа, но дали се тие доволни за реализација на огромните обврски кои локалната самоуправа треба да ги добие со тоа што ние правиме децентрализација. Дали со ова ќе ги задоволиме потребите на граѓаните или ќе дојдеме повторно во ситуација од Буџетот да се интервенира и колкава ќе биде таа ставка која што вие ќе треба да ја одделите за локална самоуправа.

За тоа немаме одговор, немаме ниту податоци, ниту бројки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Ако ги анализираме дискусиите на сите пратеници по овој амандман ќе видиме дека на некој начин сите ние апелираме до министерот да ни даде објаснување по адекватно, бидејќи првиот и вториот предлог, особено во персоналниот данок и данокот на ДДВ, значи како два клучни приходи на општините, између првиот и вториот предлог навистина има драстични измени во процентите. Значи, ако направи мала дигресија министерот одејќи према ДДВ, значи, оди од еден на 2,5%, а овој од 3,1 се спушта на 2,5%, сметам дека министерот требаше да даде објаснување што би значело тоа за единиците на локална самоуправа и тоа не само општи објаснувања, ова е помало од претходното, ова е поголемо од претходното, па така на некој начин да пребиваме. Сметам дека се многу паушални

тие објаснувања. Ние сепак баравме објаснување, како што беше објаснувањето во првата фаза кога заменик министерот Кокаровски даде објаснување по тој закон, ние и сега очекувавме поради овие драстични измени во проценките, сметавме дека е тоа во апсолутни вредности повеќе, значи колку е потребно на општините средства врз основа на нивното досегашно функционирање од 1996 година наваму, врз основа на новите надлежности кои што сега согласно на паќетот на закони за децентрализација ќе ги имаат овие општини и врз основа на тоа на предвидувањето на Владата да ни даде по апсолутни бројки колку ќе бидат средства, колку досега се издвојувале, колку сега ќе се издвојуваат и дали ќе ги покријат сите надлежности. Вака, сметам дека бројките се од прилика дадени со некоја голема резерва на предвидување, така да уште еднаш ќе го замолиме министерот доколку може да ни објасни што значи ова во апсолутни бројки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе го замолам пратеникот Коце Трајановски повнимателно да слуша кога министерот зборува за да не бара двапати да зборувам.

Разликата помеѓу првиот и вториот закон е 400 милиони денари во корис на општините. Тоа го кажав, меѓутоа го повторувам за да повторно го слушне. Ако смета дека 400 милиони денари се недоволно тогаш имаме разлики во гледањата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Најдовски повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед на тоа што се отвори расправа сакам со неколку реченици да се произнесам по однос на дискусиите на колегите од ВМРО-ДПМНЕ.

Едно навистина не ми е јасно, со оглед на тоа што кога се носеше буџетот наместо да го читаат буџетот и да дискутираат по буџетот, тогаш имаа некој друг пристап и затоа не се сеќаваат.

Господа, буџетот е објавен во службен весник на Република Македонија, 3% знаете ли колку е. Нели се сеќавате колку беше ДДВ. Предвиденото ДДВ беше околу 24 милијарди, персоналнот данок околу 8 и нешто милијарди. Ако ви требаат пресметки, тогаш да земеме сите да пресметуваме.

Но, она што сега ме буни е што на комисиската расправа на Комисијата за финансирање и буџет колегите од ВМРО ДПМНЕ дури го пофалија овој закон и

ваквиот пристап и зголемувањето на процентот од старна на Владата, дури 2 гласаа за еден воздржан од претставниците на ВМРО ДПМНЕ и сега бараат нешто што навистина е општо познато. Ако толку не знаете, кај вас има можеби поголеми математичари од мене, 3% од 24 милијарди знаете колку е. Незнам сега што е целта на ваков начин, ваков приод. Дали да се минимизира она што сакајќи или несакајќи на комисиската расправа го кажавте дека навистина има еден квалитетен закон со квалитетни предложени решенија.

Сметам дека расправата се води во еден погрешен тек, која е целта и која е намерата незнам, но, заради јавноста точно се знае до бројки ако добро ги прочитате материјалите кои ги имате пред вас и аманданите што беа поднесени во првата фаза, но со оглед на тоа дека помина еден период можеби некои ги загубивте, точно се знае до бројка, 3% од 23 милијарди 990 милиони денари и 3% од 8 милијарди 139 милиони денари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас кратко би го прашал г-динот Најдовски. Мислам дека зборуваме за исто а не се разбираме. Имено, за што станува збор? Разликата меѓу вашето кажување и ова што јас го зборував е тоа што ние ако имавме анализа ќе дадевме одговор и на суштинското прашање, дали општина Старавина како таква може да функционира или општина Старавина не може да функционира. Ако имавме една анализа, зошто се плашиме, ние зборуваме сега за маса на пари. Точно е тоа дека се носи буџетот и масата на пари се издвојуваат. Кажано е колку се приходи од персоналниот данок, колку од ДДВ. Тоа не го спориме. Тоа си е во ред. Ние може да имаме и активни и поголеми општини на пример Градот Скопје, ние не можеме да ја мериме Старавина со Скопје. Тоа може да биде многу пари за Старавина, може би и малку. Ние сега зборувавме за тоа ако имавме една сеопфатна анализа ќе правевме категоризација, може би овој закон и не е добар. Не можеме ние сега да ја вреднуваме Старавина со Битола. Какви се потребите, какви се зафаќањата, колку треба за Битола, колку треба за Старавина. Од тие причини може би 1% за Битола ќе бидат многу, а 50% за старавина може да се малку. Во тоа е суштинската разлика. Истите пари, но немаме критериум. Кога ние ќе имаме анализа и кога ќе имаме изградени критериуми ќе видиме дека може да имаме една општина прва категорија, втора категорија. Се наметнува прашање кое што може да се реши со новата територијална

распределба. И говоревме за тоа дали се доволни 123 или може да има 150 или 180 општини. Тоа е суштинскто прашање и за тоа ние тука не се разбираме, затоа што некои зафаќања за Скопје, и за Старвина не можеме да ги вреднуваме. Тоа се мерливи величини и за општините и за луѓето и непотребно сега се дообјаснуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Гпосподине Даневски, вие зборувате за нешто друго од она што јас зборувам и од она што е предмет на расправа. Предмет на расправа е амандман кој што се однесува на членот за персоналниот данок, а не амандман на членот кој што се однесува за ДДВ. Тоа е член 9 и кога ќе стигнеме таму тогаш ќе зборуваме за критериумите. Тоа е првата работа.

Второ, потполно ќе се согласам со вас, навреме да се донесеше законот за финансирање на единиците на локална самоуправа бидејќи бевте парламентарец и бевте во Владино мнозинство кое што ја поддржуваше Владата во претходниот парламентарен состав, тогаш имавте обврска согласно охридскиот договор до крајот на тој мандат да го донесете законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и тогаш ако го донесевте ќе можевме за тој период од година ипол, а еве веќе се три години, да ги согледаме сите тие анализи. Со оглед на тоа што тоа тогаш не е направено, сега мораме вака.

Уште еднаш ќе повторам вие зборувавте сосема друго, а не тоа што е предмет на расправа со овој амандман што е поднесен. После ќе дојде време за тоа да се расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Китановски, три минути.

ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:

Прво, сакам да демантирам дека на Комисијата за финансирање и буџет чиј што член сум јас имало пофалби за овој закон во смисла дека тој е одличен и тн. Поднесените амандмани покажуваат дека не е така, како и записникот од таа седница. Јас бев воздржан во гласањето од причини кои што сега немам ни доволно време, да ги кажам сите забелешки кои што се однесуваат на ова, но ќе ги кажам во текот на расправата по текстот на законот и во амандманската расправа. Меѓутоа, навистина не е добро, да се кажуваат работи кои што не се точни, така да не е така,

не бевме полни со пофалби. За овој закон имавме доста забелешки од принципиелна природа.

Второ, конкретно за тоа што се однесуваше репликата е тоа што навистина во образложението на Предлогот на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа фали и треба да постојат и апсолутните износи. Тоа не е голема работа, и голема печка, веројатно е пропуст на предлагачот, на министерството за финансии. Значи, добро би било да стојат и апсолутните износи кои што се обезбедуваат со зафаќање на одредени проценти од изворите на приходи во Буџетот, за да не правиме сега математики и Слободан Најдовски да ни кажува како е тоа лесно, од вкупниот износ на средства од изворите на приходи од персонален данок или од ДДВ па да множиме и да вадиме. Немаме стално со себе дигитрони и да ги пресметуваме тие суми, а многу полесно ќе беше во две реченици во образложението, што е на три страници, што помалку зборови да се употребувале, повеќе бројки и цифри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прво, г-дине Китановски, јас не кажав дека иве гласавте воздржан, вие само потврдивте дека гласавте воздржан.

По однос на тоа како ги поднесовте амандманите, врз основа на што вие оценивте дека 3,1% треба да изнесува од ДДВ или од персоналниот данок. Јас ќе ви кажам врз основа на што. Откако го видовте нашиот амандман што г-ѓа Благородна, Анѓела и другите го имаат поднесено тогаш после тоа вие поднесовте 3,1%, само за да се поднесе амандман. Врз основа на што е вашата проценка 3,1% се должи. Но откако го видовте дека нашиот амандман е на 3% вие веднаш поднесовте на 3,1%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Бонева три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, кажавте дека точно знаете до бројка колку изнесува 3%, па бидејќи вие знаете, а ние не знаеме како опозоција и постојано браме од министерот и во првата и во втората фаза да ни каже колку тоа во бројки, односно да ни даде преглед за секоја општина колку пари тоа би значело за секоја општина. Бидејќи вие знаете вас ве прашуам, колку Битола ќе добие, колку ќе добие Могила, од овој процент, колку ќе добие општина Куклиш, колку ќе добие Оризари, да ги видиме како

тие општини ќе се снајдат во однос на нивните надлежности, што ќе покријат од овие пари. Дали можат да опстојат или не можат да опстојат? Значи од се вкувпните пари кои што ги добиваат не само од овој амандман колку пари тоа тие ќе добијат. За да им биде јасно на луѓето и нам да ни биде јасно, бидејќи вие знаете а ние не знаеме. Повелете, дајте ни еден преглед по општините и да видиме што е тоа што ние не го знаеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема потреба од нервоза и од емоции. Повелете господин Најдовски една минута.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас ќе се обидам да објаснам во рок од еднаминута, бидејќи економијата и е математика. Госпоѓа Бонева тоа тешко ќе го сфати, но ќе се обидам да кажам.

Ако до крај го прочитав законот има одредби за персоналнот данок кој врз основа на бројот на вработените и исплатените плати. Госпоѓо Бонева, бројот на вработени во одредени општи од година во година е променлив и врз основа на бројот на вработени и платениот персонален данок толку ќе има и приходи од персонален данок. За многу општини за кои вие се залагавте да опстојат сега потврдивте дека не можат ни еден денар да имаат по основа на персонален данок.

Но, што да ви правам. Толку можам да објаснам јас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ангел Димитров имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Љубисав Иваниов Ѕинго.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Јас само накратко сакам да дадам едно дополнително објаснување околу тоа што значи одредено намалување на стапката на приходите од персоналниот данок а што значи зголемување на стапката од ДДВ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ангел, дискутирајте по амандманот.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Бидејќи овде се зборуваше дали е три, или 3,1% е многу малку и дека од популистички причини, да покачиме на 3,1%.

Суштината не е само дека приходите од ДДВ се многу поголеми во буџетот, секој може да ги види. Зголемувањето од 360 милиони денари во однос на намалувањето од ДДВ е 24 милиони денари, значи поголеми приходи за општините има и една друга квалитетивна разлика. Разликата е во тоа што на овој начин со зголемување на приходи од ДДВ ќе добијат повеќе пари помалите и посиромашните општини. Зошто е така? Тоа е многу јасно ако некој знае како да се прибере персоналниот данок а како данокот од додадена вредност, а бидејќи персоналниот данок има одредени износи на кои не се плаќа тн., даночни олеснувања од 1600 денари, има две скали до 15% и до 35%. Со самото тоа големите и појаките општини ќе прибираат многу повеќе персонален данок отколку помалите општини. Од друга страна ДДВ нема ослободување и не се плаќа по лице, тоа е данок на потрошувачка. И најмалите општини, во кои што луѓето живеат од социјалните грижи и луѓето кои се невработени трошат одредени износи на кои се плаќа ДДВ. Значи данокот на ДДВ е многу посигурен данок за малите општини за разлика од персоналниот данок. На овој начин со зголемувањето од првобитниот предлог, кога беше 1%, а сега Владата предлага, 2,5% ДДВ, ние имаме доставено амандман за 3% мислам дека ќе значи квалитативно многу посигурно самостојно финансирање на помалите општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Љубисав Иванов Ѕинго имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Веднаш на почетокот сакам да кажам дека дискусијата во врска со овој амандман, а според тоа и во врска со законот за финансирање на локалната самоуправа поприма несакани правци на расправа. Овде веднаш се покажа дека постои разлика меѓу Владата и нас пратениците. Владата има една цел, додека ние како пратеници имаме друга цел. Исто така, веднаш се појавија разлики помеѓу опозицијата и позицијата. Јас мислам дека е ова многу сериозно прашање, посебно имајќи предвид дека е ова првиот закон кој практично претставува почеток на децентрализацијата во државата. Ние можеме да пријдеме на целокупните проблеми многу одговорно и многу совесно со цел да донесеме еден закон кој ќе овозможи успешно функционирање на локалната самоуправа.

Јас мислам дека за една таква квалитетна расправа навистина ќе треба да се направат многу анализи, студии, и во првата фаза во тој поглед јас исто така се заложив Министерството за финансии да ни покаже една слика за овие 123 општини

или за оние 83 општини колку ќе може да обезбедува секоја приходи, колку ќе биде разликата и од кои извори и по која методологија.

Значи, ако имаме едни такви согледувања, ние тогаш ќе истапиме со логични предлози и предлози кои произлегуваат од една корисност, така да кажам, што ќе биде посакувана утре да ни функционираат општините, имајќи предвид дека имавме многу такви дефекти, не само за овие 40 години, туку и порано.

Јас би молел, додека се води оваа расправа, Министерството за финансии доколку расправа со такви анализи, нас пратениците да ни ги достави ние да ги проучиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Сакам да појаснам на кој начин и зошто во предложениот амандман е дојдено до стапката од 3,1%. На истиот начин на кој што Владата на Република Македонија во првата фаза на овој закон дошла до истата таа стапка од 3,1%, а не од 3%. Тоа како дополнително појаснување, со оглед на досегашните реплики и контра реплики и како еден вид демант на овие дискусии на колегата Најдовски од типот вие го видовте нашиот амандман, па поднесовте таков ист и така натаму, јас мислам дека е обратно, меѓутоа, битно е дека образложението заради што е дојдено точно е и реално навистина тоа.

Значи, тргнавме од првобитниот владин предлог и сметавме дека тоа е процентот, односно износосот, кој што е избалансиран, бидејќи самата Влада го предвидела во првата фаза на овој закон. Затоа е 3,1%, а не 3%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање на амандманот.

Бидејќи претресот е заклучен по амандманот, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 11 гласале за амандманот, нема воздржани, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска - Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, овој амандман се однесува практично на вториот вид предвидени приходи за општините, а тоа се дотациите од Буџетот на државата и нејзините фондови. Попрецизно на првиот дотација од данокот на додадена вредност, при што се предлага, како што стои во амандманот наместо приходи од данокот на додадена вредност  да стои приходи од даноци. Со оваа формулација се опфаќаат сите видови даноци кои се приходи на државниот буџет, а не само данокот на додадена вредност, пред се' персоналниот данок и се овозможува поголема флексибилност на финансирање на општините од овој извор, односно преку овој вид на дотација и нормално поголеми средства за општините.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

При одбивањето на амандманот, токму имав предвид дека е настаната забуна кај предлагачот, во овој случај кај господинот Китановски, тој го образложи, затоа што членот 8 на кое реферира овој амандман, не се однесува на приходите на општините, кои се нивни сопствени приходи, туку преферира на дотациите кои ги добиваат од Буџетот на Република Македонија.

Со оглед на тоа дека од Буџетот на Република Македонија во вид на дотација влегува данокот на додадена вредност, па персоналниот и другите влегуваат како директни приходи на општината, а не дотации од централниот буџет, овој амандман не може да се прифати, а сега видов од образложението дека токму на тоа се мислело, што значи логиката не е точна, овој член 8 се однесува на буџетските

дотации. Приходите за кои господинот Китановски зборува се приходи директно на општината, не се централни дотации. Затоа е нелогично да се прифати тој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Логиката е точна и нормална, затоа што се зголемува со прифаќање на овој амандман и со самиот амандман се зголемува основицата, затоа што во членот 8 се регулира од кои извори на државниот буџет се зафаќа во вид на дотација. Значи, покрај директните приходи од персоналниот данок на општината, вкупниот износ на персоналниот данок и вкупниот износ на данокот на додадена вредност би било основица за процентот, кој што би се одвојувал за општините во вид на дотација. Значи, ако не бев доволно јасен, ова е појаснувањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи претресот е заклучен по амандманот, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 10 гласале за амандманот, нема воздржани, 55 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратениците Благородна Мингова - Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, овој е амандман кој Владата го прифаќа и веднаш да потенцирам дека е еден од клучните амандмани на приходната страна на општината што амандманот дополнително Владата го прифаќа и неговата тежина само разликата од 0,5 до 0,3 што Владата сега го прифаќа се 125 милиони денари.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по  амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа, а се однесува на истата точка за која претходно прифативме амандман, нашата определба е 3,0 на данокот на додадена вредност што претходно го прифативме, што значи овој амандман и другиот на истиот член нема да ги прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека со овие два амандмани министерот конечно ја кажува целосната несериозност и покрај тоа што претендираше дека со големи бројки и анализи е влезено во сето ова. Ако вие на седница денеска прифаќате и ова ни го испративме пред не цел месец дека 2,5% е она што треба да биде зафаќањето од данокот на додадена вредност, денеска прифаќате амандман кој што е донесен и предложен од вашите коалициони партнери, каде што треба да стои 3% и кажувате дека тоа е став на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Мавровски, тој амандман е прифатен, таа расправа ја поминавме. Говорите за овој амандман.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За истиот амандман по истата точка. Сега се работи за 4%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие зборувате за прифаќање на претходниот амандман.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Амандманот е 4%. Значи сега дали ќе можеме ние да ве убедиме како опозиција уште 1%, тоа е 230 милиони како Владата од Буџетот да ги одделите за локална самоуправа. Дали тоа можете сега да го прифатите, или ќе треба да причекаме на некоја наредна седница кога ќе сфатиме дека навистина со овие средства локалната самоуправа ја носите во многу незгодна ситуација и дека и овие

средства што ги одделуваме ќе бидат многу мали во однос на сите ингеренции што со ваквата децентрализација што сега ја правиме ќе може тоа да биде задоволувачки за овие општини.

Затоа господине министре ние баравме бројки. Вие треба да кажете и требаше тука да го имаме како анализа што на пример како општина Битола значеше 1%, како што кажа господинот Најдовски, а можеше да биде прифатено во месец декември, што сега значи 2,5% како што го дадовме пред малку, што ќе значи 3% и што ќе значи 4%, затоа што во меѓувреме општина Битола доби уште 25 други месни заедници или села, кои се приклучија на општината Битола. А да не зборувам за другите општини кои во меѓувреме ги споивте и како што кажаа некои дека ова е закон со кој што малите општини ќе преживуваат. Јас не гледам апсолутно ништо дека малите општини со ова ќе добијат нешто повеќе, бидејќи тоа ни со закон никаде не го кажувате, како ќе бидат распределени овие средства. Вие кажувате дека зафатот од Буџетот ќе биде 2,5% а сега кажувате дека ќе биде 3%. Сега, која од тие 85 општини што ги предложивте, колку ќе добијат од сето ова и колку ќе значи за нив за да опстојуваат. Тоа е клучното прашање. Ние сакаме да направиме фискална децентрализација и на тоа треба да се задржиме. Вие сега многу галантно прифаќате еден амандман и кажувате дека 3% е она што Владата го мислела, Ако го мислела Владата, требала да го понуди. Ако го понудела Владата можеби колегите од позицијата ќе предложеле 4% и денес Владата ќе го прифатеше сето тоа. Вака, мислам дека сериозноста се губи и дека сето ова доаѓа само како некоја игра или договори на одредени луѓе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека амандманот е поднесен на член 9 став 2, би го замолил господинот Мавровски да се потруди да продолжи да го чита законот понатаму во став 3 и ќе ги добие сите одговори на прашањата што ми ги постави. Меѓутоа, јас сега не можам законот да го читам специјално за господинот Мавровски, а тоа е само еден став после овој за кој сега разговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитуван министре.

Бидејќи се говори за амандман, односно за интервенција во членот 9 алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, јас сакам и во оваа прилика само да ве потсетам дека предлогот во првата фаза од овој закон за данокот на додадена вредност беше 1% и јас не сакам да бидам нихелист и да велам дека е направен напредок во оваа насока и е покачен овој процент на 2,5%. Меѓутоа, исто така треба да го имам предвид и фактот дека во првата фаза барањето, односно нашето мислење би било данокот на додадена вредност да биде околу 5% до 6% и тогаш и денес оправданието и образложенијата би биле исти. Можеби со некое дополнување, сега малку поинакво дека данокот на додадена вредност е еден од најконстантните извори и најопстојувачки избори за финансирање на општините. Бидејќи е така, предлогот, мојот предлог оди во прилог на тоа данокот на додадена вредност да биде 4%. Данокот на додадена вредност е дел од дотациите од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите. Овде сез обезбедуваат допонителни приходи во Буџетот на општината за финансирање на определените надлежности, се подразбира што се утврдени со закон. Знам дека надлежностите имаат свој, подобар смисол само тогаш кога се подржани или се покриваат и со финансии, тогаш мислам дека предлогот, односно амандманот е многу оправдан, дури и пооправдан ќе биде доколку додатам во моето образложение посебно за руралните општини, ако додадам, значи за единиците на локалната самоуправа во руралните делови, бидејќи и така ние во нашите дискусии во нашите јавувања сме кажале, сме покажале резерви во однос на фактот дека честдо пати може да се случи овие општини, рурални општини во иднина и со сите надлежности кои што ќе ги имаат ќе биде тешко да се одржат, односно да опстојат и ќе биде тешко нивното функционирање. Затоа и го имаме овој предлог данокот на додадена вредност да се покачи и да биде 4%. Доколку, јас не претерувам, јас би предложил на Владата, во нашата неможност како пратеници да интервенираме со некој дополнителен амандман, само за руралните општини бидејќи се знае добро и е добро утврдено во Законот за територијална организација дека имаме значителен број на општини кои седиштето го имаат во неурбан центар или не им е во град, дури и за тие општини да се направи една распределба, односно посебно да важи данокот на додадена вредност во процент од 4%.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас се извинувам, само би прашал дали расправата по овој амандман и следниот амандман поднесен од господинот Груевски и Самоилова - Цветанова, дали е иста расправата или ќе има посебна. Со оглед на тоа дека е иста содржината на амандманите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ги замолив службите да ги спојат, но не стигнавме на време да ги споиме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 8 гласале за амандманот, нема воздржани, 57 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска - Цветанова.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас го пддржав претходниот амандман, со оглед на тоа што е со иста содржина како и нашиот амандман, значи исти се предвидувањата.

Јас само би кажал дека овој амандман предвидува ДДВ остварен во претходната фискална година, при распоредувањето на општините, наместо 2,5% или 3,0%, колку што беше прифатен со претходниот амандман, да биде 4%. Тоа го предалгаме со оглед на тоа што сметаме дека се потребни поголеми средства за извршување на надлежностите на општините, согласно новиот Законза локална самоуправа. Сметаме дека на тој начин подобро ќе функционираат општините.

Она што исто така сакам да го напоменам е дека навистина е чудно,не сакам да кажам несериозно, што сега Владата прифаќа два клучни амандмани од позицијата, од сите пратенички групи, така штонавистина е чудно, бидејки тоа се клучни амандмани, на клучни членови, еден од нив е и на овој член што ние сега го даваме. Сметам дека би било подобро ваквиот текст, овие амандмани претходно беа и составен дел на Законот. Инаку ќе излезеше дека се популистички поднесени. Инаку добро е што се прифати од 2,5 на 3,0%, а уште подобро е ако сега се прифати да биде на 4%.

Инаку да напоменам дека ЗЕЛС предвидува да биде 5,5%. Тој даде предлог и до сите пратеници, сметам дека имаат разговарам и со Владата на Република Македонија. Тука сакам да напоменам дека е многу мала соработката при донесувањето на овие закони со Зелс, со оглед на тоа, гледајки ги големите разлики во проценти на даноците кои ги предвидувал овој закон во втората фаза и она што го предвидува ЗЕЛС.

Инаку јас би го пофалил тоа што сега распределбата е со 50% и останати критериуми, за тоа подоцна ќе дискутирам, а не како пред тоа 80-10-10. Меѓутоа сметам дека Владата треба да го прифати овој амандман, бидејки значителен број на средства кои ќе бидат собрани и ќе бидат, согласно Уредбата за критериумите и уредбата која ќе ја донесе Владата, или методологијата, навистина ќе бидат значајни за финкционирањето на општините. Уште повеќе, факт е тоа што кога беше Законот за територијална организација, ние навистина во сите наши дискусии апелиравме општините да добиваат штопоголем процент од овие даноци, значи поголеми извори на приходи, бидјеки имаат зголемени надлежности. Добро е, пак ќе напоменам што се зголемува тоа во однос на првиот предлог, беше 1,5%, па 2,5% и 3,0% се прифати од пратениците од позицијата, од сите пратенички групи. Сепак на некој начин биле сослушани нашите дискусии од пакетот на закони, можеби не конкретно за овој, бидјеки општините, навистина, до колку останеше 1,0% од ДДВ, навистина ќе имаа проблеми во своето функционирање.

Уште еднаш би апелирал да се прифати овој амандман од 4%, со што на општините ќе им се овозможи навистина да имаат фискална децентрализација и повеќе средства што самит епосле ќе можат да ги распоредуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелте г-дине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, поднесувањето на овој амандман повторно укажува на еден генерален попуст кој се провлекува низ целиот текст на овој закон, а тоа е дека тој не дозволува вистинска фисклана и суштинска децентрализација затоа што во своите основни решенија не предвидува доволно средства за функционирање на општините , соглансно нивните нови надлежности.

Со амандманот се предлага зголемвуање на стапката на ДДВ за финансирање надлежностите на општините од 2,5% на 4%, со што би се обезбедиле средства во висина од околу една милијарда денари кои се неопходни за нормално функционирање на општините.

Инаку ДДВ како еден од најпостојаните извори на приходи на државниот буџет и процентот од ДДВ по аналогија е најсигурен извор на приходи и за општините, иако сме свесни дека за ограниченоста на средствата во државниот буџет, стапката од 4% средства собрани од ДДВ која се предлага со овој амандман, сметаме дека ќе обезбеди ормално функционирање на општините, со нивните нови надлежности, без притоа посериозно нарушување на функциите на државниот буџет.

Декларативните заложби на Владата за децентрализација мора да бидат проследени со реални трансферирања на неопходни финансиски средства и извори на тие средства до општините. Инаку овој закон воопшто нема да ја изврши целта за која се донесува, а тоа е суштинска децентрализација на власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелтет г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Би се вклучил во расправта поовој амандман инако министерот гокажа својот збор, беше дециден и прифати дека ќе биде 3% ДДВ, што е еден напредок.

Се враќаме пак на две суштински работи.

Првата работа е дали ние сакаме да направиме децентрализација во Република Македонија затоа што најглавната работа што се случува со живеењето на општините е сигурни извори на финансирање. Ако н ие не им обезбедиме сигурни извори на финансирање, општините знаеме во каква состојба се и колку должат, прашање е како ќе функционираат и егзистираат.

Она што стои како голема забелешка, од сите , да кажам пратеници па и од јавноста е тоа што немаме некоја издржана анализа, немаме аргументи за и проитв, немаме бројки за да можеме релевантно да дискутираме. Инаку станува збор за тоа

дали 3% се доволни од еден милион евра, се помалку или 3% од 100 евра. Незнамкако ќе функционираат малите општини, дискутабилно е тоа и повторувам по десетти пат,немерлива величина е Старавина и Битола. Не можеме тука да ги спојуваме. Тоа пак дали држи, помалите општини со ова зафаќање од делот и она што беше 3% од персоналнио тданок и она што се нуди 3% од ДДВ, ќе функционира подобро е релативна работа, затоа што и предлогот од дискусиите и во општата расправа, ќе беше добро ако имавме ние некој пилот проекти како ќе функционираат. Дали не требаше да направиме еден преоден период пред година две, да направиме експерименти и најмалите општини и средните и големите да видиме како ќе функционираат.

Она другото што го загонетна и министерот Поповски во делот на член 9 став 3, распределба на приходи од ДДВ, сигурно дека треба малку да подискутираме и за методологијата за распределба на приходите, сигурно дека тие треба да бидат утврдени со закон за финансирање на единицте на локална самоуправа. Се дава дискреционо право на било која партија која е на власт, на која општина ќе сака да и насочува пари.

Сега кога носиме закон, а нашата заложба е да донесеме модерен закон по теркот на Европа, имаме и обврска, еве ќе добиеме и прашалници за прием во ЕУ, мислам дека треба да го прилагодиме законот како што е во Словенија, Германија, Франција, потоа да не дојдат и други работи па да ги усогласуваме овие законски решенија. Во принцип сум да добијат поголема слобода општините, но дали тоа ќе биде доволно, затоа што можеби 4% на Градот Скопје можеби се и многу средства од ДДВ, можеби се и малку, не можеме сега да дискутираме кога немаме релевантни бројки.

Во принцип го подржувам амандманот, еве ќе оставиме на времето, а има доволно време. Мислам дека овие средства и вака дадени, како најсигурни за да можат сигурно да се финансираат општините, а знаеме сега какви ингиренции ќе им пренесеме, ќе каже времето. Мислам дека овие средства ќе бидат малку за еден поголем број општини, за да можат да се финансираат самостојно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелте г. Арсовски имате реплика, најверојатно.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Јас би сакал кратко да му реплицирам на г. Даневски, бидејки навистина треба да се запознае јавноста.

Дефакто треба да сватиме дека со средствата што се делат од ДДВ, како приход на општините од централниот буџет и од персоналниот данок, ниту една општина не може да функционира. Секоја општина успешно ќе функционира ако успешно ги прибира сите приходи, онаа лепеза што постои во самиот закон. Затоа сите општини имаат сопствени приходи, како што се данокот од имот, данок од комунални такси, данок од административни такси и т.н. Ако тие приходи општините не ги прибираат и немаат услови да ги приберат, токму за тоа беше таа територијална организација што треба да се намалат руралните општини, бидејки ќе немаат сопствени приходи и не ќе можат успешно да ги извршуваат сите оние надлежности, со децентрализацијата, со Законот за локална самоуправа. Бидете сигурни, ако општините се наслонат на овие проценти како единствен извор , за да можат успешно да функционираат, целта нема да ја постигнат, односно нема да бидат успешен сервис на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута контра реплика г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не би рекол дека баш така ќе биде затоа што ние тука не излегувавме од салата додека се убедивме дека Рамковниот договор треба да го донесеме, додека не разграничивме што е децнетрализација, а што е територијална организација. Тогаш ги измешавме лончињата.

Ние си земавме обврска дека треба да направиме фискална децентрализација што значи пренсвување на правата и зафаќање сигурни извори за финансирање. Кого сега лажеме? Се лажеме самите себиси, ја лажеме Меѓународната заедница и ги лажеме колегите албанци кои не дискутираат по ова прашање, не ги интерсира, сакаат да направат дека се заинтересирани за општините таму, еве не дискутираат за ова што е битно за средствата за финансирање на општините. Значи нив не ги интересира, целта не била децентрализацијата, туку била територијалната распределба. Мислам дека ова е прашањето што треба да го отвориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Даневски помина една минута.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки ниукој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 10 гласале за амандманот, 1 воздржан, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 , поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелте госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Овој амандман на став 3 од член 9 се однесува на тоа дека во ставот 3 е утврдено дека распределбата на приходите од ДДВ се врши најмалку 50%, според критериумот по жител и други критериуми утврдени со Уредбата за методологија за распределба на приходите од ДДВ, што е донесува Владата на Република Македонија , по предлог на министерот за финансии.

Сметаме дека премногу ингеренции се даваат на Владата и на министерот за финансии. Најлошо е тоа што се утврдува дури и секоја година да се прави нова уредба односо нови критериуми.

Овој амандман што го поднесуваме, со него сакаме да кажеме дека оваа постапка треба да биде по транспарентна и во неа треба да биде вклучено Собранието на Република Македонија односно уредбата за методологијата со која се утврдуваат критериумите за распределба на приходите од ДДВ, треба да ја носи Собранието на Република Македонија , а не Владата. Исто така не треба да се дава, повторно ќе кажам исклучиво дискрициони право на министерот и на Владата на Република Македонија , бидејки така како што е поставено во ставот 3, распределбата на приходите од ДДВ, се остава еден простор односно сомнеж дека приходите секоја година ќе бидат распределувани на тој начин и ќе бидат така наместени критериумите секоја година, зависно од тоа која општина Владата сака колкав обем на средства да добие. Добро би било до колку навистина сериозно се размисли и њпосле да се искористат искуствата од другите земи, еве на пример

Република Словенија каде јасно во Законот е ставена методологијата и секој може да види кои се тие критериуми врз основа на кои ќе се врши распределба на приходите од ДДВ. Значи добро би било до колку Собранието на Република Македонија биде тоа кое ќе ги утврди критериумите,ние да бидеме тие кои ќе расправаме за утврдување на една методологија и да не се остава простор за сомнеж ниту пак за манипулации , од страна на Министерството или Владата на Република Македонија , да се даваат одреден обем на средства на општини што тие навистина сакаат да ги протежираат. Тоа се случуваше во минатото, се случува и сега. За да ги избегнеме овие работи сметам дека нависитна е потребно сериозно да се размисли околу овој амандман и методологијата да ја утврдува Собранието на Република Македонија . Дури добро би било таа да биде составен дел на законот кој го носиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. министре имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман кој е понуден и за кој опозицијата се залага да биде прифатен, е меч со две острици.

Прво,би сакал веднаш да кажам дека при презентацијата на критериумите се занемарува еден факт кој е напишан во самиот закон. Имено сега и госпоѓа Боневатоа го потенцира дека, Владата ќе ги носи критериумите. Што не е точно, затоа што во самиот закон ако го прочитате членот 9 став 3 за кој се однесува ова, пишува најмалку 50% критериумот е број на жители. Што значи веќе Собранието со закон го утврдила критериумот 50% минимум. Значи Владата, со закон, што и вие како интенција го спомнувате, веЌе е ограничена од Собранието дека критериумот за кој вие кажувате дека ќе ги носи Владата, критериумот е даден во законот, а тоа е половина и тоа како најмал, е број на жители. Значи Владата нема слобода да утврдува критериум. Има можност Владата да утврди критериум од половина нагоре. Тие критериуми од половина нагоре се менливи, зависат од економската развиеност, од степенот на приходите кои ги остварила и т.н. Замислете, на пример ситуација во кој аниe, инаку Собранието според Уставот не може да носи уредби. Собранието може да носи закони. Уредба е владин подзаконски акт. И неточно е дека се нетранспарентни условите затоа што во Уредбата тука пишува дека ќе биде најдоцна до 30 од тековната година за наредната година и таа ќе се објави во Службен весник. Значи Уредбата не е нетранспарентна. Дополнителниот проблем е

што во Уредбата 50% од критериумите се фиксни, со закон и тоа практично, поголема вистина е ако кажеме дека критериумите ги утврдува Собранието со закон, отколку да кажеме , дава право на Владата, затоа што законот одредил минимум половина. Значи поголемата вистина е Собранието дека ги утврди критериумите со овој член. И овој член, ако се сеќавате во минатата фаза беше малку поинаков , не беше 50% миимум, туку беше еден од критериумите, број на жители. Не беше квантифициран. Токму собраниските заложби, на сите пратенички групи беа дека бројот на жители треба да биде еден критериум и дека Владата треба да биде ограничена. Тоа го прифативме. Тоа се однесува за додатциите кои ги дава Владата. На пример ако во една општина, еве госпоѓа Бонева доаѓа од Струмица се оцени дека приходите по другите основи паѓаат , да речеме локалната власт во Струмица не прејудицирам, земам пример, е недоволно способна, или недоволно спремна да ги собере сопствените даноци, тоа се оние другите три закони кои ги гледаме овде во пакет, тогаш ќе падне финансирањето на таа општина и ќе ги загрози функциите. Тогаш Владата со уредба треба да ги потпомогне оние општини од овој општ ДДВ додаток, кои не оствариле приходи и да ги пегла постојано. Ако тоа го правиме со закон во Собранието, што јасно е дека уредба не може да носи, ние треба постојано да влегуваме, секоја година, со Уредба во закон, а има и други критериуми, број на вработени во општината. Во некои општини може да паѓа бројот на вработени, особено во мали општини каде целата економија базира на една голема компанија, да речеме типичен пример со оние три општини каде беа рудниците кои се затворија. Па одењето во стечај на рудникот, го одзема во најголем дел приходот од персоналниот данок. Кога ќе го снема него ние треба брзо да трчаме во Собранието со нови уредби. Значи 50% е добро со закон да биде ограничена Владата. Меѓутоа добро е исто така да се даде слобода на Владата, јас тука исклучувам можност, како што се кажа дека тоа ќе се злоупотребува затоа што критериумот не е по име на општина. Критериумот е по критериум, на пример број на вработени или број на населени места. Едно е општина со 5 населени места, градска, со две три соседни села, друго е некоја општина со 40 населени места.

Различна е потребата за финансирање на инфраструктура, на едно, на друго. Затоа нужно е да има критериум кој ќе биде флексибилен и прилагодлив. И тој гласи под број на населени места, а не по тоа која општина, или по број на вработени, или по ДЈДП по глава на жител итн. Меѓутоа, уште нешто важно сите вие и во вашите

дискусии и во првата фаза инсистиравте новите општини после децентрализираните општини да имаат влијание во креирањето на политиката. Ако забележавте како е овој член конструиран, тука пишува дека Владата ја нови уредбата на предлог на министерот за финансии, што е законско право на министерот за финансии. Се работи за распределба на финансии, не може друг да предлага. Меѓутоа, ако ја прочитате до крај реченицата, односно ставот на законот, со претходна согласност на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините. Значи, министерот за финансии пред да излезе на Влада ќе ја изготви уредбата, ќе оди на согласност да добие во Комисијата за следење на развојот на системот на финансирањето на општините. Значи, тука веќе има уште една ограда. Сега ако видиме како е композицијата на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирањето, ќе ве замолам да го погледате член 15 од Законот каде што ја уредува Комисијата за следење на развојот на системот на финансирањето. Во неа ќе видите дека се девет членови од кои 4 членови се претставници на четирите клучни министерства за процесот на децентрализација, а 5 члена се претставници на заедницата на општините, сегашната ЗЕЛС, или како ќе се вика после децентрализација, тоа е нивно право, да речеме ЗЕЛС. Во таа Комисија мнозинство се ЗЕЛС, значи општините, а малциство се четирите претставници на министрите од Владата, од финансии, од образование, најважните ресори за децентрализација. Што значи дека министерот за финансии во вашиот систем ќе излезе Владата пред Собранието со закон, што мислам, претходно зборував дека е нерационално кога веќе со Законот повторно тврдам критериумот клучен е одреден, број на жители и тоа Владата не може да го занемари, законска обврска. А второ е што во системот на Владата клучното право на вето практично зборот: претходна согласност, е право на вето, го има мнозинството во Комисијата која е составена од ЗЕЛС. Така што наместо Собранието 50% е инволвирано со критериумот глава на жител, другите 50% се Владата на кои право на вето имаат заедниците на општините. Лично како предлагач на законот, а и Владата на Република Македонија во чие име зборувам, ве уверувам дека сме прилично убедени дека механизмот на законот за кој сега расправаме е подобар отколку овој што се понуди од опозицијата. Лично сметам дека е подобар. Ќе биде потранспарентен, ќе ги инволира најзаинтересираните, а тоа се општините со право на вето во критериумот. Инаку немате во Уставот вие можност ние да предлагаме закон на кој има право на вето некој во постапката. Тоа е невозможно. Тука нема право на вето никој вон од Парламентот, или да речеме

согласност. Пофлексибилен е и на крајот на краиштата воопшто Владата не си зема право тука, туку само ги врши работите кои се во корист на општините.

Значи ова е аргументацијата за тоа што госпоѓа Бонева го кажа, а што е предложено во амандман, мислам дека би било добро да не се прифати, или евентуално и да се повлече, мислам дека е поповолно за општините.

Сакам да кажам уште нешто што произлегува како нишка во расправата по секој член, дека треба да се овозможи на граѓаните, “на граѓаните” неколку пати се потенцира вклучувајќи го и по овој амандман. Граѓаните имаат потреби во Република Македонија кои не се само нивни потреби кои произлегуваат од локалната власт, граѓаните имаат потреби од сите функции кои им ги обезбедува државата централизирана, или децентрализирана. Тие исто имаат потреба од финансирање на образование кое е децентрализирано со нивни средства колку што имаат и потреба од образованието кое е централизирано, кое останува во Буџетот. И сега да не набројуваме што се се централизира, останува централна власт, а што е централизирана. Кога ние постојано зборуваме, во интерес е на граѓаните во општините, да не заборавиме дека и понатаму лавовската власт во Република Македонија останува централизирана и тој интерес на граѓаните исто така важи. Граѓаните не живеат во општина Струмица изолирно од системот на Република Македонија. Нивните интереси и централната власт исто така ги штити во многу повеќе сфери отколку сферата на децентрализираната општина. Што значи, кога зборуваме, интересот на граѓаните, сакам да имате секогаш предвид дека тој се обезбедува и преку централно ниво, вклучувајќи го и Парламентот, Владата итн. и тоа е интерес на граѓаните, нема реска црта, ова е интересот во локалната, а ова е во централната власт. Ние сме тие кои треба да направиме баланс како нивните вкупни интереси да ги избалансираме меѓу двете власти и тие да бидат најдобро решени. Значи, интересите и понатаму доминантно остануваат во централната власт, во сите сфери, да не ги набројуваме, не само оние кои се недецентрализирани: одбрана, судство, внатрешни, надворешни работи, финансии итн, туку и во оние кои се децентрализираат. Во образованието и понатаму останува централната улога на државата, а тоа е интерес на граѓаните, во здравството исто, во културата исто и да не ги набројуваме сите сфери кои се децентрализираат кои се во законот наброени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитуван господине министре, и покрај вашето навистина нашироко објаснение, сметам дека навистина нема потреба постојано да се носат уредби секоја година. Токму така вие како што објаснивте излегува дека зависно од случаите кои што ги имате на територијата на Република Македонија така ќе ги утврдувате и критериумите со уредбата. Лично сум убедена, а став е и на партијата дека навистина поповолно е за општините да си ги знаат критериумите врз основа на кои што ќе им се распределуваат приходите од ДДВ, иако клучниот критериум е 50% критериумот по жител од вкупниот износ на средствата е даден. Меѓутоа, неопходно е потребно да бидат јасно утврдени и другите критериуми се со цел помалку да има манипулации. Вие велите дека Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините е таа која што ќе ја корегира фактички Владата, бидејќи најголем дел од членовите се претставници на Заедницата на единици на локална самоуправа. Но, што во случај да речеме, на пример доколку најголем дел од членовите кои што се претставници од ЗЕЛС и припаѓаат на една политичка партија која е на власт и врз основа на тоа некоја општина која што е од друга политичка партија, односно нејзинот градоначалник е од друга политичка партија, не добива доволен број на средства благодарение на тоа што со Уредбата се направени така критериумите за оваа општина да речеме во таа година да не може да добие одреден износ на средства. Значи, да го исчистиме сомнежот, да не оставиме простор за сомнеж, туку јасно да ги утврдиме критериумите, тие да бидат водители и на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање кои што ќе даваат претходна согласност и на Владата на Република Македонија. Токму заради тоа е предложен овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега конфузијата станува уште поголема. Прво, тоа што го кажувате со општините е својство и на Парламентот. Ако избегате од Владата и ако сакате да избегате и од композитната структура на градоначалниците, ќе дојдете во композитната структура на Парламентот. Исто е. И тука има некои партии, мнозинство, малцинство итн. Значи, како и да одите, ако мислите на такво надгласување, нема бегање од тоа. И во Парламентот ќе ви се јави истата дилема,

ќе кажете па тука мнозинство има на владеачките партии што се во Владата. Нема да ја надминете таа дилема.

Второ, вие сега ми кажувате дека ќе биде добро Парламентот со закон да ги утврдува критериумите наместо со уредба, што ви тврдам дека е несоодветно на нашиот правен систем, меѓутоа, еве, да се апстрахираме од тоа, затоа што тоа ќе биде постабилно и потранспарентно и нема постојано да се менуваат критериумите. Па вие тоа не го спорите во вашиот амандман. Вие во вашиот амандман викате, наместо да го носи Владата, да го носи Собранието. А ако читате надолу што пишува, секоја година најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната. Што значи истиот проблем останува во вашиот систем, само што не Владата, Собранието ќе ги менува секоја година до 30 јуни критериумите за наредната година. Од аспект на општините, исто. Дали во Службен весник ќе видат Закон на Собранието, или уредба на Владата, секоја година за наредната сменет, за нив нема стабилност. За нив е проблемот дека некој им менува. А вие не предлагате еднаш на 4 години, или еднаш засекогаш. Само предлагате да остане секоја година да се носи уредба, ама Собранието да ја носи. А критиката ви е насочена дека ќе ги менува Владата и општините немаат стабилност, нема однапред да знаат. И во вашиот амандман однапред не знаат. Само се изместува од Владата кон Собранието, а зборува претходно подолго зошто мислам дека не треба да се измести од Владата во Собранието. А со вашиот амандман не го решавате проблемот. Пак општините секоја година ќе чекаат до 30 јуни да видат што Собранието во вашиот случај решило. Стабилноста на нивното финансирање и услови за работа се исти. Ќе чекаат да видат. Значи, законот предвидува секоја година да се носи уредба. Вие тоа не го ни спорите во амандманот. Меѓутоа, сега го спорите во дебата. Ако спорите во дебата, а го немате во амандманот, тогаш воопшто нема што да спориме, затоа што нема амандман за таа работа. И затоа мислам дека конфузијата сега почнува да расте и затоа уште посигурен сум дека треба да остане законот како што е предложен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на дискусијата на министерот, Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Токму заради тоа што разговараме за нешто што е од суштествен интерес за локалните самоуправи, сметам дека е добро да се размисли она што е дадено во образложението на амандманот, она што претставува решение и за многу други

земји како што е даден овде и примерот со Словенија, методологијата да биде ставена во самиот закон, критериумите да бидат јасно утврдени во законот. И сметам сеуште дека не е добро Парламентот, вие рековте дека конфузијата се зголемува бидејќи од случај до случај и Парламентот решава. Парламентот нема да работи за одредени случаи како што тоа со уредбата може да се прави секоја година, бидејќи Парламентот јасно ќе ги утврди критериумите кои што ќе бидат дадени во законот. Значи, да размислиме и во тој правец бидејќи целта ни е да донесеме навистина закон со сериозни решенија. И сметам дека овој период кој што ни беше оставен за поднесување на амандмани беше толку краток за 995 страници материјал, навистина сериозно да се размисли секој член и да се понуди соодветно решение, токму заради тоа денес и расправаме и мислам дека навистина е неопходно во самиот закон јасно да бидат утврдени критериумите не со посебни уредби, туку јасно утврдени критериуми во рамките на самиот закон кои што ќе бидат задолжителни и за Комисијата, меѓутоа и за Владата на Република Македонија. Во тој случај нема од случај до случај да се надгласуваме за одредена општина колку средства треба да добие, туку критериумите ќе си важат општо за сите општини и ќе ги применува и Комисијата и Владата на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас морам да потсетам, дека амандманот што е поднесен не вика критериумите да се утврдат во закон. Амандманот вика, Собранието да ги утврдува критериумите, а не Владата. А сега госпоѓа Бонева нас не убедува дека треба во законот да бидат критериумите. А амандманот кој е поднесен вика, Собранието не во законот да ги утврди, туку да ги носи еднаш годишно, наместо Владата. Значи, сега друго предлага од амандманот кој на почетокот го бранеше. А за тоа нема поднесено амандман. Значи, амандманмот не е во законот да се утврдат критериуми, амандманот е Собранието да носи еднаш годишно критериуми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да потенцирам дека е навистина тешко да се одреди вистинската методологија за распределбата на средствата од ДДВ во конкретниов случај со кој што навистина сите општини би добиле реално онолку колку што, дали

онолку колку што им се потребни, или онолку колку што тие имаат врз основа на стопанисувањето на субјектите кои што се во нивната општина. Но, со овој предлог се дава на некој начин дискреционо право на Владата, иако тука е предвидено и Комисијата која што го следи развојот на системот на финансирањето на општините. Значи, ние сакаме со овој амандман тоа дискреционо право да не биде на Владата, туку таа методологија да ја донесе Собранието еднаш и таа би била навистина методологија која што би била комплексна и би ги задоволувала сите можни, да не речам варијанти, отстапувања понатаму кои што се јавуваат во секојдневното, или секоја година во работењето на општините. Оваа наша констатација ја има исто така и ЗЕЛС кој што исто така бара распределбата на овие средства да не биде дискреционо право на Владата, со тоа што ЗЕЛС бара тоа да биде одредено во законот за финансирање на едниците на локална самоуправа. Значи, и нашиот обид и обидот на ЗЕЛС е тоа да не биде обврска, дискреционо право и единствено право на Владата на Република Македонија. Сигурно ова е  резултат натоа што досега има многу негативни искуства во врска со распределбата на овие средства по општините, така што се јавуваат различно лоби групи од партиска, или било каква природа кои што известуваат за одредени општини да има повеќе средства, за одредени помалку, иако можеби состојбата на теренот е сосема спротивна од она што се добиваат тие средства. Инаку, јас и во првата фаза дискутирав дека е добро што критериумот по бројот на жители од постојните  80%, од 80%, 80, 10, 10 беше последната, значи е намалена на 50% и со ова практично не се фаворизираат општините кои што се густо населени и имаат мал број на населени места, туку со ова, значи го поздравувам што е смален процентот и тогаш реков, ќе се фаворизираат општините кои што имаат поголема територија и поголем број на населени места на таа територија, а не како досега, значи кога беше 80% бројот на жителите, значи се фаворизираат општини кои што беа густо населени и имаа мал број на населени места. Инаку и во досегашниот начин на функционирање сметам дека и во постојната методологија воопшто, или многу малку се придржувало на таа методологија и затоа е целокупниот овој страв и оваа желба да се уреди или преку Собранието, или како ние што предлагаме со амандманот, или во самиот закон како што предлага ЗЕЛС. Заради тоа јас апелирам позицијата да го прифати овој амандман со што сметам дека ќе се даде транспарентност на критериумите, а со тоа ќе се даде и транспарентност на распределбата на средствата од ДДВ. Инаку и во самиот закон, значи одреден е само едниот критериум и тоа одредена е долната

граница, значи бројот на жители најмалку 50% и други критериуми кои што сметам дека остава навистина голема лепеза и голема можност во тоа да Владата на Република Македонија зависно од моментите различно да ги распределува овие средства. Заради тоа уште еднаш апелирам пратениците од позицијата да го прифатат овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 8 за, 53 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не може да се прифати затоа што е во спротивност со одредбите на Законот за буџет и на извршување на буџетот и го дислоцира начинот и користењето на буџетот од Владата во орган кој не е дел од Владата на Република Македонија и е невозможен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратенци, од кои 4 за, 51 негативно.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата биле присутни 61 пратеник во моментот на гласање, значи гласањето било валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска-Цветанова.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа затоа што вака формулиран секој предлог станува облигаторен за Владата и практично е невозможно никакво буџетско планирање да се прави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 48 пратеници. Еден за,  воздржано и 45 негативно.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 63 пратеници, значи гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за додавање на нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 5, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатлив, меѓутоа е лошо формулиран.

Се предлага зборот “може” да се избрише, а за да функционира тоа што се сака да се направи треба да се избришат зборовите “може да”. Само зборот “може” ако се избрише амандманот ја изместува целата реченица. Значи, амандманот е прифатлив доколку предлагачот се согласи да се бришат збровите “може да” наместо зборот “може”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ги молам предлагачите да се произнесат за предлогот на министерот.

Дали сте овластени госпоѓо Самоиловска Цветанова од господин Никола Гуревски да го застапувате амандманот?

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА :

Не сум овластена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш треба да оди на гласање амандманот, не би можело да се смени.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

(Реакција на пратениците во салата).

Јас би замолила, бидејќи министерот се изјасни дека е прифатлив амандманот и едниот од двајцата предалгачи смета дека е прифатлива сугестијата на министерот, дали може да предложам пауза од 10 минути за да се консултираат...

(Реакција на пратениците).

Единствено на тој начин може да се консултира другиот предлагач.

(Консултација меѓу госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова и потпретседателката Лилјана Поповска).

Не е возможна консултација.

Во тој случај единствено останува сега да гласаме, а во текот на расправата по текстот доколку министерот процени така може да поднесе евентуално свој амандман.

Одиме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 8 пратеници, нема воздржани, 51 негативно.

Вкупно гласале 59 пратеници.

Но уште еднаш ги молам службите да го утврдат точниот број, бидејќи во меѓувреме имаше влегување и излаегување.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Присутни биле 67 пратеници што значи гласањето било валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 5, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 3 за додавање нова алинеја по алинејата 3, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Претходно образлагав зошто е важноста на оваа комисија да биде состав 4 плус 5. Овде се предлага да се измести и составот во пет плус пет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Јас барав збор за претходниот амандман, ама не ме видовте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа процедурално можете да реагирате. Сега веќе е расправа по амандман.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Не ме забележавте, кревав и рака и притискав и копче.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овде не се појави ништо.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од 67 присутни.

За гласале 5 пратеници, негативно 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 3 за додавање нова алинеја по алинејата 3, поднесен од Комисијата за култура.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 3 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не може да се прифати од истите причини, како и претходниот. Се однесува на истиот член.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа  Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Јас ќе дадам само кратко објаснување за мојот амандман кој се однесува на тоа што сметам дека Министерството за здравство ќе треба да партиципира со еден член во Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

Сите добро знаеме дека со Законот за локална самоуправа се зголеми бројот на надлежностите на општините и од тие надлежности огромен број се од областа на здравството. Поточно, најмасовниот сегмент од здравствениот сектор односно примарната здравствена заштита каде што граѓаните го остваруваат првиот контакт со давателите на здравствени услуги е предмет и е дел од оперативната програма за децентрализација на власта, а ќе потенцирам дека не само што Здравствениот центар е одговорен за здравјето на нацијата, на сите граѓани во државата, огромна одговорност понесува не само до сега и во иднина социјалниот мир во државатга.

Од тие причини сметам и мојата амандманска интервенција беше дека токму во оваа комисија заслужува здравствениот сектор да има свој член.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници од вкупно 68.

За гласале 5 пратеници, 1 воздржан и 52 против.

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Пирсутни биле 69 пратеници, што значи гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 3 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас би ги замолил пратениците за мало внимание, особено предлагачите.

Со амандманот се предлага да се бришат зборовите “најмалку два пати” а во членот каде што тие зборови се пишува “најмногу два пати”.

Значи Владата ќе го прифати амандманот, меѓутоа ако амандманот за бришење на зборовите “најмалку два пати” не постои, затоа што во текстот на законот пишува “најмногу”, а не “најмалку”. Таму повторно е направена техничка грешка при предлагањето.

До колку се прифати да се избришат, не зборовите “најмалку”, туку “најмногу”, што е очигледен пропуст кај предлагачите, тогаш Владата го прифаќа амандманот. Инаку зборот “најмалку” не постои во законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во консултација со секретарот констатиравме дека нема проблем, тоа е очигледна техничка грешка. Во тој случај амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Славе Арсовски, Талат Џафери и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Нашата идеја со колегите кои го предложивме амандманот, иако знаеме дека има одредени недоречености околу правната помош за таквото запирање на тие плаќања, се работи за оние фактури кои фактички нема да бидат опфатени со планот за извршување на преостанатите обврски и на еден начин не да ги заплашиме, не да ги дисциплинираме градоначалниците, туку на еден начин да гледаме што подобро да се остварат старите заостанати обврски.

Но, бидејќи има одредени правни недоречености во име на предлагачот, амандманот го повлекувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот на член 46 став 1, поднесен од Комисијата за култура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на  член 47 став 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Тука се предлага казнената политика на законот да се промени, меѓутоа за жал овие одредби се усогласени со соодветните закони кои пропишуваат прекршоци и казни и тие се во тие рамки, не можеме вон од нив. Значи не можеме амандманот да го прифатиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине министер, овој амандман е ставен со цел да се превенира можната злоупотреба на државните пари. Јасно кажавте дека не може бидејќи е усогласен со казнениот систем на Република Македонија, меѓутоа сметаме дека износот од 30 до 50 илјади денари е сосема ништо во однос на сето она што е наброено, што би можело да биде злоупотреба на државните пари и токму заради тоа мислам дека би требало да се изнајде начин и да се прифати овој амандман, па ако треба и да направиме промена во казнениот систем во делот на казните за прекршоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници од кои 7 за, 56 негативно.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 47 став 1, поднесен од пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувана потпретседателеке, почитувани колеги, почитуван министре,

Пред нас го имаме Предлогот на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа знаејќи дека локалната самоуправа е темелна вредност на Уставот на Република Македонија, а со тоа и законот за локална самоуправа спаѓа во редот на системските закони кои на генерален начин ...

(Некој од пратениците излегуваат од салата).

Ќе почекам малку, затоа што гледам дека поголем дел од пратениците сакаат да излезат.

Овој закон е само почеток на имплементирањето на огромен број на закони кои треба да го заокружат начинот на функционирање или управување на единиците на локалната самоуправа во наредниот период. Сигурно дека една од најважните области се секако финансиите. Овој пакет на закони е пред нас и тука би почнале со законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој треба да ги

удри темелите на самостојноста на единиците на локалната самоуправа. Значи, овој закон треба да создаде рамнотежа помеѓу надлежностите кои очиглендо и премногу се зголемуваат и финансиските средства со кои треба да се остваруваат овие надлежности. Значи за сето она што можеме како обврска да им го дадеме на единиците на локална самоуправа за тоа истите треба да имаат и финансиски средсртва.

Со овие закони кои треба да ги усвоиме не треба процесот на децентрализација да го направат процес на деконцентрација. Тоа е само пренесување на функциите или процес на поскапување на услугите кон граѓаните. Значи имаме ситуација, ако единиците на локална самоуправа се продолжена рака на централната власт тогаш ќе имаме само деконцентрација, што постои и денес со подрачните единици на ресорните министерства, тогаш постои недовлна самостојност и тоа не е децентрализација. За ова истото Владата во Предлогот на законот кој ни беше понуден во месец декември од образложението и причините со кои се донесува законот има наведено дека Европската повелба за локална самоуправа со ратификацијата од страна на Република Македонија стана дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, не може да се менува со закон и мора да се применува и почитува. Повелбата пропишува законско гарантирање за висок степен на локална автономија и непосредно учество на граѓаните во управувањето со јавните работи.

Ова е она за кое што Владата го носи законот. Што се однесува до квалитетотот и чинењето на службите кон граѓаните е основата за оваа централизација. Тие услуги треба да бидат подобри и да поефтинат. Би посакал на самиот почеток да се проговори и за оние основи на локалната самоуправа, за темелните принципи и како истите би требало да функционираат.

Во нашата држава, би сакале сите да се приближиме кон законите што владеат во Европската Унија, но сепак неможеме директно да ја пресликаме од тие држави нивната легислатива да биде одлучувачка за тоа како ние ќе ја развиваме локалната самоуправа. Мислам дека како држава со посебни интереси, со посебни специфики тоа од економски, етнички, историски и било какви други специфики, ќе стигнеме малку да поработиме повеќе од она што значи директно пресликување на легислативата. Дали тоа доаѓа од островскиот или од континенталниот дел на Европската Унија. А за да го сториме сето тоа во моментот требаше да ги вклучиме

сите стручни луѓе во државата од финансиската сфера, а уште повеќе од заедницата за единиците на локална самоуправа. Луѓе кои се директно вклучени во работата и управувањето на овие единици и кои директно знаат што во моментот овие единици работат, колку се нивните досегашни приходи и уште колку пари ќе им требаат за нормално да работат. Но гледајќи што добиваме како закон и незнаејќи кој се бил вклучен во донесувањето на овој закон, поради нетранспаретноста што се случува како и за другите закони што досега се поврзани со единиците на локална самоуправа, Владата се обидува да ни објасни дека поради нашата нестручност, поради компексноста на законите и друго не сме ги разбирале. Верувајте ми дека сложеноста на законите е таа што законот го донесуваат граѓаните и се прави како таков неприфатлив за нив, за кој што всушност, и се донесува.

Затоа, во овој момент ќе треба да се направи едно добро согледување и проценување на ситуациите во општините, нивните капацитети, како човечки така и економски ресурси, за да донесеме сега еден добар закон, затао што ако донесеме лош закон, тогаш тој може да биде оној што ќе направи и да украде многу повеќе, не во буквална смисла, отkллку сите крадци кои би зеле од овие единици на локална самоуправа. Затоа и ова што денес господинот министер прифати некои амандмани кои што се суштински и кои што ја менуваат целата концепција на Владата која ја имала, мислам дека требаше да се размислува многу повеќе. Затоа јас како граѓанин имам една дилема. Дали не е подобро набрзина да донесеме еден нецелосен закон, кој што го сметаме целосен и покрај министерот што објасни многу работи, но се обидува и самиот да си ги објасни, а потоа да го менуваме многу пати, или пак да почекаме да се направат сите претходни анализи, па потоа да го донесеме законот кој не ќе мора толку често да го менуваме, затао што овој закон со пакетот на закони требаше да биде донесен уште во месец октомври 2003 година. Сега е месец септември 2004 година, овој закон има уште многу недостатоци. Можеби подборо е да се причека некое време да добие потврда од срeдините за кои што треба да биде решение за да можеме потоа да им објасниме на граѓаните што значи една земја да има успешна децентрализација мораме да направиме споредба со државите од Европската Унија. Еден од факторите е буџетот на локалната самоуправа колкава е неговата големина. Во државите на Европската Унија таа стапка се движи околу 22% од вкупните јавни трошоци, во Скандинавија 33%, додека пак потрошувачката на овој буџет на локална самоуправа во Европската Унија е

околу 9% од бруто домашниот производ, а во Република Македонија со овие измени мислам дека ќе достигне до бројката некаде околу од 2%.

Значи ова е еден од условите да се приближиме. И втор услов беше самофинансирањето кое во Европската Унија е 55% во Скандинавските земји дури 75% и во Грција, тој процент на Европската Унија изнесува најмалку, тука е 33% а во Македонија отприлика 20%.

Во земјите на Европската Унија скоро 27% се од локални даноци, 17% од таксите, а 13% од парични казни, камати и продажба на општествена сопственост. Значи ова е тој нефискален дел. Во овие држави локалните даноци, се даноци од имот и персонален данок, кои сега се третираат и во овој наш закон, зашто ќе проговориме подоцна. Во моментот, а и начинот на кој што ќе се собираат овие локални даноци, тие всушност претставуваат трансфери од централната на локалната власт. Кај нас општините немаат ниту контрола на даночните стапки и за ова ќе мора да се води многу грижа за одредени програми кои ќе обезбедат некаков воедничен развој на сите општини, т.е. единиците на локалната самоуправа, што секаде се прави во светот, оние понеразвиените да добиваат повеќе донации или грантови и да се приближуваат до оние што имаат побрз развој. Но ќе треба да се постават и лимити на висината на даноците, што ќе им се дозволат на единиците на локална самоуправа, така што ако овие лимити се пробијат, тогаш државата интервенира и го спречува истиот. Со законот што го носиме не ја гледам функцијата на децентрализираниот фискален систем, затоа што овде не се гледа во целост како, колку и кога ќе се префрлат приходи од централната власт кон единиците на локалната самооуправа, затоа што во законот никаде не се гледаат критериумите вградени врз основа на кои единицата за локална самоуправа ќе добие поголеми трансфери од централната власт.

Значи, генерално ова е еден од најосновните закони кој треба прв да се донесе, да се види економската издржливост, или одржливоста на општините што е еден од најважните фактори за основање на територијалната поделба. Ние за ова говоревме, такви податоци не добивме, но еве законот е пред нас.

Околу прашањето на локалната самоуправа можеме да говориме и до пред 1999 година кога граѓаните имаа широки права, поголеми од овие денес, но тие не ги остваруваа и беа незадоволни од законската поставеност. Затоа и сега не треба да се пренесат надлежностите, туку треба имплементација, законите да бидат прифатливи и за граѓаните и за централната власт, т.е. едните и другите да имаат

контрола врз собирање и обработка на финансиските податоци. А граѓаните се тие што треба да можат да ги контролираат единиците на локална самоуправа и да знаат што од нивните пари и за што тие ќе бидат потрошени. Дали парите од нивните даноци ќе придонесат за развој на општината, т.е. на нивната единица за локална самоуправа и колку единицата за локална самоуправа ќе може да ги стимулира своите граѓани да отвораат бизниси и заработуваат, со што корист ќе имаат и единиците за локална самоуправа. Затоа, еден предлог ми изгледа многу прифатлив, а тоа е Владата да обезбеди поголем транзиционен период во кој што ќе формира комисија која што ќе врши едукација на кадри за овие единици на локална самоуправа, поради тоа што голем број од парите на граѓаните ќе се трошат за такви ситни проектчиња кој што ќе ги трошат единиците за локална самоуправа за обучување на своите кадри и повторно нема да се добиваат едуцирани кадри кои ќе помогнат во реализацијата на финансиската самостојност на единиците на локалната самоуправа.

Значи за овој период најважно што ќе треба да се направи е да се обучат стручни лица кои што ќе треба да ги превземат обврските од централната власт и да ги спроведат во своите единици на локална самоуправа без проблем да ги доближи до граѓаните.

Нешто што генерално ќе треба да се проговори, тоа е во врска со донациите на Владата и во однос на она што досега се прифаќало како локален проект. Но после тоа во одржување на истиот проект проблеми има дури и самата држава. Значи тоа е проблемот на одржливоста и покрај тоа што за многу од овие проекти и покрај потрошените пари некои не се ставени во функција, голем дел неможат да се одржуваат и тука се големите проблеми. Тука како наједноставно и најголемо би го зел колекторскиот систем во Преспанското Езеро, за кој што се потрошени десет милиони долари и кој што не е во функција, прочистителните станици кои пропаѓаат и други проекти кои не носат ништо квалитетно, т.е. не функционираат.

Токму поради ова, за сите вакви проекти треба да се формира тело на државно ниво кој сите овие стратешки објекти ќе ги разгледа и ќе донесе одлука за нивно отворање. Можноста за издржување и самоодржување со тоа што утре да на бидат на товар на државата, ако се натера единицата за локална самоуправа сама да ги заработува парите, да не ги очекува трансферите, ќе биде принудена да ги бара дополнителните средства и лесно ќе соработува со деловниот, туристичкиот, културниот, спортскиот и останатите сектори во локалната самоуправа кои ќе носат

придонесеи. Значи дел од овие обврски ќе може да ги пренесе за развој на мали бизниси, самовработување, специјализација и се друго штоќе направи напредок во општината. Значи со ова погоре кажано, ние сакале или не принудени сме да дојдеме до толку посакуваната либерализација за да може сето ова да се одржи и да заживее. Да предвидиме она што претставува директно читање на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и да видиме споредбено што впрочем нуди ново на граѓаните во однос на постоечкиот начин на локално функционирање и финансирање кое е во важност од 1995 година. Во периодот на транзиција изворите на приходите на локалната самоуправа се следните: даноци, во кој што спаѓа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и права, данок на промет на стоки и услуги. Но истиот не беше разработен со други закони и како таков не се искористи во приходите на локалната самоуправа.

Во точката 2 такси, надоместоци и други приходи, тука спаѓа земјишната такса, надомест за користење на градежно земјиште, комунална такса, приходи од сопствен имот, добивки од јавни претпријатија што ги основа единицата за локална самоуправа, значи водовод, канализација, собирање смет, локален превоз и друго, средства добиени од државни органи или агенции, тоа беше Фондот за неразвиени подрачја, програмите за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локалните патишта и улици, програма за изградба на водоводи во Република Македонија и буџетски трансфери. Другото е донации и локалните придонеси во кои се сфаќаше работната рака, или финансиската помош од граѓаните.  Од сите овие давачки единицата за локална самоуправа има право да наплати директно земјишна такса, надоместок за користење на градежно земјиште, донации да прима директно, а исто и локалните придонесеи преку јавното претпријатие кој тие го формирале.

Во новиот закон нешто што е различно тоа е во член 4 ставка 4 алинеја 3 приходи од продажба на имот, со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините.

Јас мислам дека тоа треба да биде малку појасно искажано што значи тоа за што не се нарушуваат јавните функции и надлежностите на општините. Мислам дека министерот ќе објасни. Во делот 5 ставка 5 дел од  приходите од персоналниот данок на доход ставка 7 - приходи од парични казни утврдени со закон, значи овие се трите нови работи кои што влегуваат и не биле предвидени со претходниот закон.

Сега би преминал директно на некои точки од Законот со кој што би сакал да прозборам, да искажам некој мој коментар и забелешки што беа изнесени во првата фаза од донесувњето на законот. Јас би сакал она што го имамвме пред нас како Предлог-закон во декември 2003 година, за кој што расправавме во февруари 2004 година и ова што сега е втората фаза и она што кажавте дека треба да биде усвоено како завршно и конечно решение на законот.

Значи би почнал со членот 2. Во членот 2 дали е техничка грешка или по објаснувањето во дефинициите едноставно во законот кој што го понудивте претходно стоеше општината е единица на локална самоуправа. Сега под став 1 имате поим од општина, го вклучува градот Скопје, освен ако не е поинаку утврдено со овој закон. Дали поимот општина треба да се вметне во членот 2 или не треба да стои, мислам дека ќе ни дадете објаснување дека е техничка грешка и пропуштено, или е намерно пропуштено. Во членот 2 став 2 за разлика од првата верзија додавате после донации и други приходи утврдени со закон. Мислам дека треба да бидат назначени кои се тие приходи и како ќе бидат тие утврдени.

Во членот 3 приходи од ДДВ, значи останатите даноци ги изостава. И на крајот имаме во членот 4, нов е ставот 8 други приходи утврдени со закон, повторно како и во претходниот член каде што имаме други приходи утврдени со закон и тука завршува се.

Понатаму, во членот 5 каде што стои дека приходите од персоналниот данок на доход наплатени во тековната година да се распоредуваат по општини и тоа 2,5% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати на физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште. Во првата верзија тоа беше 3,1%, сега 2,5%. Јас би сакал да знам која е методологијата со која што е дојдено до бројката 3,1% а сега 2,5%, затоа што сега вие ја намалувате дека таа вредност е многу мала околу 80 милиони од вкупните средства кој што ќе ги има општината, но дали имаме пресметка и што ќе се случи ако имаме намалување на буџетските приходи по овој основ и доколку има да се презентира и даде на јавноста. Огромната нерамномерност што ќе се јави во општините би требало да се реши со дотации или грантови за постигнување на она што го говоревме како рамномерен развој. Овие приходи барем во нашата држава се доста несигурни и постои тренд на намалување на масата на пари, пред се поради невработеноста. Значи овој начин на финансирање на единиците на локална самоуправа ќе треба да придонесе за развојот на останатите нефискални приходи

кои ќе ги обезбедат единиците за локална самоуправа да ги развиваат сопствените надлежности кои ќе донесат сопствен систем на приходи. И во истиот член 5 ставка 2, 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност а се регистрирани согласно Законот за занаетчиска дејност, не е кажано кој е го прибира тој данок, дали тоа е Управата за јавни приходи, или пак директно тоа ќе го прават општините. Во член 8 дотации од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите ставка 3 видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Македонија и буџетите на фондовите. Тука повторно ќе дојдеме до истата ситуација, бидејќи во ставка 4 каде што надлежните министерства и фондови најдоцна до 30 јуни, сега е 30 април во тековната година ги објавуваат утврдените критериуми. Значи треба да најдеме нечин како овие критериуми тука треба да бидат искажани, така што секоја единица за локална самоуправа има право и можност да може да функционира и да ги бара овие дотации од Буџетот на Република Македонија и за што всушност станува збор. Тука треба да има малку поголемо известување.

Понатаму следи членот 9 за кој што дадовте едно поисцрпно однесување и кажувате дека со членот 9 ние стигнуваме до една ситуација каде што сега говориме за приходи, порано беше даноци сега се ДДВ. Ова е всушност оваа новина која што се обезбедува за единиците на локалната самоуправа тоа беше во првата фаза 1%, во Предлог-законот што ни го понудивте во месец август беше последното во месец јули 2004 година, 2,5% и на денешната седница тоа станува 3%. Што ова значи од вкупно наплатениот данок на ДДВ остварен во претходната фискална година. Тука вие дојдовте денеска до бројката и ние сите заедно бидејќи ова е составен дел на законот, до бројката од 3%.Се обидувате да кажете за ставот 3. Ставот 3 е добро прочитан и мислам дека освен ова 50% кој што во претходниот закон ни беше понуден во членот 9, каде што кажувате распределбата на приходите од даноци се врши според критериумот по жител и други критериуми утврдени со уредба за методологија донесена од Владата на Република Македонија. Значи овде ќе немаме апсолутно никаква промена освен расспределбата на приходите од ДДВ се врши најмалку 50% според критериумот по жител критериуми утврдени со уредбата. Значи одиме повторно на истото. Владата на Република Македонија донесува уредба на предлог на министерот за финансии со претходна согласност на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната година.

Доаѓаме господине министре ова што го говоревме дека токму тоа можеби е проблемот. Вие сега на оваа седница прифативте тоа да биде 3%.Дека критериумот 50% значи дека тоа се половина од средствата. Што останува со останатите половина.  Комисијата која што ја кажувавте, за која што ќе проговориме во натамошниот член беше досега во соодност 3:4.Сега го направивте соодносот да биде 4:5. Имаше предлози од колегите пратеници од различни комисии за образование и за здравство, значи можеше тоа да биде и 5 со 6, така да апсолутни немаше да има некои поголеми проблеми како што тргнале работите. Затоа што и понатаму ќе видиме дека некои работи се носени,  можеби сте размислувале малку повеќе, но во секој случај вашето објаснување дека тие 50% се само 50%, тоа се половина од парите што треба да ги добие една општина. Значи уредбата и критериумите ќе бидат многу важни/. Ние кажуваме дека и зединицата и единицата за локална самоуправа треба да учествува со пет члена што и во законот беше дадено дека единиците за локална самоуправа активно ќе учествуваат и на нивните 40 референдуми апсолутно никој не одговори. Предллогот што го понудивте како закон многу добро кажува дека ние со ова, уште еднаш да ве потсетам во објасснувањата и во причините за донесување на законот говорите дека Европската повелба за локална самоуправа со ратификација од страна на Република Македонија стана дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија. Не може да се менува со закон и мора да се применува и почитува. Значи повелбата пропишува законско гарантирање за висок степен на локална автономија и непосредно учество на граѓаните во управувањето со јавните работи. Тоа е ваше господине министре, ова е декември 2003 декември месец. Значи многу е јасно барањето на сите нас што всушност ќе значат тие 50% од останатите средства, како ќе се распределуваат по општините, најмногу ќе ги интересира сигурно греаѓаните и оние што треба да ги водат единиците на локалната самоуправа. Тоа е дефинитивно јасно. Значи треба да ги имаме овие уредби, на предлог на министерот за финансии затоа едноставно транспарентноста треба да ја зголемиме.

А понатаму, член 10 говори за наменски дотации. Беше ресорните министерства, сега станувааt надлежни министерства, во ставот 2 надлежните министерства и фондовите му предлагаат на министерот за финансии за распределба на наменски грантови  по општини и тоа по проект, по институција и програма со буџетска пресметка за следната буџетска година.

Значи, повторно имаме Министерството за финансии, повторно ќе одлучува министерот и Владата, повторно немаме тука самостојност во одлучувањето на градоначалникот и Советот на единиците на локална самоуправа, или едноставно да се најде некој начин како тие понатаму ќе функционираат, или едноставно да се најде некој начин како тие понатаму ќе функционираат или ќе бидат само сведоци на она што се случува и во Министерството и во она што вие го предлагате како уредба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, се извинувам, само да ве информирам уште 3 минути имате до паузата. Па ако може да видите, веројатно ако имате продолжение голем текст, ќе треба да направите пауза на соодветно место.

Немате можност за овие три минути уште нешто да кажете?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не. Имам уште.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш пауза до 14,00 часот.

(по паузата седницата продолжи да работи во 14,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, продолжете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, године претседателе,

Почитуван министре, застанавме кај капиталната донација членот 11. Имено во став 3 од член 11 кажувате дека надлежните министерства и фондовите ќе го следат користењето на капиталната донација. Во претходната верзија беше зборот “контролираат”. Дали зборот “следат” е посоодветен збор, не би прифатил дека е така. А во ставката 2 вели “приоритет ќе се дава на проектите со целосно обезбедени финансиски средства и на веќе започнатите, а не завршени проекти”. Јас незнам што тука ќе контролира надлежното министерство, ако сите средства се обезбедени и ако овој проект е финансиски заокружен. Едноставно, како што стои во законот, приоритет ќе даваат на проектите со целосно обезбедени финансиски средства и едноставно нема никаква логика затоа што ако се обезбедени финансиските средства нема за што да давате вие дотации. Во ставот 5, мислам

дека имаше амандман за истиот каде што стои "кај општините кај кои ќе се констатира ненаменско трошење на средствата може да се стопира финансирањето на капитални инвестиции. Зборот "може" според мене би требало да се отфрли и би требало да се стопира финансирањето на капитални инвестиции, доколку тоа така е заклучено.

Вио членот 12, став 2, "надлежните министерства и фондовите изготвуваат методологија за распределба на блок дотации кои се базираат на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма, Владата на Република Македонија донесува уредба за методологија". Повторно доаѓаме на истата работан. Мислам дека оваа уредба со методологијата треба да биде доставена на разгледување и луѓето едноставно да имаат можност да ги разгледуваат сите овие работи и да можат да донесуваат свои критериуми.

Во член 13 имате новина каде во ставот 4 сега стои "министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на општинаа, склучуваат договор за регулирање на меѓусебните односи сврзани со дотацијата за делегирана надлежност". Претходно беше одговорно лице, на местата каде што стои министер. Сега доаѓаме кај став 6 каде се вели "орденот на државната управа го известува Министертсвото за финансии за склучените договори за делегирана надлежност". Сега или има некое недоразбирање, затоа што министрот кој го зклучува договорот треба да биде известен од органот. Тука доаѓаме во ситуација тој што веќе го потпишал договорот да биде известен од Министерството, од органот на државна управа. Мислам дека нема некоја поголема логика. Во претходниот став, ставот 5 каде се објаснува, вели :"доколку градоначалникот на општината не ја изврши делегираната надлежност средствата примени за финансирање на делигираната надлежност се должи да ги вратат во Буџетот на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на кој требало да отпочне со делегираната надлежност, (од став 1 на овој член, согласно договорот од став 4 од овој член), освен ако постоеле објективни пречки). Јас мислам треба да се нагласи кои се тие објективни пречки затоа што можеме да бидеме кон едни мајка кон едни маќеја. Така да нешто што за една локална самоуправа да биде одземање на средствата за другата да значи дека имало објективни причини и ова да не се вратат овие средства. Ова е во најдобра намера да биде регулирано со закон и за сите да важи она што ќе биде за едната локална самоуправа и да важи за сите останати.

Понатаму, стигнуваме до еден интересен  член, вие тоа го направивте Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините мислам 14, каде што сега соодносот е 4 со 5, досега беше 3 со 4, можеби е вака подобро, има поголем број на членови, поголемо мислење, и размислување и да се стигне до критериуми кои што ќе значат добро за локална самоуправа. Но во членот 16, оној што го говоревме во општата расправа за локална самоуправа за вршење на работите од став 1 на овој член, општината може да склучи договор со друга општина или со управата за јавни приходи.

Јас сега би замолил дали министерот воопшто има некое сознание колку се во вакви општини, кој што треба да склучат меѓусебни договори со други општини или пак колку упрвата за јавни приходи на овие што сега ги напавивме по новата локална и територијална распределба ќе може да функционираат на овој начин со склучување договори со сите општини. Значи и тогаш имаше предлог за некои општини што се укинуваат дека ваквиот начин на функционирање едноставо ќе донесе тие општини и понатамну да егсистираат. Но, тогаш имаше мислење дека тоа не може да биде, но сега идеме во ситуација дека еве ќе се најде начин ова да профункционира.

Истото важи за внатрешната ревизија, значи во членот 37 став 6, стои повторно истото дека може да се склучи договор со друга општина едни со управата за јвни приходи.

Понатаму, член 18 задолжување.

Општината може да се задолжува во земјата и во странство според услови утврдени со Закон дали за ова имаме конкрето мислење на меѓународниот монетарен фонд, едноставо да не ни се случи после добивањето на тие грандови да се јави проблем, така да меѓународниот меѓународен фонд едноставно да не сака да ги прифати овие задолжувања. Тука можеме да дојдеме до еден проблем. Ставката 2 општината може да се задолжува во странство само по претходна согласност беше досега за Министерството за финансии, сега се подигнува нивото и тоа е одговорно Владата на Република Македонија врз основа на мислење.

Јас сето ова би го прифатил, ако ние претходните месеци разговаравме за некои заеми или задолжувања на акционерски друштва. Мислам дека и тука владата би требало да биде директно таа што ќе ги одобри овие задолжувања во странство, затоа што можат да се случат злоупотреби. Значи, некоја единица за локална самоуправа свесно или несвесно да направи долгови за кои и до ден денес не

можеме едноставно да ги најдеме и тука мислам дека тоа што Владата влегува во игра е сосем во ред и ова е добро, прифатено од првото разгледување.

Во членот 20 долгорочно задолжување ставка 3 Советот на општината го одобрува долгорочното задолжување по претходно одржана јавна расправа на која е опишан проектот и се објаснети условите за негово финансирање. Јас мислам дека тука веќе се работи за Советот на општината, да поддржи за поголеми капитални објекти, едноставно да биде во функција распишување и на референдум. Зошто мислам дека ќе биде поиздржан затоа што знаејќи ги советите на општините и како тие функционираат во моментот и како тие ќе функционираат и понатаму, се надевам дека ќе функционираат малце подобро отколку сега, но за секој случај за такви капитални објекти мислам дека ќе биде добро во таа ставка да влезе и референдум. Ова уште еднаш ви го предлагам мислам дека вреди да се размисли за да можат граѓаните да се изјаснат затоа што се работи за средства кои што тие ќе треба да ги исплаќаат.

Понатамју, во член 28, членот 28 донесување на Буџетот, може би е истото, да не се дојде до последниот квартал сега имаме 1/12-тина од извршените трошоци во претходната година, и тоа е една модулација која што на некој начин е да ја прифатиме дека е пореална, затоа што обично се случува, во последниот квартал да бидат поголеми трошоците, ова во жленот 29 огранижувањето најмногу 2 пати во годината, мислам дека како амандман го прифативте и тоа е во ред, значи стигнавме во ситуација да нема ограничување затоа што многу често се случува ребалансот на Буџетот. Прашањето беше дали и што ќе се случи ако советот и по втор пат не го прифати ребалансот на Буџетот тогаш требаше да правиме проблеми.

Во членот 32, периодични финансиски извештаи каде има усвојувње на извештајот на градоначалникот, ако тоа не биде усвоено од Советот, тогаш што се случува? Казната, како што имате предвидено е некаде 50 иљјади денари. Градоначалникот може да направи што ќе направи и со тоа казна само поминува. Дали тоа е она што ние треба да го добиеме, што може да се случи токму поради ваква ситуација  овој финансиски извештај да носи нешто друго што треба да помине на Советот, останува само да биде казнет градоначалникот за нешто што треба да биде казнето со многу поголема одговорност.

Во глава 7, сметководствена евиденција, контрола и ревизија, во членот 37.

Во членот 37 кој треба да биде во важност после една година, гледајќи ги завршните одредби, доаѓаме до ставката 3, “внатрешниот ревизор треба да има завршено економски или правен факултет и најмалку 2 години работно искуство во областа на финансиите”.

Јас сега ќе ве потсетам на она што беше предлог и мислам дека апсолутно, баш на оваа стапка немаше некои поголеми забелешки. Значи внатрешниот ревизор, треба да има завршено економски факултет и најмалку 5 години работно искуство во областа на финансиите и да е оспособен за примена на меѓународните стандарди за внатрешна ревизија. Тоа сега вие го отфрлата, кажувате дека за тоа треба само две години работно искуство во областа на финансиите. Дали не треба повеќе да ги разбирам овие работи, како ревизор, што се случува во меѓународните стандарди, очекуваме прашалникот на  1 октомври да биде дојден, како ќе се снаоѓаат тие луѓе кои треба да функционираат со законите кои треба да ги носиме. Мислам дека оваа промена апсолутно не држи, повторно треба да се вратиме на она старото дека треба да има работно искуство и она што го говорев, значи еден период на оспособување на луѓето кои ќе ги вршат тие работи, затоа што тоа е многу важно.

Понатаму член 45 во кој кажувате дека средствата за оние општини кои се блокирани повеќе време, дали Владата ќе ги исчисти нивните сметки, или пак таму луѓето, поради тоа што претходната локална самоуправа била неодговорна, луѓето ќе останат без своите права, што треба да ги реализираат во единиците на локалната самоуправа , дали едоставно тука кажувате до 31 декември 2004 година се прифаќа, што со претходните задолжувања и како Владата ќе најде решение за овој проблем. Во истиот член 45 во став 2 алинеја 4 и 5, се кажува за најмалку, беше 4 вработени, сега стануваат 2 вработени. Во рамките на општинската администрација имаат 2 вработени кои се квалификувани да работат во областа на финансиското управување, подготвување на буџетот неговото извршување сметководствените и финансиските извештаи и под б. - во Рамките на општинската администрација имаат најмалку, беше 6, сега 3 вработени кои се квалификувани да работат на утврдувањето и наплатата на даноците. Мислам дека овој член вака изнесен е во колизија со член 48 став 2, каде што пишува - просториите опремата и средствата за работа на одделението за финансии и заеднички работи се преземаат согласно бројот на преземените работници. Сега дали општината треба да ги има во старт овие 4 плус 6 тоа се 10 вработени, или по новата верзија што ние понудена 5

вработени, па потоа ќе преземе од единиците на локална самоуправа или од централната власт, од вашето министертво, незнам од каде е предвидени овие стручњаци да бидат префрлени во овие единици. За мене е многу нелогично, и мислам дека овие два члена треба да се разгледаат, член 48 став 2, и член 45 став 2 алинеја 4 и 5. Мислам дека тоа тука не е во ред, затоа што и понатаму, во многу од нашите единици на локална самоуправа би останале да функционираат, посебно рурални средини вакви пет вработувања. Мислам дека едноставно се неодржливи во многу од нив и многу од ингеренциите нема потреба и да се префрлаат. Значи образование каде просекот е накаде 50-60 години, на луѓето што живеат во тие единици, така во однос на овие вака дадени закони и жленови во Законот, мислам дека се работи за нешто веќе договорено или нешто што едноставно нема веќе да функционира и нема да соодветствува со она што навистина се случува во нашите единици на локална самоуправа.

Членот 47 став 1, говориме дека општината се задолжи казната за одговорното или ракоодното лице, ќе се казни со прекршок од 30 до 50 илјади денари, што мислам е многу минимална казна. Општината се задолжи во странство без претходна согласност на Министерството за финансии. Член 18 став 2. Но членот 18 г-дине министре, ставот 2 сега е променет во новиот закон, значи не може Министерството за финансии, туку Владата на Република Македонија или треба тука да се изврши интервенција, Министерството да се замени со Владата на Република Македонија или пак да дојдеме во ситуација членот 18 став 2, да стои Министерството за финансии. Значи двете работи заедно неодат.

И казнените одредби, мислам дека казните се мали, знаејќи за колкави вредности се работи во овие единици за локална самоуправа и воедно мислам дека треба да биде и да се бара и кривична одговорност и поголема парична казна. Со ова мислам дека ќе дојдеме во ситуација да ги спречиме овие финансиски малверзации барем дел од нив.

Значи задолжувањата на локална самоуправа со посебни закони да се следи со соодетни финансиски извори за реализирањето на задачите. Пред тоа мора да се направат реални проценки, акциони планови за динамиката на пренесувањето на надлежностите кои финансиски ќе бидат подржани. Општа е дека со земјоделското земјиште треба да стопанисува локалната самоуправа која ќе го дава под концесија или под закоуп. Заради тоа треба да се реши прашањето на трансформација на земјоделските задруги и нивниот имот. Градежното земјиште кое што се говори во

почетокот изградено и неизградено да биде избор на приход на општината, заради уредувањето и експропријацијата за реализација на урбанистичките планови.

Тука би сакал и да проговорам и за едно друго крупно прашање на кое што долго време барам одговор сеуште не сум го добил. Што добиваат населените места од она што значи експлоатација на рудни богатства и минерални суровини, што од тоа останало за нив. Тоа во моментов загадување на природата, прашини, емисија и емисија на гасови ЦО2, голем број заболувања во овој момент би кажал тука за РЕК Битола кој што функционира веќе 30 години, што РЕК Битола направила за РЕК Битола, кој што функционира веќе 30 години, што РЕК Битола направила за општина Битола, за општина Новаци, и околните општини, мислам дека направила многу злоа, многу малку ефекти од работењето на РЕК Битола се сллучени и единицата за локална самоуправа ги има истите за да може да функционира. Мислам дека тука процентот од концесиите што се даваат дали тоа минерални, рудни богатства, треба да дојдат во ситуација да дел од нив единиците за локална самоуправа ги користат да не оди директно на ниво и тука сега се прави уште една ситуација.

Јавните претпријатија, кои што се формирани во моментот че седиште е префрлено во Скопје, дали значи дека овој закон што се носи за данокот на личен доход, дека треба да остане во Скопје, или тие даноци ќе се префрлат на ниво на општина Битола каде што тие работат, затоа што во РЕК Битола имаме вработени во самото претпријатие од општина Демир Хисар, од соседните општини од Прилеп, така да мислам ќе се направи една голема збрка и тука ќе треба многу работа, за да се дефинираат кој како и како ќе се движат тие пари. Гледајќи ги сега општините како функционираат и кои надлежности ќе ги добијат тоа што се префрлаат законите и правата и обврските кон нив, јас сега едноставно се прашувам како може во моментот спортот, образованието, директно да подпаднат под управувањето на единиците за локална самоуправа. Ако вие г-до од Министерството за финансии, ни обезбедите некој начин, за дел од средствата дали се тоа даноци, дали од данок на добивка, или незнам од кои даноци, бидејќи данок на добивка во моментот во Република Македонија ретко кој пријавува но некој од даноците да може да бидат инвестирани директно во спортот и во културата, за тоа што овие две активности оставени на единиците на локална самоуправа гледајќи како тие денеска функционираат мислам дека за кратко време тоа ќе биде крај за нив. Затоа што едноставно никој не пројавува никаков интерес кон овие општествени активности.

Тоа се виде многу скоро го видовме и на Олимпијадата, после тоа можеме да се вадиме на многу работи но факт е дека и државата како држава не ги обезбеди овие средства а колку тоа ќе може да го направат единиците на локална самоуправа. Во однос на спортот и на културата едноставно имам голема дилема и мислам дека тука ќе треба да се направи нешто многу повеќе. Значи, она што го направивте како пилот општини мислам дека требаше да се почека со сите овие ингеренции кои што ќе се префрлат на тие општини, да добиеме сознанија, да добиеме резултатити за нивната работа, дса не дојдеме во ситуација на хаос, значи ние сме свесни дека децентрализацијата е добро за сите нас, мора тоа да се направи, тоа е факт, ако сакаме да имаме управување.

Да не се случи наместо да направиме децентрализација и она што е добро, во моментот да го уништиме, а да не направиме ништо за понатамошниот развој на општините, затоа што основна функција кај секого има граѓанинот. Ако граѓанинот во таа општина не добие подобра услуга и ако не добие подобри и поквалитетни начини за да ги спроведува своите активности, мислам дека апсолутно не постигнуваме ништо само ќе ги обврземе нашите граѓани на давачките кои што треба да ги плаѓаат, но од друга страна за истите обврски кои што се зголемени во моментот едноставно нема да му понудиме ништо подобро. Се надевам дека дел од овие забелешки г. министер и Министерството ќе ги прифатат и покрај тоа што не интервениравме амандмански, мислам дека има простор сеуште за нешто што стварно држи, дека минситерот ќе покаже желба да го прифати тоа. Благодарам г. претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г. Мавровски. Бидејки г. Марјан Ѓорчев не е присутен, следниот за збор е пратеникот Гајур Сарч, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете г. Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Благодарам г. претседателе.

Почитуван претседателе, ценети претставници на Владата колеги пратеници,

Денес на дневен ред на Собранието е Предлог законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, еден од поважните закони од

децентрализацијата на власта. Досега финансирањето на локалната самоуправа се спроведуваше преку некои локални приходи и се разбира преку Буџетот на Република Македонија . Сега со овој предлог закон за финансирање на локалната самоуправа, ќе може да се заокружи правната рамка за изградба на реален финансиски систем, во врска со финансирање на единиците на локалната самоуправа во дадени сегашни услови гледано од аспект на целокупната финансиска положба на државата. Можеби во иднина рамката на овој закон ќе се прошири во зависност од финансиската моќ на државата. Впрочем, во секој закон кога за прв пат се донесува не може да се предвидат сите околности. Затоа со неговата практична примена се увидуваат слабостите, се подразбира ако ги има и се прават измени и дополнвуања. Со овој закон ќе се зголеми самостојноста на општините од аспект на нивното финансирање. Со ваквата финансиска самостојност ќе се овозможи побрзо и поквалитетно решавање на секојдневните проблеми на граѓаните на општината. Значи, со Предлог законот за финансирање на локалната самоуправа системот на финансиската самостојност ќе се здобива со нов квалитет и квантитет, а со тоа и поголема самостојност при решавање на локалните проблеми. Со овој Предлог закон се предвидува единиците на локалната самоуправа да се финансираат од сопствени извори на приходи, од приходи од даноците на Буџетот на Република Македонија , од приходи на буџетите на фондовите и преку задолжувањата на општините. Кај сопствените извори на приходи единиците на локалната самоуправа ги имаат локалните даноци како што се: данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и некои други локални даноци. Потоа општините како сопствени извори на приходи ќе ги имаат локалните такси утврдени со закон и тоа комунални, административни и други локални такси. Освен даноците и таксите како сопствени извори на приходи на општините ќе бидат и локалните надоместоци утврдени со закон како што се: надомест за утврдување на градежно земјиште, надоместоци од комунална дејност, надоместоци за просторно урбанистички планови и други надоместоци. Општините како сопствен извор за финансирање ќе ги има и приходите кои произлегуваат од сопственоста на општината како што се приходи од закупнини, приходи од камати, приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општината. Освен овие досега спомнати сопствени извори на приходи општините ќе имаат како сопствени приходи од некои даноци, приходи од парични казни утврдени со закон, приходи од самопридонес и други приходи. Со овој

Предлог закон за финансирање на единиците на локална самоуправа на општините 100% им се отстапува персоналниот данок на доход од дејност и тоа во подрачјето каде што се регистрирани како занаетчии. А од персоналниот данок на доход од лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано место на живеење општината ќе ги зафаќа само 2,5% од вкупните средства. Во овие приходи веќе имаме нов квалитет како во однос на стапките на зафаќањата од овој данок што ќе им припадне на општините, така и од аспект на наплатата на овој данок на обврзниците по домицил. За задоволување на одредените потреби на граѓаните општините ќе можат да воведат самопридонес се разбира преку референдум. Освен сопствени приходи општините ќе се финансираат преку Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите, а тие се приходи од ДДВ, наменски додатоци, капитални дотации, блок дотации, дотации за делегирана надлежност. Во првата фаза на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа на општините се предвидуваше само 1% од ДДВ да им се подели, или само скоро 240 милиони денари. Сега во Предлог законот се предвидуваше 2,5%, со прифаќањето на амандманот стана 3% од ДДВ да се финансираат општините односно околу 700,720 милиони денари, се разбира од собраните средства од ДДВ. За конкретни активности на општините надлежните министерства и фондови му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменски донации по општини, по проект и институции. И нормално надлежните министерства и фондови ги следат користењето на наменската дотација, а при користењето ако има неправилности ја запираат дотацијата. За финансирање на инвестициони проекти на општината надлежните министерства и фондови ќе распределат и капитални дотации.

Дејностите од областа на културата, социјалната заштита и заштита на децата основно и средно образование, ученичкиот стандард, примарната здравствена заштита и против пожарната заштита се области кои централната власт преку блок дотации ќе обезбедува дополнителни средства. За да се следи овој целокупен систем на финансирање по единиците на локалната смоуправа Владата на Република Македонија ќе формира комисија која ќе биде составена од по еден член од Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и 5 члена од Здружението на општините на Република Македонија. Единиците на локалната самоуправа ќе можат и да се задолжат во земјата и во

странство според услови утврдени со овој и со друг закон. Општините за наплата на сопствени приходи со овој Предлог закон ќе ги извршат преку сопствена администрација или ако немаат сопствена администрација ќе склучат договор со Управата за јавни приходи, или со некоја друга општина која што има таква администрација. Многу ќе биде важна работата на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините во поглед на примената на критериумите кои сега во втора фаза децидно се вели дека средствата ќе бидат поделени 50% по жител и другата половина со други критериуми кои ќе ги утврди Владата. Во целост гледано Предлог законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ќе донесе нов квалитет во финансирањето на општините со кој квалитет ќе се тежнее да се догради во иднина уште повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, се надевам дека министерот ме слуша, колеги пратеници, најпрво сакам да го истакнам моето задоволство што еве за разлика од денот кога ја почнувавме оваа седница, односно кога го утврдувавме дневниот ред за оваа седница за претставник на Владата по сите овие закони беШе определен министерот за локална самоуправа г. Александар Гештаовски. Меѓутоа, еве сега се виде дека ресорниот министер за финансии се појавува како претставник на Владата по однос на овој закон што е навистина нормална работа, за она не претставуваше нормална при утврдувањето на дневниот ред за оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОСКИ:

Господине Стојаноски, морам да ве искорегирам, г-динот Гештаковски беше за итноста претставник по сите закони, а не за самите закони. Толку, колку да биде јавноста информирана.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Да, меѓутоа итноста за секој закон посебно се утврдува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Беше определен од Владата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Добро, независно, не сакам да коментирам. Само сакам да истакнам задоволство од присуството по однос на овој закон на министерот за финансии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа задоволство ќе го имате и со следните закони.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Независно од ова, сметам дека овој претставува еден од навистина суштинските закони, или еден од најзначајните закони по однос на процесот на децентрализација во Република Македонија. Факт е дека приоритет се даде на некои политички елементи кои што се однесуваа на претходните два закони за кои што дискутиравме, икао се виде дека еве, преку сите оние иницијативи за референдум кој што треба да се одржува, сепак тие закони се ставени под знак на прашање.

Меѓутоа, има неколку дилеми кои што не може да ги разрешам при читањето на овој закон и при решенијата кои што произлегоа и кои што се наведени во предлогот на Владата на Република Македонија. Прва раборта е во однос на проекцијата за потребните средства за општините. Значи, овој закон е проектиран за да ги задоволи финансиските потреби на општините во Република Македонија, општините кои што се определени согласно Законот за територијална организација , кој што беше во сила до донесувањето на новиот Закон за територијална организација на Република Македонија . Е, сега, факт е дека во стариот Закон имавме 123 општини, а во новиот закон имаме 80 или 84 условно општини. Проекцијата на овој закон за финансирање на локалната самоуправа е вршена или на 123 или врз основа на пакетот на закони во кој што влегуваше и законот за територијална организација кој што беше изгласан од парламентарното мнозинство на овој Парламент во текот на минатиот месец. Ако е тоа така, тогаш се прашувам, а имаме за утре предлог од Владата за одлагање на локалните избори, што значи дека нема фактичка можност со нови граници општините да профункционираат пред локалните избори, односно пред почетокот на извршувањето на Буџетот за 2005 година, како ќе се покрива оној период од 1.01.2005 година, за кој што период стои во самиот член 35 ако не се лажам, дека влегува, односно почнува да се применува овој закон до завршувањето на локалните избори и до превземањето на надлежноста од страна на општините. Се надевам дека едно од решенијата на кој што има размислувано предлагачот, а кои што произлегоа од одржувањето на референдумот, односно од одлагањето на локалните избори, а тоа е дека мора да се најде соодветен начин за нормално финансирање на продолжениот мандат на сегашните органи на општините во истиот број во истиот состав каков што е сега. Независно од правните дилеми кои што произлегуваат по однос на тоа прашање, по

однос на уставното утврдување на мандатот на тие органи и сите оние инпликации кои што произлегуваат од тоа прашање, сметам дека едно од решенијата кое што го има размислувано Министерството за финансии, тоа е примената на членот 45 од законот кој што предвидува фазно превземање на надлежностите за одредени области од страна на општината и согласно тоа пренос на средствата , односно фискална децентрализација во суштина. Ако е тоа така, тогаш навистина ќе се појави еден друг проблем. Факт е дека за 2005 година, секоја општина треба согласно Законот за буџетите да има свој буџет. Ако има секоја општина свој буџет, дали тоа претпоставува дека вие претпоставувате дека референдумот ќе биде успешен и нема да имаме промена на границите на сегашните општини. Или, ако не е така односно, ако сметате дека ќе се примени оној закон кој што беше изгласан во ова Собрание од парламентарното мнозинство, тогаш на кој начин ќе се реши прашањето после 3 или 4 месеци, незнам сега зависно кога ќе се одржат тие локални избори, да буџетите кои што ќе бидат веќе донесени од страна на постојните состави на советите на тие општини, извршувани од страна на постојните градоначалници на тие општини ќе влезат во буџетите на тие новоформирани општини. Или во овој период вие ќе се доведете во ситуација да го пријудицирате референдумот, односно изјаснувањето, важењето на Законот за територијална организација како што е сега донесен или онака како што беше важечки пред неговото донесувањето. Значи зборувам за дилеми кои што овде како пратеници како на парламент, воопшто не ни се објаснети. Се надевам дека ќе ја имаме таа прилика и се надевам дека министерот е тој кој ќе одговори на ова прашање.

Понатаму, значи членот 9, да не дискутирам доволно беше кажано и досега се знае точно кои се приходите на општините, меѓутоа основниот приход од кој што треба да бидат финансирани функциите на општините е приходот од данок на додадена вредност, со кој што со дотација се финансираат надлежностите на општината утврдени со закон. Во висина од 2,5% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Значи ако зборуваме за реална суштинска децентрализација, тогаш сметам дека ако наплатата на данокот за додадена вредност е надлежност и одговорност на Министерството за финансии, тогаш зошто општините да трпат последици од евентуалното несобирање на данокот за додадена вредност. Значи ако имаме помало собирање на данок на додадена вредност, односно помал износ на средства по овој основ кој што би биле приходи на Буџетот на Република Македонија , секако дека 2,5% не е исто од сто

илијади денари или 2,5% од еден милион денари. Последиците ќе ги трпат општините, тоа директно ќе се однесува на реализацијата на нивните надлежности, односно на она што треба да го реализираат како проекти градоначалниците и советите на тие општини, а реалната одговорност за немањето на средства за реализација на тие проекти ќе лежи во Министерството за финансии, заради неадекватното собирање на данокот за додадена вредност. Сметам дека на овој начин дефинитивно се утврдува една зависност на општините во однос на нивното финансирање од страна на Владата на Република Македонија , односно од страната на Министерството за финансии. Ова Уште повеќе што во сите овие закони не постои начини за контрола или превземање иницијативи, постапки за одговорност за несобирање на ДДВ или за пропусти во собирањето кои ќе доведат до многу помалку средства во буџетите на општините по основ на собирање на ДДВ, за што како што кажав и претходно е одговорна Владата на Република Македонија , односно Министерството за финансии.

Понатаму, овој член 9, навистина е многу интересен, затоа што има обид да се направат критериуми, меѓутоа јасно се гледа дека и тој обид е застанат на пола пат затоа што факт е дека тешко се наоѓаат заеднички ставови, односно се усогласуваат заеднички ставови и помеѓу колаиционите партии кои што партиципираат во Владата на Република Македонија.

Имено, во точката 3 од членот 9 стои: распределбата на приходите од ДДВ се врши најмаку 50% според критериумот по жител, и други критериуми утврдени со Уредбата за методологија за распределба на приходите од ДДВ што ја донесува Владата на Република Македонија. Многу ме интересира од каде само се истакнува еден критериум како најважен или како поважен од сите други критериуми кои што треба да се реализираат односно да се утврдат со оваа уредба. Зошто се истакнува бројот на жителите како посебен критериум, чиј процент се утврдува со овој закон, а останатите критериуми не ги утврдувате со овој закон туку оставате тоа да го реши Владата. Значи Владата решава за 50%, а 50% треба да има гаранција затоа што Собранието во овој закон ќе утврди така. Сметам дека не може да се дели така ниту одговорноста во однос на решението на ова прашање, ниту пак функционалноста од неговото реализирање. Зошто?.

Затоа што или Владата во целост ќе ги утврди сите критериуми и таа ќе сноси одговорност за финансирањето и за распределбата на секоја општина пооделно, затоа што овде се работи која општина колку пари ќе добие од овие 2,5% од ДДВ, кои што се собрани на ниво на Република Македонија. 50% добива согласно бројот на жителите, а 50% не знаеме, како тоа Владата допрва треба да ни го каже преку Службен весник на Република Македонија, затоа што е должна уредбата која што треба да ја донесе да ја објави во тоа гласило.

Од друга страна Владата на Република Македонија ја донесува уредбата на предлог на министерот за финансии со претходна согласност на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година. Значи, оваа одредба е неприменлива за првата година односно за 2005 година, затоа што врз основа на овој член не може да биде донесена оваа уредба. Таа требало многу порано од овој временски период во кој се наоѓаме сега и на тој начин фактички примената на овој член почнува дури 2006 година, затоа што до јуни 2005 година треба Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање да се формира, па таа да го направи она што претставува нејзина надлежност.

Во точката 4 на овој член исто така многу чудно за мене се вели “со методологијата од став 2 на овој член на градот Скопје се утврдуваат посебни критериуми со кои се корегираат значителните разлики на градот Скопје во однос на општините во Република Македонија”.

Јас овде не видов кои се општите критериуми за да можам да разберам кои се тие посебни критериуми кои што треба да произлезат од некој општи критериуми, освен овие 50% по број на жители. Значи, овде се остава еден простор невиден во кој што може да се манипулира од страна на Владата со носење на одлуки во однос на критериуми и определување од страна на Владата 50% од овие прибрани средства, врз основа на некои коалициони договори, или не знам какви интереси на општините да може во една или во друга општина по некои критериуми да се направат проекции кои ќе значат помалку или повеќе средства за таа општина. Не сакам да помислам дека тоа би можело да има некои политички позадини кои што би произлегле од некои политички интереси и заради тие причини, заради стручното и квалитетно реализирање на овој закон единствено што можам како пратеник да побарам од Министерството за финансии е да ни ги утврди или да ни ги каже општите критериуми, или да каже зошто само еден критериум е утврден со овој

закон, а за останатите критериуми е оставено да ги утврди Владата на Република Македонија со донесување на посебна уредба.

Исто така кога се зборува за блок дотациите, а како што знаете се користат за финансирање на надлежности утврдени во членот 22 од Законот за локална самоуправа, точките 5, 7, 8 и 9, меѓутоа преку конкретни програми. Исто така има начин кој што не сакам да го читам сега, бидејќи тој е утврден во членот 12 кој изготвува методологија за утврдување на критериуми итн, итн. Сето тоа сигурно е направено врз основа на проекции кои што се направени по однос на бројот на општините, нивната територија, бројот на жители, економско-социјалните околности, образовните потреби и слично, кои што беа хендикепт и при разгледувањето на Законот за територијалната поделба на ова Собрание, меѓутоа еве сега гледаме дека и во овој дел навистина останува многу работи кои што се недоволно јасни и не можеме децидно да ги видиме или утврдиме за колку општини какви критериуми, или што би значело примената на критериумот од 50% од населението, или некои други критериуми кои што значат зачувување на интересот на оние општини кои што се од ридско-планински регион, кои што имаат потреба за комунална инфраструктура, меѓутоа кои што имаат евентуално помал број на жители, а кои што имаат потреба исто како и онаму каде што има поголема концентрација на жители по тие општини.

Уште една работа која што треба да биде малку појасна. Гледам дека Владата се потрудила во членот 45 од овој закон да направи обид за утврдување на начинот на трансферот на средства во првата фаза на децентрализација.

Во точката 2 алинеја 1 стои дека трансферот на дотациите од Буџетот на Република Македонија ќе се врши на следниот начин "Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии до 15 септември 2004 година ќе донесе уредба за методологија за распределба на приходите од ДДВ по општини за 2005 година и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за износите на приходите од ДДВ планирани во Буџетот на Република Македонија". Значи, до 15 септември, тоа е многу брзо, ќе дојде истовремено со евентуалното влегување во сила на овој закон Министерството за финансии односно министерот за финансии треба да ја донесе оваа уредба.

Моето прашање е за колку општини го прави тоа? Дали за 123 или за 80 плус 4.

Исто така Владата треба до 15 септември 2004 година да донесе уредба за методологија за распределба на капиталните и наменските дотации без средствата наменети за плати и Министерството за финансии со буџетскиот циркулар ќе ги извести општините за планираниот износ на овие дотации.

Значи, овој закон прво треба да влезе во сила, Владата да заседава, да ја донесе уредбата, таа да биде објавена затоа што сите овие акти треба да бидат објавени пред да влезат во сила, Министерството за финансии да изготви ваков циркулар и потоа да се види на кој начин, која ќе биде методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации.

Се надевам дека овој оптимизам реално е заснован, веројатно овие акти се подготвени, можеби се чека единствено на донесувањето на овој закон, меѓутоа факт е дека ова навистина е пребрзо за да може да се усогласат сите работи во согласност почитување на различни мислења и од страна на експерти и од страна внатре во министерствата или од страна на Владата.

Тоа е она што сакам да го кажам. Навистина останува прашањето со затекнатите обврски на досегашните општини. Тоа прашање не е решено туку е оставено до 31 декември општините да презентираат евентуално колкави се тие обврски и да предложат начин на нивното испаѓање. Меѓутоа, сето тоа треба да биде истовремено проектирано и во Буџетот, а буџетите се носат до 31 декември тековната за наредната година, што значи многу лесно може да се случи сите општини во Република Македонија да ни бидат под времено финансирање односно без донесување на буџет до 31.03.2005 година и на тој начин да имаме една нова ситуација односно буџетската година фактички да започнува од 1.04.2005 година.

Од сите овие причини сметам дека ќе добиеме како пратеници одговори на овие дилеми. Се надевам дека имате подетални податоци за сите овие прашања и дека на овој начин ќе успееме да ги разјасниме сите дилеми по однос на гласањето за овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Повелете господине Арсовски, а потоа нека се подготви ...

Господине Дојчиновски имате ли реплика?

Повелете господине Дојчиновски три минути.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас сакам само да го потсетам г. Стојановски за една работа.

Дали воопшти за него е јасно дека градот Скопје покрај тоа што е локална самоуправа е и град претстолнина односно главен град на Република Македонија. Ако тоа му е доволно јасно тогаш мислам дека му е јасно дека државата треба и е потребно по посебен пат, посебни критериуми за одредени ингеренции што градот Скопје ќе ги добие како пренесени од државата треба да добие додатни средства. Тоа не е сосема чудно, како што тој рече посмешно, мене ми е чудно како тие средства ќе се добијат.

Мислам дека Скопје ќе ги врши тие функции и во иднина како што ги вршеше досега и мислам дека државата многу јасно ќе му ги пренесе и задачите и средствата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете една минута господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Дојчиновски ако во законот стои дека 50% од средствата од ДДВ се распределуваат според критериумот по жител, а за 50% стои и други критериуми утврдени со уредба од страна на Владата, а за Скопје пишува дека со методологијата се утврдуваат посебни критериуми со кои што се корегираат. Јас се прашувам кои се тие посебни критериуми кои што треба да произлезат од некои општи критериуми надвор од овие 50% кои што се по жител. Ако вие можете да ми објасните или ако имате начин како да го прочитате ова од законот, јас се надевам дека ќе бидам задоволен од вашиот одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Арсовски, а потоа нека се подготви пратеникот Слободан Најдовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Два дена расправаме за еден многу битен закон, Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, еден од системските закони за децентрализацијата на власта. Очекував дека нема толку голем интерес да предизвика кај пратениците, веројатно и кај јавноста како што предизвика минатиот закон, Законот за територијална организација, но суштински, овој закон е еден од битните и истиот многу ќе придонесе како ќе функционираат односно ќе ги реализираат надлежностите, а многубројните надлежности децентрализирани кои

што се пренесуваат од централно на локално ниво. Се разбира, истите надлежности се регулирани со Законот за локална самоуправа. Сигурно општините успешно одговорат на сите овие прашања и да станат вистински сервис на граѓаните и да одговорат на нивните потреби, нормално истите општини треба да располагаат со соодветни финансиски средства кои што средства ќе и помогнат овие надлежности успешно да ги реализираат. И во тој правец сметам дека денес имаме пред нас навистина еден добар закон кој што ја регулира оваа проблематика од финансиската сфера, а фактички врши фискална децентрализација од централно на локално ниво. И веднаш во тој правец сакам од името на предлагачите да се заблагодариме на претставниците на Владата, на министерот што денес се прифатени суштински амандмани од финансиски аспект каде што имаме вистинско зголемување по однос на процентот и на персоналниот данок и на данокот за додадена вредност кој што средства сега ќе се предаваат од централно ниво на локално ниво, односно на општините каде што и по првичната верзија каде што 1% од предвидените средства од Законот за ДДВ од данокот на ДДВ требаше да се прелеваат во општинските каси сега се стигна до 3% односно по предлогот 2,5% и со нашите амандмани до 3%.

Во тој правец морам да истакнам бидејќи и во делот кога се расправаше за амандманската расправа повеќе мислам дека беше тоа од маркетингшки причини и дел од опозицијата посебно за персоналниот данок од 3% на 3,1% никој не истакнува дека во финансирањето на единиците на локалната самоуправа покрај овие средства што се предвидени од страна на централниот буџет општините односно единиците на локалната самоуправа мора да прибираат и други средства за да можат да заокружат една финансиска конструкција со кои средства успешно ќе одговорат на задачите. Затоа треба да се спомене дека покрај овие средства општините мора да прибираат и средства од сопствени извори, а во овој закон тие средства се предвидени, а и наредните точки такви се. Тоа се данокот на имот, наследство, подароци, такси итн, итн. Знам дека досега општините, посебно руралните општини беа навикнати, посебно градоначалниците едноставно некој друг да ги прибира средствата а тие лагодно да ги трошат, бидејќи некој друг ги прибира. Со овие измеми истите мора да прибираат соодветни сопствени средства од сопствени извори. Ако истото не го направат истите општини не можат да одговорат на своите задачи.

Сега тука иде прашањето најмногу во членот 9. Во тој член зголемувањето што се изврши, спомнав пред малку е и делот на оние критериуми кои што се за тоа

како ќе се распределуваат средствата, колку е тоа 4% за Скопје од ДДВ, колку е 2% за Старавина итн. Тоа е регулирано како ќе се прибира тој износ, како ќе се дели и основниот критериум ние како Парламент го носиме, 50% по основ на жителите и 50% по другите критериуми кои се утврдуваат со други подзаконски акти.

Посебно сакам да истакнам, кога разговараме за територијалната организација често пати се дискутираше за капиталните инвестиции и се што е направено посебно во селските средини. Тогаш никој не го поставуваше прашањето од каде средства. Тие средства за да се направи во тие средини исклучиво се обезбедуваат од централниот буџет или од фондовите и агенциите, или од некои дотации. И сега се предвидени капиталните инвестиции како средства кои што ќе се допираат во единиците на локалната самоуправа.

Но, има една друга работа. За да може да се заокружи некоја капитална инвестиција мора и самата општина да си обезбеди средства. Не може да чека таа 100% некој да ја финансира таа капитална инвестиција, а ние како единица на локална самоуправа да не обезбедиме ниеден денар. Тука се постави прашањето дали соодветни рурални општини кои што немаат економски капацитете, немаат економски ресурси дали ќе бидат во можност да обезбедат соодветни средства за да потпомогнат вакви капитални инвестиции. Тоа е прашањето. Со самата финансиска децентрализација не се дава право на општините за да имаат некои права во извршување на своите надлежности, туку имаат и свои обврски. Нема тука да се прават финансиски анализи. Ако ги направиме финансиските анализи дека по основ на данок на имот треба да се плаќа и на куќите и на викендиците, треба да се плаќа, да се приберат соодветни средства. Нема тука, често пати како досега се дискутираше не направивме ама не даде државта, таа ги прибира сите средства. Не, сега имаме токму во тој правец соодветна фискална децентрализација и по тој основ треба самите општини да си ја преземат обврската која што со овој закон и со Законот за локална самоуправа за пренесување на надлежностите имаат пред себе и успешно да одговорат на самите прашања. Затоа треба да се каже и за капиталните инвестиции кои што и во овој закон се предвидени и за блок дотациите, кои што се предвидени како такви да се кажуваат, а не само да се кажува дека за ДДВ или за персоналниот данок дали е стапката голема или мала. Тие средства се делат, им се дава на располагање на општините самостојно да одлучуваат како ќе располагаат. Посебно другите средства кои што ќе треба истите да ги предвидат. Овој закон во тој дел, овие средства вистински регулирано, на еден начин сите

средства што ќе се прелеваат во општините и самите општини ќе треба да ги прибираат.

Во тој правец со овој закон се дава соодветна либерална слобода во одредувањето на прибирањето на средствата од сопствени извори на општините. Следните закони, како што е законот за данок на имот, за административни комунални такси подебално тоа прашање се регулира.

Во делот на задолжувањето на општините со овој закон се предвидува истите да можат да се задолжуваат. Таа проблематика е регулирана и добро е што се јавува Владата како гарант ако некоја општина има потреба од некои средства истите се задолжуваат по еден начин како што треба да се предвиди со самиот закон.

Јас нешто посебно би кажал во делот на сметководствената евиденција, конктрола и ревизија.

Во досегашниот период бевме сведоци на ненаменско трошење на финансиските средства од страна на општините. Сите ние треба да се согласиме, и ако го разгледуваме извештајот на Државниот завод за ревизија за трошењето на средствата во општините за 2001 година ќе забележевте навистина ненаменско трошење на многубројни финансиски средства. Имаме еден извештај кој уште не е дојден на дневен ред од Државниот завод за ревизија за 2002 година и ако го прочитате ќе видите навистина што се случува. Можеби тоа се правеше од аспект, како што претходно истакнав, јас не ги прибирам средствата некој друг ни дава, ама ненаменски ќе ги потрошам бидејќи Државниот завод за ревизија со екипата со која располага навистина не може во сите 123 општини да изврши ревизија како се потрошени средствата.

Тука се две-три злоупотреби. Некој ќе ми ги донесе, па јас ќе ги потрошам, ќе потроши градоначалникот 100 илјади км. со автомобил, ќе си ја шета фамилијата, ама некој друг ќе му го плати бензинот. Ќе купи таму термо печки, но друг ќе му ја плати струјата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Арсовски ве молам по текстот на законот дискутирајте.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Пример кажувам како немаме во општините внатрешни ревизори. Токму затоа се предвидува внатрешни ревизори кои што ќе имаат можеби советодавна улога

како соодветните финансиски средства се трошат, дали градоначалникот како потписник на финансиската сметка или некој друг. Јас и сега сметам дека ако ги назначуваат по предлог на градоначалникот истите ревизори, дали тие треба да одговараат. Мислам дека тука некои конфликтни интереси и подобро решение би било но тука се јавува Државниот завод за ревизија како некое тело, кое што е независно иако сметам дека овие ревизори треба да бидат внатрешни независни. Ако тие зависат од градоначалникот како тој што ги назначува, дали ќе одговорат на задачата. Во таа насока, не дека не треба, треба ревизори бидејќи ние навистина сме склони да направиме злоупотреба на финансиски средства. Затоа Државниот завод за ревизија дали треба тој на сестрано ниво да се прошири, да се екипира со повеќе луѓе кои што ќе ја извршуваат оваа многу битна задача. Како ќе се трошат прибраните финансиски средства, дали наменски или ненаменски. Затоа во таа насока можеби со некои соодветни решенија треба да се регулира или е регулирано тоа прашање. Посебно не знам што ќе се направи. Ние сме сведоци во членот 45 во последно време по општините се вработуваат луѓе на неопределено време. Сега во општините до 31 декември ќе започне спроведување на планот за решавање на заостанатите обврски кои произлегуваат од долгот на изведувачите и другите доверители за обврските настанати заклучно со 31 декември 2001 година и тн. Посебно во овој дел сметам дека треба да се води сметка, може до некои добавувачи да се каже да не влегуваат во некои трансакции со општините да градат патишта и тн., а никој да не им плати. Нека одат со некои сигурни финансиски извори со што можат да се покријат за да не дојде во прашање да дојдеме во новите општини со некои огромни настанати долгови и тн. Сметам дека со овој закон навистина се решава прашањето на финансиската децентрализација, која што ќе се пренесува од централно на локално ниво и во иднина општините ќе имаат соодветна слобода и во прибирањето на средствата и во одговорањето на задачите кои што се предвидуваат со Законот за локална самоуправа и ние како пратеничка група на СДСМ ќе го поддржиме предложениот закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски имате реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Кога се зборува за решавањето на заостанатите финансиски обврски на општините, добро беше она што е прочитано, меѓутоа воопшто не ми е јасно зошто е определен датумот 31 декември 2001 година, како датум до кој треба секоја заостаната обврска кон изведувачите и другите доверители да се решаваат.

Значи од 1.01.2002 година наваму тие обврски ќе треба да се решаваат некогаш во иднина.

Втора работа која што навистина е нејасна е ние имаме Закон за облигациони односи. Имаме прописи кои се однесуваат на оваа сфера. Во овој член стои дека активностите за решавање на заостанатите обврски ќе ги координира Министерството за финансии. Министерството за финансии се поставува со закон во улога на координатор за решавање на меѓусебните должничко доверителни односи на посебен правен субјект како што се нарекува општина, кој што има свој статут, кој што има свои обврски, свои жиро сметки и посебен правен субјект на кое трговско друштво има побарување од соодветната општина. Како ќе ги координира Министерството за финансии овие активности, навистина не можам да разберам. Затоа, сите овие работи кои што ги кажувате дека треба да бидат поддржани амблок, треба прво да се објаснат, односно Министерството за финансии да даде соодветен одговор за тоа кои се мотивите за определување на вакви датуми или за појавувањето на министерството во функција на некаков координатор помеѓу одредена фирма и одредена општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Не е една минута, пет секунди, мислам не ми реплицираше господинот Блаже Стојановски мене. Како прашање беа поставени сепак до министерот, односно Владата како предлагач.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА :

Благодарам претседателе, јас се сложувам со делови од излагањето на господинот Славе Арсовски, се сложувам дека законот за финансирање на

единиците на локалната самоуправа е од пакетот закони за децентрализација. Можеби ова нема да звучи како реплика, меѓутоа коментар на неговото објаснување во однос на  чледнот 9 за критериумите, уредбата, Точно е дека е наведено во законот најмаклу 50%, како еден од критериумите, најмалку 50% во однос по жител или пер капита и  други критериуми. Мислам дека пожелно беше  Владата, со оглед на тоа дека таа е изготвувач на уредбата за методологијата барем во образложението на самиот предлог да ги наведеше кои други критериуми ќе ги прифати и ќе и бидат меродавни во изработката на самата уредба. Во она што го кажуваше господинот Арсовски и за собирањето на сопствените приходи на општините, потполно нова  ситуација од досегашната и во однос на капиталните инвестиции и во однос на ревизиите кои  ги спомнавме и трошењето на средствата кои ќе бидат со овој закон на општините дадени, се прашувам дали Република Македонија и дали Владата на Република Македонија со оглед дека овој  пакет на закони започна во февруари  месец 2004 година има изготвено или има обучено луѓе. Дали има семинари на  кои луѓето ќе можат да ги согледаат вистиндките цели кои се сакаат да се постигнат со овој закон токму од тие  аспекти или  од трошењето и од собирањето на сопствените приходи. Значи дали ние имаме изготвено менаџерски тимови со оглед на ова што ви го кажував во првата фаза на членот 45 став 2 има колкав број на вработени од областа на финансиското управување таму беа 4 и 6 во А и Б. Сега во оваа втората фаза се намелени 2 со 4. Е како ние натаму ќе ја спроведуваме кога го намалуваме и бројот на луѓето кои ќе учествуваат во таа општинска администрација, а истовремено сакаме квалитетно да го спроведеме законот во општините.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете  господине Најдовски, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев и ве молам по текстот на законот, иако после две години стварно не научивте што значи расправа по текстот на законот, бидејќи водиме општи расправи.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Сакам со оглед на тоа што е во дел по амандманската расправа изнесов дел од своите ставови по однос на законот, сега неколку мои забелешки, сакате крстете ги по текстот или по она што го одредува текстот. Неспорно е дека сите се

согласивме дека овој закон е од суштинско значење за единиците на локалната самоуправа, односно и на целокупниот процес на локалната самоуправа во Република Македонија и од таму неслучајно после донесувањето на Законот за локалната самоуправа и во Охридскиот договор во Анекс Б, во точката 2, беше предвидено дека овој закон за финансирање на единиците за локална самоуправа треба да се донесе уште во претходниот мандат на Парламентот на Република Македонија, односно да го предложи претходната Влада. Тогаш на господинот Ѓорѓиевски како премиер затоа што врз основа на него ќе можевме да ги отстраниме сите овие дилеми кои што денес се поставуваат во однос на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Од тука, прво сакам да кажам дека еве по текстот директно, дека предлагачот направил еден извонредно добар текст на закон. Ќе кажам зошто. Затоа што и пратениците на опозицијата, расправајќи во матичната комисија за финансирање и буџет, со исклучок на еден кој што беше воздржан и 9 за го поддржаа и го пофалија ваквиот предлог за донесување на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. И сега малку ми е нејасно зошто ги измениле своите ставови, зошто поинаку гледаат можеби во целокупната оваа политичка клима е таквиот став.

Она што пред сите нас се поставува, тоа е прашањето кое што е содржано во членот 9 и претходниот член каде што е за персоналниот данок и општото прашање кое што се поставува дали со предвидените стапки од сега веќе 3% од персоналниот данок се доволни средства за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во прилог на ова и во расправата која што беше на комисиите се споредуваа одредени држави од соседството и пошироко во Европа за нивните стапки кои што ги имаат за финансирање на единиците на локалната самоуправа и стапката на учество во бруто домашниот производ во тие држави.

Сакам да го кажам својот став дека такви споредби ние не можеме да направиме, со оглед на тоа што секаде единиците на локална самоуправа имаат различни надлежности и врз основа на надлежностите кои што ги имаат единиците на локалната самоуправа ќе произлегуваат и стапките кои што се предвидени и во членот 9 и останатите стапки што се предвидени за финансирање на единиците на локална самоуправа. Сигурно најмногу дилеми и расправи овде предизвикаа стапката 3% данокот на ДДВ и стапката од персоналниот данок. Според мене единствена е причината за тоа. Затоа што ние сме навикнати да даваме пари од сигурни извори. Сигурно и прибирањето на парите од ДДВ и без ангажирање на

единиците на локална самоуправа, тие сакаат што поголема стапка од ДДВ и персоналниот данок да имаат помалку грижи а повеќе пари. Од тука доаѓа таа спротивставеност секогаш оној што зема пари сака да биде стапката поголема а оној што дава сака таа стапка да биде помала.

Затоа, го поддржувам господинот Арсовски и ние треба како пратеници да го промениме малку нашето размислување. Ние треба да најдеме начин да ги поттикнуваме единиците на локалната самоуправа да прибираат повеќе средства од сопствените извори на финансирање, пред се, од данокот на имот. Оние податоци кои што ние ги имавме и при расправата и при законот за финансирање на локалната самоуправа и кои што редовно излегуваат и покажуваат дека прибирањето на данокот на имот, кој што е предвиден како

извор за финансирање на локална самоуправа е некаде испод 10%. Скоро да немате општина каде што прибирањето на тие средства е повеќе од 30, 40 не знам дали има некоја со 50%. Што значи, се враќаме на тоа секој сака да има сигурни извори на финансирање односно друг да му ги собира парите, а тој само да ги троши. Од тука тесно е поврзано и прашањето, во член 9 точка 3 каде се отвори прашањето за критериумите за распределбата на средствата кои произлегуваат од ДДВ.

Она што јас го потенцирав и при расправата која беше во прва фаза на овој закон, и сега по однос на делот 3 од член 9 е тоа што ние мораме да изнајдеме механизми како да ги заинтересираме општините да се грижат за поголема наплата на ДДВ. Вака како што е дадено тие немаат интерес, бидејќи од она што е собрано во целата држава тие учествуваат во распределбата на овој колач. Сепак сметам дека тоа е прв ваков закон кој се донесува во Република Македонија, понатаму ќе трпи измени и праксата ќе даде некои решенија, но ние мораме директно тука, бидејќи не само ние туку никој од една општина не сака да дава средства за граѓани од друга општина. Затоа ние мораме да го изнајдеме механизмот како да ги мотивираме единиците на локална самоуправа односно општините да придонесат за поголема наплата. Тогаш многу помалку ќе зборуваме за тоа што денес го загатнуваме, односно критериумите, покрај критериумот жител, кои други критериуми ќе бидат, за распределба. Во склоп на тоа, во точката 4 беше загатнато и прашањето околу Скопје и зошто се потребни посебни критериуми.

Кога ја имавме општата расправа јас тоа го потенцирав и неколку колеги пратеници тоа го кажаа. Еве господинот Блаже Стојановски тоа прашање го постави.

На нас од другите општини не ни одговара ако нема посебни критериуми при распределбата на ДДВ од Скопје затоа што погрешна слика се дава често пати кога ќе се рече дека најголемиот дел од буџетот во Република Македонија, по основ на даноци, го полни Скопје и учествува некаде со 82%, 83% или не знам колку, а притоа се заборава дека најголемиот дел од давачките од ДДВ што ги плаќаме ние во другите општини, на организациите кои се во сопственост на државата, на пример ЕСМ или ЈП за стопанисување со станбен и деловен фонд, тие ги прикажуваат овие приходи во Скопје. Исто така увозните давачки што се при увоз на стока, со оглед на тоа што е сметката тука во Скопје. Така што токму ние што сме од другите општини треба да бараме со посебни критериуми да се корегираат значителните разлики што ќе се јавуваат по однос на Скопје.

Следното прашање што е доста дискутабилно, со оглед на тоа што не знаевме што ќе се случува кога беше даден овој закон во процедура, тоа е прашањето на преземање на обврските и посебно на вработените од општините кои престануваат да постојат. Ние во текот на расправата за територијалната организација бевме сведоци дека секојдневно весниците беа преполни со огласи за прием на вработени на неопределено време во тие општини. Сметам дека за тоа треба да се изнајде решение. Велам, ние не можеме заради тоа што тоа се случуваше после откако тој текст на закон влезе во собраниска процедура.

Она што посебно сметам дека ќе предизвика проблеми е прашањето на датумираните или временски ограничените примени на одделни членови кои се дадени во текстот на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Сигурно дека овој закон, кога беше предложен, беше замислено дека ќе оди прво територијалната поделба и дека есенва ќе имаме избори, но очигледно дека референдумското изјаснување ќе поремети примена не само на овој закон туку и примена на редица други закони кои се од областа на финансирањето на единиците на локална самоуправа. Тоа што го отворија колегите пратеници од опозицијата, ние јасно треба да кажеме, јас не сум тој кој во името на министерството можам било што да кажам, но како пратеник ќе искажам свое мислење дека ние ќе мораме, одделни работи кои веќе се во овој закон, што се надевам дека денес ќе го усвоиме, ние е мораме да корегираме во наредниот период за да можеме временски да ја усогласиме примената на овој закон. Затоа велам, во основа контурите што ги даде и решенијата што ги дава овој закон, не само ние пратениците од пратеничките групи кои ја поддржуваат Владата, туку и

пратениците на опозицијата го поддржуваат, но еве, за жал го променија нивниот став, но тоа е нивна работа.

На крајот да завршам со тоа дека овој закон треба да го поддржиме. Се разбира дека тој во иднина ќе мора да трпи одредени измени, во зависност од тоа како ќе се развива и локалната самоуправа во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ѓорчев имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Денес на дневен ред го имаме, барем според мене, најсуштествениот закон за децентрализација во Република Македонија и основот за децентрализација. Незалудно многу пратеници во своите дискусии споменаа дека се работи за закон кој во агенда, меѓутоа под други услови на политички би рекол консензус на позиција и опозиција заедно требаше да биде донесен до 31.12.2002 година. Но, ток,му од тој факт што многу тука од говорницата го употребуваат, укажува на тоа дека тоа е основата на децентрализацијата и дека овој закон можел и порано да се најде на дневен ред на собраниска седница, без аспектот на територијалното разграничување.

Во основа овој закон ја дефинира децентрализацијата и упатува на тоа дека децентрализацијата е преземање на одговорноста за јавни услуги од ресорните министерства на ниво на единиците на локална самоуправа или како што јас велам ЗЕЛС, бидејќи не е само единство туку и заедница, многу понепосреден облик на човечка комуникација. И второ со овој закон се дава овластување на единиците на локална самоуправа да собираат приходи, покрај сопствени извори на средства им се префрлаат надлежности од даночните приходи кои до сега беа и на државно ниво, да поминат, одреден дел од нив, на ниво на единиците на локална самоуправа.

Бидејќи во овој дефиниционен вовед укажуваме дека овој закон за деценрализација беше еден од првите што Република Македонија требаше да ги донесе, овој закон за финансирање на локалната самоуправа, во тој процес на децентрализација и со тој закон ќе се доближиме до Европа, да направиме еден компаративен преглед како, со пренесување на надлежностите во Република

Македонија ја развиваме локалната самоуправа и како од аспект на буџетската димензија што тука во законот таа не се гледа, но во процентите таа е содржана, во членот 4, 5 и 9 од Глава 2 - Финансирање на општината, како тоа го прави Европската унија како тоа го правиме ние. Значи со преземањето на надлежности во многу домени од човековото живеење: култура, примарно здравство,спорт и други работи кои се пренесуваат од ресорно министерство на ниво на локална самоуправа, нормално дека е потребно да обезбедиме и финансиски потенцијал со кој тие потреби ќе се задоволат односно граѓаните, во таа би рекол последна демократија, преку државните институции досега на централно ниво ги задоволуваат тие потреби, преку ресорните подрачни единици на Министерството, сега ќе ги задоволуваат преку таткото на градот односно градоначалникот и советите на заениците на локална самоуправа. Значи во Европската унија надлежностите се приближно исти во делот на локалната самоуправа, како што тоа ние сакаме тука да го имплементираме како пренесување на Европската димензија во Република Македонија, меѓутоа, огромна е разликата во финансирањето на тие јавни услуги за граѓаните, во разни домени од нивниот живот.

Европската Унија во целина како економско политички, административен и правен систем издвојува 22% односно отпаѓа на јавната потрошувачка, во делот на земјите на Унијата, или тоа е некаде 9% од бруто општествениот производ на Европската унија. Значи, надлежностите кои ги пренесуваат на единиците на локална самоуправа во Европа, ги алиментира со тој квантум на средства. Тоа укажува, јас еднаш во првата фаза говорев, ако Европската унија има ;просечен годишен буџет околу 90 милијарди евра, како административен политички и економски систем, тогаш 22% од тие 90 милијарди евра прават некаде близу 20 милијарди евра. Значи тие 20 милијарди евра претставуваат основа за јавната потрошувачка на локално ниво. Тоа впрочем ни беше соопштено и преку брошурата децентрализација која беше издадено од невладини организации, со партиципација на многу би рекол учесници во оваа дебата од Парламентот. За разлика од Европската унија ние пренесуваме надлежности односно досега ние издвојувавме 1,8% од Буџетот на Република Македонија за да ги задоволиме потребите на граѓаните на локално ниво, или тоа 1,8% од јавната потрошувачка изнесуваше некаде 1% од бруто општествениот производ на Република Македонија.

Сега проблемот е од овие 1,8%, сега Владата на Република Македонија ни предлага еден исчекор, би рекол плашлив, не многу охрабрувачки, дека навистина

,многу подобро ќе ги задоволуваме потребите на граѓаните на Република Македонија и одиме во ситуација кога со новиот Предлог на закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, ќе обезбедиме, преку изворните приходи 1,69% од вкупната јавна потрошувачка и преку вкупните даночни приходи 1,49%, или се вкупно 3,18% од вкупната јавна потрошувачка во Република Македонија ќе отпадне на единиците на локална самоуправа. Веднаш да кажам тоа е премалку, тоа не е храбро, иако ние имаме, да речам проблеми во делот на билансирање на приходите и расходите во Република Македонија, сепак имаме можности, тоа што го земаме како обврска, односно го пренесуваме како обврска преку централните државни органи на единиците на локалната самоуправа, тие мора да го поткрепат со соодветни финансиски ресурси. Со овие средства 1 милијарда цирка 830 милиони денари, единиците на локална самоуправа нема да бидат во состојба квалитетно, временски синхронизирано, во обем на активности и динамика која навистина соодвествува на потребите на граѓаните, да ги задоволи тие пренесени потребни од централно на локално ниво.

Бидејќи зборуваме за Глава 2 - финансирање на општината, да се потсетиме како досега беше финансирана општината, од кои приходи.

До сега, до донесување на овој закон таа беше финансирана од данок на имот, од данок на подарокн и наследство и од данок на промет на недвижности и права, потоа од земјишна такса, за користење на градежно земјиште, од комунална такса за уредување на градежно земјиште, од она што претставува разни приходи во делот на фондовите кои постоеја за електрична енергија и она што претставуваше учество на државните органи во финансирањето на локалната самоуправа преку Фондот за недоволно развиени подрачја, преку разните аспекти на поддржување на елементарните потреби на граѓаните во делот на водата, пред се водоводите и сите овие јавни претпријатија кои суштествуваат и на државно пред се а потоа и на градско ниво, особено тука во градот Скопје каде имаме двојство на ингеренции на градоначалникот на Скопје и градоначалниците на општините.

Едноставно, со овој нов закон кој упатува на тоа, во членот 5, дека 2,5% од персоналниот данок на доход и 2,5%, во членот 9, од ДДВ, ќе бидат доволни во вкупен износ, пак ќе кажам од 1 милијарда, односно цирка 830 милиони ќе бидат доволни да се задоволат потребите на граѓаните во единиците на локална самоуправа и во делот на пренесените надлежности, јас навистина сметам дека однапред ја осудуваме оваа правна рамка, бидејќи овој закон е правна рамка и

претставува еден конзистентен фискален систем, така барем вели во делот на цените на овој закон во кој ние ќе прибираме средства соодветни за квалитетно задоволување на потребите на граѓаните. Веднаш да кажам тоа е премалку, затоа што овој процент од 3,18% од јавната потрошувачка на локално ниво ќе создаде нови проблеми, ќе создаде проблеми, пренесените ингеренции, односно надлежности во делот на локалната самоуправа тешко ќе може да се организираат овие средства, ќе се јават проблеми затоа што кадрите во единиците на локиалната самоуправа, бројот на вработените, техничката структура, техничката лобистика, опремата, компјутеризацијата, дури и зградите, местата каде се сместени единиците на локална самоуправа, посебно во Скопје, во едни простории кои се после земјотресот и не соодвествуваат на потребите и на вработените и на граѓаните кои бараат сервисирање на своите услуги  во тие простории, нема да овозможи квалитетно задоволување на потребите на граѓаните. Напротив, ќе се јави нова колизија на интересите на граѓаните кога тие ќе се соочат со понеквалитетен начин на кој тие треба да ги решаваат своите проблеми во делот на културата, во делот на спортот, во делот на примарното здравство. Оттука, очигледно е дека во овој закон мораше да има место во Главата 2 каде се прецизираат средствата за финансирање на општината, за многу елементи кои суштествуваат во Европската унија, кои суштествуваат во Германија, Скадинавските земји, Франција и на таков начин да овозможиме поширока база која ќе создаде квантум на средства и тие средства навистина да претствуваат квалитетен извор за задоволување на пренесените надлежности односно јавните услуги.

Во тој дел во членот 4 потточка  1, воведување на општински данок. Тоа е данок каде Македонија има позиртивна перцепција од времето на 1966 до 1986 година, кој се покажа многу корисен. Тоа е данок за кој има и формула како порано се пресметуваше и тој е данок кој суштествува во многу високо развиени западно европски земји, по разни формули. Една е формулата во Германија, друга е во Франција, трета е во Европската унија. Меѓутоа, во основа се прави една формула, многу едноставна, се прави разлика помеѓу она што претставува просечна основица за означување на државата и просечната основица за означување на ниво на една општина. И доколку таа разлика преминува во одредена маргина, обично во поранешната Социјалистичка Република Македонија таа маргина беше 3,4,5 или 6% се определуваше општински данок кој што претставуваше сопствен извор на приходи на таа општина. Особено тоа важи за градот Скопје, затоа што градот

Скопје ќе говорам и во делот на имотот во точката 4 има извонредно високо значење во тој дел за создавање потенцијален финансиски ресурс, кој што треба да овозможи квалитетно задоволување на потребите на граѓаните на град Скопје.

Значи, општинскиот данок не е нешто што не е познато за нас, можеше да биде предвиден во овој закон, во различни стапки, во стапки едни за развиени општини, во стапки други за неразвиени општини и во стапки трети, каде што имаме микс, имавме и во поранешниот закон во 1996 година и во овој закон кој што еве сега, ќе биде предмет на гласање на референдумско изнесување на граѓаните. Имаме места каде што се спојуваат развиени подрачја со рурални средини. Значи една урбана култура и една рурална култура, и тука треба исто така еден посебен вид на општински данок.

Во делот на таксите исто така, тоа е под точка 3 во членот 4. Исто така, мораше да се најде место за концесиите, кој што сега државата ги прибира а се наоѓаат на теренот на едниците на локалната самоуправа, пред се концесијата на земјоделското земјиште, во оние средини кај што тоа претставува основен ресурс за егзистенција на тоа население, на таа општина, потоа концесијата на националното богатство, тоа се шумите, водите, сите оние ресурси кои што претставуваат една инфраструктура доградена на општинско ниво. Јас ќе го отворам тука прашањето кога велам концесија на национално богатство, концесија на националното богатство на топлификационите водови низ општините на градот Скопје. Значи топлификација, која што сега е приватизирано претпријатие, се приватизираше како претпријатие, меѓутоа топлификација која што користи топлификациона мрежа што ја финансирале сите граѓани на градот Скопје, а сега се наоѓа на територијата низ цело Скопје, а никој за тоа, односно тоа приватизирано претпријатие не плаќа концесија за тоа. Значи не плаќа никому концесија. Не плаќа ниту на државата, не плаќа ниту на општините, ниту пак на градот Скопје каде што минува таа топлификациона мрежа. Тоа исто се однесува и за водовите, генераторите, електростаниците, трафостаниците на Електро-Скопје, поточно Електро-Скопје, како дел од електростопанскиот систем на Република Македонија и токму за тие концесии говорам, концесии на националното богатство, значи она што е создадено во Република Македонија, што природата ни го дала како ресурс и она што ние сме го надградиле како човечка творба за оплеменување, за облагородување на македонскиот простор и македонското национално богатство.

Овие елементи може да бидат многу вносни, особено таму каде што досега тоа не било пракса. Ние имаме општини кои што исклучиво се лоцирани во региони каде што шумскиот фонд, водниот фонд,  или пак акумулациите дали се природни езерата или вештачките акумулации, овозможуваат на база ако тоа се уприходува, одреден процент од концесијата, овозможуваат навистина благопријатно живеење на сите граѓани во таа општина и многу квалитетно задоволување на потребите. Исто тука доаѓа и таксата за наводнувањето, таксата која што сега се собира на државно ниво преку Републичката управа за води на Република Македонија а по дефиниција, бидејќи тоа е повеќестепен систем, примарен систем, секундарен систем, терцијален систем, би требало дел од таа такса да отпаѓа како такса за концесија за користење на наводнувањето.

Значи во делот од  таксите исто така, овој закон содржи би рекол многу стереотипни решенија, значи кои што се изведени од стариот закон, она што веќе сме го имале како таков, како такво решение за финансирање, но во основа не носи нешто ново, не нуди нова понуда на такси, не нуди нова понуда на даноци и едноставно, многу би рекол плаливо се приоѓа во нешто за развивање на демократијата. Ако ние сакаме да ја развиваме демократијата, основата на демократијата лежи во единицата на локалната самоуправа, зошто реков дека таа е заедница на луѓе, заедница на граѓани која што има своја историска, демографска, економска, социјална и секаква димензија во делот на формирање на таа заедница. И тука е демократијата. А демократија без пари не се развива. Тоа го говорам затоа што во изминатото општините, Законот од 1996 година кој што беше како закон за единствена локална самоуправа и начин на финансирање на тие единици, говориме сега за финансирањето нудеше решенија кои што во основа ги оневозможуваа општините да се создаде амбиент во кој што граѓаните ќе беа задоволни. Ниту градоначалниците, ниту советниците, ниту пак службите во општините и по број на вработени немомжеше да се вработува во општините, тоа ќе неможе ни сега, а тоа е голем хендикеп, затоа што ние имаме 400.000 невработени и тие луѓе каде ќе ги вработиме, ако не непосредно каде што демократијата доаѓа најмногу до израз и каде што тие луѓе треба да бидат креатори  на локалониот економски акционен план.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев.

Вие го воведовте системот за дигресија и мене ми го препишаа. Ве молам да се држиме до текстот на законот, демократии и такви работи..

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас говорам за член 4 за таксите кој што мислам дека се основа за демократијата. Значи без пари нема демократија. Тоа е мој став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само односот помеѓу дигресијата и тоа ако зборите за членот, да не биде 5:1, барем рамноправно да биде.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Мислам дека е некоретно господине претседателе. Навистина се држам до текстот и текстот е за демократијата преку единствена локална самоуправа. Не само за финансирањето. Финансирањето е обврзано за демократијата.

Благодарам за забелешката.

Значи, спомнав за општинскиот данок, спомнав за концесиите за земоделско земјиште, спомнав за концесиите на националното богатство, спомнав за она што претставува во овој момент надградба на електроенергетскиот, топлификациониот, нафтоводниот, гасоводниот систем за кој што читеме во новина, тоа сето требаше да биде премдет на овој закон. Оти ова е решение во пакет и тука треба да бидат содржани сите оние елементи кој што овозможуваат подобро задоволување на потребите на граѓаните преку она што претставува предимествена надлежност од ресорно министерство или од централно ниво на локално ниво.

И во делот на последната точка, која што мислам дека е испуштена, се однесува на градот Скопје. Јас повеќе пати говорев за тоа, тоа е имотото на градот Скопје.

Уште еднаш ќе кажам барем нека остане забележано преку оваа парламентарна говорница, белким некој ќе се сети за тоа, градот Скопје имаше имот, сопствен имот, како град кој што државата Република Македонија му го одзеде во време на експертската влада, во време кога такви беа процесите, мораше се што е во Република Македонија да биде евидентирано како државно, така и се направи, но факт е дека тој имот на градот Скопје не му се врати. Туку во процес на приватизација државата си го приходуваше преку Агенцијата за приватизација така како што и одговараше на државата на централно ниво.

Бидејќи тука збориме за финансирање, пресудно за Скопје, да биде главен град на Македонија, да биде урбан град, особено ако овие решенија за спојување на локални подрачја поминат така како што се предлагаат, да има приходи од сопствениот имот, тоа е огромен имот, ќе спомнам уште еднаш, имотот Олимписко

село, исклучива донација од СФРЈ, имото Скала, имотот хотелот Панорама, имотот Скопски саем, а од тие имоти градот нема ништо добиено. Ниту еден денар. Тие сите имаат отидено на сметка на Агенцијата за приватизација и потоа за потребите на буџетот или за потребите на она што Владата решава.

Оттука, сметам дека е пресудно во последна точка во овој закон да биде вметнат имотот на главниот град на Република Македонија, кој што може преку делбен биланс во потставка да се пише, може да биде решен на начин кој што ќе значи овозможување многу благопријатна клима во следните десет години Скопје да биде можеби најубав град на Балканот.

Тоа е во делот на главата 2, за финансирањето на општината. Сметам дека во оваа глава заради овие аспекти за кои што говорев дека се испуштени, дека во овој дел овој закон нема да овозможи со овој квантум на средства една милијарда 825 милиони денари доволно средства за квалитетно задоволување на потребите на граѓаните.

Во членот 9 каде што се говори дека стапката на данок требга да изнесува 2,5% од данок на ДДВ, исто така во најмала рака барем треба да се почитува предлогот на ЗЕЛС заедницата на единствена локална самоуправа која што се предлагаше 5%, односно една милијарда и 200 милиони денари, тоа ќе значеше многу, еден огромен исчекор напред, една огромна можност за квалитетен начин во старт општините да ги задоволуваат своите потреби и тогаш ќе можевме да дојдеме некаде до стапка од околу 5 до 5,5% од јавната потрошувачка од Буџетската потрошувачка на државно ниво да отпадне на единствена локална самоуправа и ќе можевме да речеме дека имаме шанса оваа децентрализација навистина да претставува една наша, во иднина да антиципира позитивни резултати од она што ќе значи задоволување на јавните услуги преку единствена локална самоуправа.

Во делот на овој закон несомнено во посебна глава требаше да се најде место за нерамномерниот развој на Република Македонија. Зошто требаше да се најде место за нерамномерниот развој на Република Македонија? На централно ниво последните 13 години во Република Македонија не се оствари бруто општествениот производ кој што го имавме пред транзицијата, значи 1990 година, туку останавме на ниво некаде 80% од бруто општествениот производ. А најголем дефект за тој бруто општествен производ претставува нерамномерниот развој на Република Македонија. Значи, во наши услови високо развиени предели и населени

места и неразвиени предели и населени места. Мораше да има глава во која што ќе стои и ќе се определи начинот, фискалниот начин на кој ќе се врши порамнување на средствата, изворите на средства за рамномерен развој на единствена локална самоуправа. Значи, ќе се предвиди како ќе се развива еден јужен крај Валандово со населените места и како ќе се развива Скопје, со општина Кисела Вода да речеме. И во тој дел мораше да се дефинираат формулите и да се продолжи методологија како ќе се врши тоа порамнување, на кој начин ние покрај Фондот за недоволно развиени и региони на Република Македонија на локално ниво ќе успееме тој локален, економски и акционен план, тој локален одржлив развој кој што претставува основа на македонскиот одржлив развој на македонскиот простор, ќе можеме да воведеме фискален систем таков кој што ќе ги намали регионалните разлики, и ќе овозможи рамномерен регионален развој во Република Македонија. Бидејќи таква глава нема, јас сум сигурен дека и овој закон за финансирање на единиците на локална самоуправа ќе обезбеди уште поголема диспропорција во развојот на развиените и неразвиените, бидејќи ако не вложувате и тие што се сиромашни ќе станат повеќе сиромашни, а и тие што се богати за македонски прилики и тие ќе осиромашат, затоа што таа сиромаштија и нив ќе ги влече надолу. Така што без таква глава овој закон е непотполн, нецелосен и не овозможува соодветен третман, рамномерен третман на сите единици на локална самоуправа.

Во главата 4, тоа е глава во која што се зборува за задолжување. Исто така, многу плашливо, многу статично по некои теркови кои што беа од некои други времиња се оди до еден процент за вкупно задолжување краткорочно и долгорочно 20% од она што претставува буџетски приход на локалната единица за краткорочно задолжување и 15% вкупна отплата плус камата во делот на долгорочно задолжување. Едноставно Република Македонија факт е дека има добар сопствен македонски финансиски потенцијал. Може би нема финансиски потенцијал ние да направиме еден “Сименс” во Македонија, но има огромен финансиски потенцијал кој што во моментов изнесува 715 милиони евра заштеда на македонските граѓани токму таму каде што е тоа потребно на граѓаните да им ги дадеме тие средства во вид на инвестиции, инвестиции во социјала, инвестиции во спорт, инвестиции во култура, инвестиции во примарно здраство, во школство, и тоа можат општините да го направат. Тој простор од граѓаните да биде облагороден со тревници, да има спортски сали, да има уредени патишта до училиштата до примарните здравствени објекти, опремени здравствени објекти, до културните објекти, а тоа тука на некој

начин се ограничува, затоа што со овие пари кои што се предвидуваат не е можен локален развој. А на начин кога не е можен со своите приоди, сопствени, изворни и даночните приходи се развивате, единствен начин е да се задолжите. Ако на ниво на меѓународното задолжување се признава стапка 45%, 50% од тоа што претставува јавна потрошувачка, зошто ние во Република Македонија да не го дозволиме тој процент, исто така на ниво од 40% од она што претставува сигурна тековна годишна буџетска сметка да не овозможиме тој градоначалник на Сарај ќе го споменам, да не може да развие добра примарна субординација веднаш по првата година, да не направи патишта до образовните центри, да не развие спортски терени во Сарај кој што е центар, полигон за спорт и на таков начин ние ќе овозможиме општината сама да се развива низ својот локален акционен план. Едноставно повторно се применети стереотипи, повторно се оди многу плашливо, се оди на начин, да видиме како ќе функционира ова, тоа е мојата импресија, па потоа ако треба ќе доградуваме, ама секогаш се прави куќата од темелот здраво, со здрав темел и се кинисува потоа во некои надградби. Овде ние темелот го поставуваме слаб, мал ресурс, неиздашен ресурс, недоволен ресурс за задоволување на вистинските потреби на граѓаните на Република Македонија. Од тука сметам дека вака како што е предложен овој предлог закон за финансирање на единиците на локална самоуправа со вакви бројки, а со толку пренесени надлежности во старт децентрализацијата ќе ни биде проблем, во старт децентрализацијата ќе ни предизвикува нови ситуации во кои што ние ќе се соочиме со незадоволство на граѓаните, независно дали од страна на позиција, или опозиција, ќе се соочиме со незадоволство на граѓаните како членови на Парламентот, членови на Централна државна власт, и некоиј членови на Совет, или градоначалници на ниво на локална власт. Тоа е повторно создавање на антагонизам, тој антагонизам повторно ќе споменам пак ќе ја влоши демократијата во Република Македонија бидејќи демократијата, основата на демократијата е таму каде што има и заедница на луѓе, а заедницата на луѓе е примарна, природна е единицата на локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, Законот за финансирање на општините е најважниот закон за децентрализацијата која што сакаме да ја извршиме во Република Македонија. Со законот за локална самоуправа

кој што беше донесен во 2002 година се направи најважниот чекор кон дефинирање на надлежностите на локална самоуправа односно овој закон кој што воопшто не се спомнува во Парламентот е најважниот закон со кој што се дадоа надлежностите на новата локална самоуправа која што сакаме да ја направиме во Република Македонија. Така што тој закон е основата по која што требаше да се донесе и овој закон за финансирање на општините. Затоа јас во мојата дискусија по претходниот закон кој што беше на дневен ред во Собранието Законот за територијална организација реков дека овој закон за финансирање на општините требашре да биде втор закон во Собранието кој што ќе се донесе во насока на децентрализацијата на власта во Република Македонија. Изгледа дека власта не мисли така, односно Владата не мисли така и смета дека територијалната организација е поважната работа која што треба да се донесе во Република Македонија, додека овој закон за финансирање на општините е работа која што треба по кратка дискусија, односно не е толку битен и треба многу брзо тука во Парламентот да помине и да се донесе. Сметам дека тоа е погрешно и дека на овој закон требаше да се сврти вниманието и на јавноста и на Парламентот што повеќе бидејќи од овој закон зависи и функционирањето на локалната самоуправа. Со надлежности кои што се доделени со Законот за локална самоуправа произлегуваат и парите кои што ќе бидат потребни на таа локална самоуправа за да може да ги извршува надлежностите. Немаме никаква претстава ниту некаква математика направено од страна на Владата колку се тоа пари кои што ќе и требаат на локалната самоуправа за да ги извршува тие надлежности. Нема бројки, ниту во образложението ниту во некоја друга информација, иако побаравме и на Комисијата за финансирање да се дадат некои податоци колку на идната локална самоуправа со сите надлежности кои што ќе ги добие ќе и требаат пари за да биде успешна во својата работа. Изгледа и Владата не ги знае бројките, затоа и не ги дава. Тоа е изгледа и причината зошто не сме ги добиле овие бројки, бидејќи се понатаму ќе беше многу полесно, сигурен сум дека ќе беше многу полесна и дискусијата во претходниот закон, ако ги имавме тие бројки и точно можевме да видиме која од општините со овие средства кои што се доделуваат со Законот за финансирање ќе има капацитет да ги извршува надлежностите, така што немаше да се бараат оние останувања на 123 општини, или да поднесуваме амандмани за опстојување на некои општини кои се укинати. Сметам дека заради тоа што Владата не располага со такви бројки, или ги нема изнесено во јавноста, можеби ги има. Затоа и се носи овој текст на законот кој што е

многу централизирано може да се каже во делот на одредување на средствата кои што ќе им припаднат на општините. Воопшто не гледам јас во Законот дека општините ќе бидат самостојни во своето финансирање и дека ќе зависат средствата со кои што ќе располага општината од тоа колку една општина е развиена или е неразвиена, дали има економски капацитет, или нема економски капацитети. Ако се погледаат изворите на приходи кои што се во текстот на Законот, значи остануваат старите приходи кои што се наречени сопствени извори на приходи и се поделени во групи на локални даноци како данокот на имот, данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности. Тие си беа и порано, тука не е ништо ново ставено, едноставно се продолжува со истите приходи од минатото. Или локалните такси и тука исто немаме некои промени, можеби административните такси ќе се прошират, ќе има некое зголемување. Досега, исто секоја општина имаше можност да си воведе одредени административни такси за некоја услуга што ќе ја даде во општината. Сега најверојатно ќе имаме некое проширување, така што и овие приходи незначително ќе се зголемат. И надоместоците морам да кажам дека постоеше надоместокот за уредување на градежно земјиште, општините си го наплаќаа и го одредуваа со своја програма која што ја донесуваат на почетокот на секоја година , комуналната дејност исто така си беше и досега. Има една новина, просторните урбанистички планови досега ги финансираат општините, посебно деталните урбанистички планови беа на товар на општината, додека некои приходи влегуваа во Министерството за транспорт и врски, односно во државниот буџет. Така што ако се погледне на сопствените извори на приходи, односно таканаречени локални приходи ќе се види дека немаме некоја позначајна новина во делот на финансирањето на општините. Сега имаме еден нов данок, едно зафаќање од персоналнот данок кој што е додаден на општините, еве се га е изгласано 3% со амандман. Јас незнам зошто бил потребен тој амандман, ако Владата сметала дека 3% може да издвои  за општините од персоналниот данок, можела и самата да го предложи тоа. Тоа се значи околу 240 милиони денари кои што ќе ги добијат општините. Кога ќе се подели тоа по општините, ќе се види дека тоа се многу мали пари кои што ќе ги добијат општините. Исто така, овде би го споил зафаќањето од данокот на додадена вредност кој веќе се зголеми на 3%, во првиот текст на Законот беше 1%, сега веќе е 3%, значи три пати зголемување кое што е доста големо од 200 милиони се оди на 600 милиони денари. Така што незнам зошто се случило тоа и како може таква една разлика од првиот текст сега да се дојде до 3%, не ми е

многу јасно. Инаку, вкупната сума ако погледнеме од овие два данока кој што ќе се додели на општината ќе дојдеме до една бројка од околу 800 милиони денари која што како што спомнаа и доста колеги, ако споредиме со европските земји ќе видиме дека надлежностите дадени со законите се слични, или исти во многу земји, а парите се различни. Јас за пример ќе ви кажам една општина да речеме во Германија од 10 иљади жители има околу 5 милиони евра буџет на годишно ниво. Тука се работи за околу 10 милиони евра за сите општини во Македонија по овие два основи, по овие два данока. Така што по тоа можете да споредите дека многу малку пари е тоа, но гледајќи го и нашиот буџет во однос на германскиот и развојот, ќе видиме дека сме далеку, не можеме дури да видиме колку ниско сме во однос на приходите кои што ги имаме во државата.

Јас повеќе  сакам да зборувам за дотациите кои што се наведени во овој закон и кои што се оделени на неколку делови, наменска дотација. Значи, тоа се дотации кои што ќе се доделат од буџетот на Република Македонија и од фондовите и кои што се централизирани приходи на општината, односно на идната локална самоуправа. Тоа се средствата кои што се интересни за општините и се во позначителна мера, односно поголема сума. Тоа се средствата на кои што можат да сметаат општините за да ги исполнат надлежностите кои што и се доделуваат. Ако е тоа така, и ако признаеме дека е така, зошто велиме дека ние сакаме да направиме децентрализација во Република Македонија, ако на сите нас ни е јасно дека можеби во проценти околу 80% од средствата, или 90% од средствата ги централизираме и ги оставаме под капата на државниот буџет, зошто велиме дека ние се бориме за децентрализација на власта во Република Македонија.

Тоа покажува дека сепак остануваме под контрола на Владата. Локалната власт ќе биде под контрола на Владата. Пак ќе зависи од која партија каде има победено градоначалникот, па според тоа ќе добие и соодветени средства, бидејки во самиот закон се дава можност Владата да си изработи методологија според која ќе доделува средства.

Исто така за наменските средства и за капиталните дотации општината треба до 30 април да конкурира по пооделни програми кои што ќе бидат изготвени од соодветните минситерства или фондови. Значи, тука пак ќе се решава по некој партиски клуч, која општина колку пари ќе добие, или пак јас ќе ви кажам едно искуство. Тука има влијание дури и некое познанство со одреден министер, или

министерот од кое подрачје доаѓа. Ако доаѓа на пример од подрачјето на Битолско, општините во Битолско ќе добиваат повеќе пари без разлика дали градоначалникот е од таа партија или е од друга партија.

Значи, даваме една голема слободоа на Владата, на министрите субјективно без да ги запазуваат критериумите кои што се донесуваат, не дека ги нема, но не се почитуваат да ги доделуваат овие наменски и капитални дотации кои што се доста високи и кои што се распределуваат преку фондовите и преку минситерствата. Сметам дека оваа работа треба да излезе од под капата на Буџетот, бидејки тие средства можат и да се определат точно колку од која општина доаѓаат. Да речеме од приходите од регистрацијата на возила, од горивата и т.н. кои што влегуваат во Фондот за патишта, тие можат да се издвојат и која општина колку ќе си има приходи толку и да и се вратат во истата. Нема потреба да биде централизирана оваа работа. Инаку најинтересна работа е блок дотацијата, тоа е една новина која што сега ја имаме и која што се воведува незнам зошто. Зошто државните институции да бидат подобри во планирањето на парите или финансиските средства, и подобро да ја регулираат оваа материја околу финансирањето на здравството, образоваието, социјалата и културата, тоа се тие делови кои што ќе се финансираат со блок дотациите од локалната самоуправа која што директно е во контакт со сите овие институции и директно може да ги види потребите на овие институции. Зошто овие средства исто да не бидат изворни средства кои што општината ќе си ги обезбедува преку сопствени приходи, или изворни приходи, па според тоа како ќе има можности така и да се развива во овој дел. Јас предложив една можност за плаќањето на ДДВ на сметките на електрична енергија за физичките лица, или за домаќинствата да биде изворен приход на општините, кое што можеше точно да се пресмета колку пари би се издвоиле од тој данок за да ги покријат овие блок дотации. Тоа може многу добро да се пресмета бидејки знаеме колку државата прибира ДДВ, може да се види по општините исто кои се приходите од овој данок на додадена вредност и со ова ќе им дадеме можност на општините да и самите се потрудат сметките за електрична енергија од граѓаните се по редовно да ги плаќаат, не како сега што имаме случај со одредени населени места каде имаме 3% и 5% наплата на електрична енергија. Тие не само што потрошиле електрична енергија, туку и данокот не го платиле на државата, тоа ни е на сите нас јасно, а сепак црпат од државниот буџет црпат средства за да си ги финансираат општествено јавните потреби кои што и се загарантирани со законот.

Значи, овие блок дотации не се добро решение и не нудат ангажман на општината во насока на сопствени планови или програми за развој на овие институции за кои што треба овие дотации да бидат наменети. Исто така, во прилог на ова, дека државните институции не се грижат добро сега за овие институции како што е здравството или образованието, да не зборуваме за социјалата е и состојбата во овие институции каква е. Знаеме каква ни е состојбата во образованието, распаднати осмолетки, основни училишта, застарени нагледни средства, згради кои што се пред рушење, образование од минатиот век, односно методологија и наставната програма, а за здравство и да не зборуваме. Кај нас важи изреката дека ако се отиде во некоја здравствена институција здрав, ќе се излезе болен, од таа институција бидејки знаеме како ни функционира и во каква состојба е здравството, односно и со кои можности располагаат и самите лекари за да им помогнат на пациентите, односно граѓаните им пружат основна здравствена заштита. Не се тука криви само лекарите, за тоа што не можат да им помогнат на граѓаните, тука е крив и тој што се грижи за здравството односно Владата на Република Македонија преку Министерството за здравство. Тоа е факт дека е така и ако се споредиме со соседните земји ќе видиме дека нашето здравство е во загрижувачка состојба во однос на нивото во кое што е дојдено.

За образованието нема потреба да се зборува. Еве веќе може да се прочитаат најновите натписи, зошто нашите студенти студирале во Бугарија.

Затоа што нивното образование било за три степени по квалитетно од нашето. Затоа нашите 3500 студенти оваа година се запишале на Бугарските универзитети. Значи, а да не одиме подалеку од Бугарија да видиме какво е образованието во другите земји кои што се на повисок степен на развој. Ние со ова едноставно, парите кои што ќе ги прибереме во Буџетот ќе ги пуштиме на сметките дали тоа ќе биде на локална самоуправа и она ќа изиграва благајник или некој си сервисер на услугата кој што само ќе ги издристрибуира парита, како плата ли ќе бидат , како материјани трошоци на ови институцции. Нема потреба од таква една работа да биде внесена во законот, за да се прави целата таа процедура на трансфер на пари, може како и сега да си останат под капата на Буџетот овие институции и директно да си ги добиваат средствата од Буџетот на Република Македонија . Зошто само да зборуваме дека еве, општините ќе се грижат за овие средства, ама парите ќе ги даваме од државниот буџет. Мислам дека оваа работа или не е добро размислена или едноставно некој не сака да до крај ги даде надлежностите на локалната

самоуправа, односно да ги осамостои во своето влијание, сака да задржи дел од влијанието врз овие институции на локално ниво. Без разлика која Влада е на валст, владите се менуваат и пратениците ние ќе се смениме тука, сепак ние треба да поставиме една здрава рамка за локалната самоуправа , треба да донесеме закони кои што ќе траат со години и после 50 години тие закони да претрпуваат мали измени, и после 100 години и овој парламент треба еднаш да научи за секогаш дека законите тешко се донесуваат, треба време да се донесат, студиозно да се преработат и законите еднаш кога ќе се донесат тие закони треба да траат со десетици години и повеќе. Ние тоа во оваа држава изгледа не го сваќаме, туку на две поседователни седници менуваме еден исти член или донесуваме по некој член или точка од некој закон една иста измена со различна содржина. Тоа се чудни некои работи што ни се случуваат, а зошто е тоа така дали службите не ни се добри во министерствата или по дневно-политички потреби се прави така. Дали не се добро обучени тие луѓе кои што работат во минситерствата, или пак министрите така им наредуваат да работат, тоа се прашања на кои што треба да се одговори и да се прекине со оваа пракса во Република Македонија.

Имаме и делегирана надлежност која што ќе ја додели државата, тоа е дотација која исто ќе се издвојат одредени средства, такво нешто немаме уште видено, можеби ќе се случи понатака некоја таква надлежност да се додели на некоја општина, добро, тука е ставено како можност да се делегира некоја надлежност. Јас знам дека тешко некој се одрекува од власта или од надлежноста, бар до сега е таков случајот во Република Македонија, него секој гледа да земе што поголема валст, не па да дава некоја надлежност на некој друг, тоа тешко ќе се случи.

Се на се, ева на крајот ќе завршам, сметам дека ова овој закон кој што ќе се донесе во Парламентот, не дава, односно не го прати законот за локална самоуправа со сите тие надлежности кои се дадени на општините, туку едноставно ми излегува како некој чаршиски пазар, колку проценти и како проценти ќе се поделат и колку пари ќе имаат општините во своите буџети повеќе во однос на сегашното ниво со кои пари располагаат. Треба да се има поголема храброст и да се има едноставно знаење и точни бројки и во Република Македонија да се донесе закон за финансирање на општините соодветно на надлежностите кои што се дадени веќе со Закониот за локална самоуправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Слободан Даневски, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувани пратеници, министер потпретседател,

Сигурно дека побудува внимание овој проект, затоа што тренд во светот државната и локалната власт секогаш да се бркаат околу делот на ингиренциите и секогаш постои еден тренд во светот на незадоволство. Скоро во сите, и најразвиените демократски држави се чувствува трендот локалната самоуправа секогаш да се наоѓа во подредена улога од она што е државата. И овој пакет закони кој треба да го носиме ние и постои консензус за делот на децентрализација не го нуди решението што го очекуваат граѓаните, што го очекуваат претставниците на локалната самоуправа, затоа што се гледа дека некаде над 20% ќе се децентрализира во однос на државна и локална власт. Ова во моментот не се гледа затоа што најпрво ние треба да одговориме на прашањето дали сакаме дефакто да направиме децентрализација или сакаме во еден период да направиме еден мини преоден период, да задоволиме некои барања на Меѓународната заедница. Станавме заробеници на барањата на Меѓународната заедница, бидјеки за се што ни се случува добиваме директиви и строго се држиме како во минатиот период, така и во овој период, без разлика која влада е на владеење, ги почитува нивните укажувања. Кога би поставиле ние некое прашање за тоа што се случува во тие држави и што не советуваат, што би се случило во Македонија. Тие укажувања на дел од претставници кои ни кажуваат каде да се насочи и каде да се движи Македонија, истите тие во нивните држави да излезат на било кои избори ќе ги збришат од политичката карта на било која држава. Тие тука доаѓаат и тенираат во Македонија некои правил ана однесување и демократии.

Ова го зборувам затоа што ние треба да одговориме во овој Парламент, ако сите се декларираме и се согласуваме дека е последната фаза од она што треба да го завршат политичките партии во Парламентот, тоа значи децентрализација од пакетот закони за имплементација на Охридскиот договор и она што стои како ревизија и со тоа да се заврши комплетниот пакет. Нешто чудно се случува. Многу малку дискутираме и многу малку имаме желба да дискутираме околу децентрализацијата. Главната поента на децентрализацијата е финансирањето.

Се согласувам со дел на пратеници кои што велат дека сите борат да добијат што поголемо зафаќање во делот на она што се сигурни извори на финансирање. Тоа е персоналниот данок и ДДВ.

Сигурно дека ова во пракса гледано ќе биде тешко и ако го донесеме законот ќе имаме многу потешкотии. Искуствата покажуваат дека државната валст која прави огромни напори да ги собере средствата, таксите, даноците има страшна евазија во делот на неплаќање, избегнување на давачките. Она што ќе го пренесеме ние сега на локалната самоуправа ќе биде многу , многу тешка работа. Идните градоначалници кои ќе бидат избрани ќе бидат најнесаканите личности во своите општини, затоа што ќе бидат принудени по пат на сила да наплаќаат дел од таксите. Од сакани, почитувани ќа бидат несакани затоа што знаеме каков е општиот тренд на развојот на државата во дадениот момент.

Мора да ги констатираме и дадените состојби кои егзистираат во дадениот момент во државата. Сигурно го делиме мислењето и укажувањето на експертите, па и Владата дека членот 115 од Уставот на Република Македонија не е доволно разработен при трансферот на власта. Се согласуваме дека се ограничени надлежностите на единиците на локалната самоуправа особено во областа на локалниот економски развој и во урбанистичкото планирање. Недоволно користење на можностите на локалната самоуправа за меѓусебна соработка заради остварување заеднички интереси и вршење на заеднички работи во делокругот на својата надлежност на поширокото подрачје. Јас ја имав таа чест да бидам во два мандата и градоначалник, па и министерто беше во тоа време, ние тогаш имавме две функции, градоначалници односно претседатели на собранија на општини и пратеници, коментиравме тогаш и зборувавме, бидејки имаше токму од колегите пратеници од Тетово и Гостивар дека мора да има регионален развој. Тогаш коментарот беше нема да им даваме затоа што албанците ќе прават регионализација, односно ќе прават кантонизација. Еве, после толку време, дали требаше толку време ние да размислиме дека ние сме биле на погрешниот пат и да дојдеме до правото. Незнам дали и во овој момент ќе ја погодиме правата работа и правите цели, затоа што многу малку дискутираме за ингеренциите односно пренесените надлежности, а тоа се сигурните извори на финансирање. Ако водевме битка во Собранието, значи во изминатиот период Собранието и целокупната македонска јавност ја оптоварувавме со тоа што се водеше генерална битка за новата територијална организација. Секогаш под името на територијалната

организација ние зборувавме во контекс на прашањето дека се работи за децентрализација. Значи, ги изместивме работите. Тоа прашање апсолутно денес се гледа на десед дена, дваесет дена се гледа дека апсолутно била друга шемата, други биле тензиите и апсолутно биле други намертие и на власта и на опозицијата. Значи ние избегнавме од она што значи децентрализација. Меѓународната заедница нас не притиска да го завршиме пакетот на закони за децентрализација. Ни се случува ние да бегаме од главната поента, затоа што Европа ни вели, иако сме ние потписници уште 1996 година сме ја потпишале Европската повелба и се согласуваме дека кон патот на Европа треба да се оди со почитување на евроспки стандарди, со класична децентрализација, давање на поголеми права и ингеренции на локалната самоуправа,каде што непосредно граѓаните ќе бидат тие кои непосредно ќе одлучуваат и непосредно ќе ја контролираат власта.

Ние ако не издадеме поголеми и сигурни извори на финансирање и ако тука споревме дали во Македонија треба да се инвестираат 123 општини и ако споревме дека градот Скопје е исто што и општина Старавина и ако дојдовме до заедничка констатација, дека Старавина не е исто што и градот Скопје иако доаѓаме сега до констатација, а не почитувавме правни, односно експертите од делот на локалната самоуправа доаѓа дека ние имаме дефект во Законот за локална самоуправа, што значи многу набрзо мора да се размислува да се смени законот за локална самоуправа и да се оди на двостепена или тростепена локална самоуправа. Зошто? Бидејќи вака како што се дадени овие општини не можат да финансираат. Ние сега сме ставени пред еден испит за тоа што го кажа своето мислење министерот и децидно кажа дека во делот на персоналниот данок Владата има размислување да биде 3% и во делот на ДДВ дека ќе биде 3%.

Општа генерална забелешка на сите во Парламентот е дека ние пратениците бевме хендикепирани да дискутираме, можеби не толку туку стручно а и компетентно, туку моравме да направиме разграничување ако имавме бројки дали постојните 123 општини, како издржана информација можат да егзистираат и со дадените сигурни извори на финансирање и другите даноци и такси. Ние таков елаборат денеска немаме. Ние не можеме да дискутираме ако имаме општина Старавина дали има вработени еден градоначалник и секретарка и едно столче, како такви со тие финансии ќе мора да ги задоволат оние потреби на дадените

жители, зборуваме дека се 450 или 500 и да правиме паралела со Битола или со Скопје.

Во тој контекст сме хендикепирани за да можеме да дадеме уште поголем придонес во делот. Ако пратениците читаат весници можат тоа и надвор да го прават, но вие мора да ги опомените.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам господа пратеници да сослушаме.

Господине Даневски продолжете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Бидејќи се научени овие од СДСМ да им се читаат реферати еве да им читам. Нејасно дефинирани надлежности на советите на единиците на локалната самоуправа и градоначалникот кон што се јавуваат конфликти и блокади во работењето.

Имаме искуства во изминатиот период, негативни искуства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега дали се откажувате од дискусија или?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Може нели. Направите ред. Ако во Парламентот нема ред, како во државата ќе има ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега се согласувам со вас, продолжете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе има и судови не се секирајте. Ќе дојдете на ред и вие. За судовите ќе подискутираме, за монтирани политички случаи, ќе дојдете и вие на ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега јас ве молам ако дискутирате дискутирајте по точката на дневниот ред. Господине Даневски продолжете ви се молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Несоодветно организирање и недоволно просторно, кадровски и материјално технички и финансиски обезбедена општинска администрација. Сигурно дека овие работи треба да се надминат. Не почитување на определбите за вработување на високо квалитетни кадри врз основа на критериумите за

компетентност и стручност, да има услови и можности за обука на вработените, нивното соодветно образование, како и можноста за унапредување во службата.

Ова го зборувам како едни негативни, кои стојат во функционирањето на дадената ситуација која ја имаме во државата и како една констатирана состојба, што ете и Министерството за финансии ја констатира. Сигурно дека мораме да направиме напори ако сакаме вистински да ја извршиме нашата задача во Парламентот и она што им пренесуваме на идните градоначалници и советите во локалната самоуправа. Мислам дека треба да им дадеме сигурни извори за финансирање. Ова го зборувам затоа што не сме сигурни дали 3% ќе бидат доволни во една рурална средина и 3% можеби ќе бидат многу во една развиена општина. Ова не е од типот Скопје, Битола, Тетови итн. Од тие причини требаше законодавецот и предлагачот да изготви критериуми за да може тука да дискутираме стручно и компетентно.

Во делот на надлежностите сигурно дека сопствена сфера на надлежности и разграничување од оние на државата. Ќе ни се случат многу работи, иако го носиме сега законот, ќе ни останат отворени, почнувајќи, не се направите делбените биланси на имотите, има отворени прашања, не е завршен процесот во делот на општините на деценационализацијата. Имаме општини, општинско собрание каде што имаат имот, како и градот Скопје и многу други каде што имотот останува отворен со некоја законска или некоја уредба на Владата се пренаменети, искористени и злоупотребени. Имаме недоречености во месните заедници каде што имаат имот во утринските паши, така да влегуваме во еден процес каде што многу работи треба да ги расчистиме.

Ова го зборувам затоа што од искуство ќе ни се јават многу незадоволства. Обично ние законите ги носиме во нормативниот дел многу слаби закони. Сите тежнееме дека еве сега сме на патот кон Европската унија и го очекуваме толку посакуваниот прашалник. Еве се надеваме дека прашањето лично ќе ни го донесе и Проди на 1 октомври и ние во Парламентот ќе видиме дали ќе бидеме среќници кога треба да ги гледаме тие 2000 или можеби ќе бидат 20 илјади прашања на кои што треба да одговориме. Ќе видиме дека овој законски проект, како што е даден тука не ги задоволува основните критериуми од европскиот тип. За многумина тука ова не значи ништо. Се носат закони со шминка и ако постои да кажеме Уставен суд кој би работел како што треба 60% од законите сега ќе ги обореше, бидејќи сите немаат уставна основа. Ако работеше Уставен суд многу

законски проекти кои се донесени во Парламентот ќе паднеа. За законот е добро колегите п ратениците албанци да станат и да кажат ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам господине Даневски, мислам дека такви квалификации за Уставниот суд не се во ред и мислам дека треба да водиме сметка, како што за личности водиме сметка, мислам дека треба и за институциите да водиме сметка.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова го зборувам од принципиелни причини, затоа што ќе бидат на ревизија сите закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас од принципиелни причини ве опоменувам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро. Би било добро да чуеме дали општините кои се во западниот дел од Македонија, почнувајќи од Тетово, Гостивар има пратеници, дали 3% се сигурни извори на финансирање и дали се согласуваат и дали тоа ќе го потврдат граѓаните. До денеска ние не слушнавме дали тие 3% се доволни или не. Затоа што на многу голема врата тука ни се зборуваше децентрализацијата, децентрализацијата. Еве ја имаме сега. Ја имаме правната можност да продискутираме сега. Не знам зошто се лутат колегите кога зборуваме, затоа што ако сакаме да направиме децентрализација треба да ги отвориме сите прашања во Парламентот да не им префрламе на идните градоначалници и општински собранија во идниот мандат многу недоречености. Затоа што законот треба да биде многу јасен и дециден. Ако ние тука не изградиме став и не го донесеме овој закон со консензус. Ќе се одговориме, да им ја олесниме работата на идните градоначалници. Ќе влеземе со многу дубиози, многу непознати работи и потоа ќе имаме проблеми, блокади и несакани работи. Во тој контекст јас зборувам. Сигурно моите колеги имаат свои видувања и не барам да се согласат со мене. Тие мораат да ми префрлаат по било што, а би било добро било кој колега ако има нешто да ми реплицира, по било кој основ еве јас ќе прекинам, еве шанса, реплицирајте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Даневски. За дискусија се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, дами и господа пратеници,

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа треба да биде основниот столб на децентрализацијата која што претставува и еден од условите кој што треба да се исполни со Рамковниот договор кој што во претходната постапка, односно во постапката за носење на Законот за територијална организација многу беше споменуван, дека треба да се исполни овој услов кој е јасно утврден во Рамковниот договор и се велеше дека опозицијата е онаа што го спори е насечено против Рамковниот договор, односно отсуството на критериуми врз основа на кој ќе се направи територијалната организација и беше префрлано на опозицијата и до ден денес тоа се прави со најновата постапка која се отвора за референдумот дека опозицијата е против Рамковниот договор.

Јас навистина сум изненадена што во текот на денешната расправа воопшто од страна на претставниците на локалната самоуправа, не чув никакво сериозно залагање и сериозни размислувања од мноштвото пратеници за да се подобри текстот за финансирање на единиците на локалната самоуправа навистина, посебно од претставниците на партијата ДУИ сметавме навистина аргументирано за што тие се залагаат за вистинското поставување на основите на финансиската децентрализација која ќе повторам, е основ на Рамковниот договор. Не територијалната организација, туку децентрализација. Значи многу нешта се изменија, децентрализацијата се сведе на територијалната организација, за да денес воопшто не се посветува никакво внимание на основата на Рамковниот договор, тоа е децентрализацијата и нејзиниот столб финансиската децентрализација.

Оттука, требаше да произлезе и територијалната организација. Токму заради тоа на самиот почеток од расправата по овој пакет на закони баравме најпрвин да се расправа по пакетот на закони од областа на финансиската децентрализација за да можеме да имаме еден сериозен основ од кој што ќе тргнеме да знаеме колкава сума, со колкав обем на средства ќе располагаат локалните самоуправи, за да знаеме која од нив ќе може да ги исполни новите надлежности кои што и се пренесуваат, а кои навистина, не можат и врз основа на тоа да знаеме дали некоја од нив може да постои или не може да постои.

Бидејќи обратно се поставија нештата, еве денес расправаме за Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и повторно се судираме со она што го баравме во претходната фаза, односно во фазата за носење на закони за територијална организација, повторно бараме аргументи зошто се предлага одреден број, односно одредени проценти, кои што денес имавме можност да видиме како се менуваат веднаш, дали на барање на владеачкото мнозинство, на пратениците од владеачкото мнозинство, што навистина, повторно ќе кажам, е зачудувачки, бидејќи тие се владеачко мнозинство, нивна е и Владата и можеше навистина во овој период да ги усогласат ставовите, односно наместо Владата да го враќа процентот на персоналниот данок од 3,1%, на 2,5%, за да веднаш денес на расправата прифати амандман со 3%, без никакво образложение, без никаква аргументација, без да видиме 100 пати досега побаравме стимулации, побаравме да ни се даде преглед на финансиските средства врз основа на кои ќе бидеме и ние, ќе бидат и заедниците на локална самоуправа, односно локалните самоуправи, кој ќе биде тој обем на средства со кој што тие ќе располагаат, за да можат да видат дали новите надлежности ќе можат да ги исполнат или не. Значи колку ќе добијат од персоналниот данок средства, колку ќе добијат од ДДВ, колку од блок дотациите за да може да им биде јасно на луѓето со колкав обен на средства ќе располагаат и дали може да одговорат на новите обврски. Ваква стимулација на приходите што ќе ги имаат општините ги немаме и сеуште никаков одговор на тоа. Не ни беше даден одговор зошто се предлага намалува на процентот од 2,5% на 3,1%, зошто потоа се прифати 3%, зошто понатаму ДДВ од 1% прифати Владата да биде 3%, наместо да биде 4%, како што бараше опозицијата 5,5% како што бараат заедниците на единиците на локалната самоуправа, без никакви аргументи се прифаќаат одредени проценти без да бидеме и ние убедени, да бидат убедени и граѓаните за кои што се однесува финансиската децентрализација, дека тоа е за нивно добро, дека со ваквиот обен на средства навистина, тие ќе ги подмират нивните потреби, потребите кои што се од суштинско значење и опстојување на локалната самоуправа. Тука е културата, образованието, здравството, социјалната политика. Значи сите овие нешта требаше да бидат навистина многу појасно дадени и за граѓаните и за пратениците. Дали навистина повторно севкупните средства остануваат во најголем дел во рацете на централната власт. Ако како спореден податок го имаме пред нас податокот дека скандинавските земји имаат скоро 30% од Буџетот на државата, го префрлаат на локалните самоуправи и во Европската унија на 20%, оди во Буџетот

на локалните самоуправи, значи се пренесуваат толку средства, а Република Македонија некаде само околу 2%, тогаш многу јасно тоа ни кажува за каква финансиска децентрализација се зборува и што е тоа што сакаме да го постигнеме во Република Македонија.

Значи ако во рацете на буџетот на државата скоро 70% односно 67,2% од средствата се овие средства на локалната самоуправа располага државата дали преку блок дотации, дали преку даноците, значи повторно монополот на средства на единиците на локалната самоуправа го има централната власт. Значи ние зборуваме за еден навистина сериозен процес на децентрализација во државата. Тоа јасно се гледа и во членовите 10, 11, 12, каде што се остави простор за злоупотреба на централнта власт, се остави простор за сомнеж. Зборувавме многу претходно по амандманите, за методологијата, кој треба да ги утврди критериумите дали треба за тоа да биде Владата, или јасно да бидат зацртани критериумите во законот внатре, за да можат да знаат и локалните самоуправи, да знаат и сите граѓаните врз основа на кој критериуми локалната самоуправа добива одреден процент на средства и овде се избегна од ваквото јасно утврдување на овие критериуми, јасно дефинирани внатре во законот, без оглед на тоа што укажувавме дека ете и во основа на општиот закон, меѓутоа се одеше на тоа како гласаат исклучиво амандманите а не на суштината, се со цел да го подобриме законскиот текст и да не оставиме простор за сомнеж и манипулација без оглед дали на ова парламентарно мнозинство, или на некои друго парламентарно мнозинство. Меѓутоа, навистина самиот текст на законот веќе го имаме со овие амандмани кои што беа усвоени, за жал многу малку од страна на опозицијата.

Понатаму, би сакала сосема накратко да се осврнам и на дотациите, кои што се дадени во членот 12. Јасно е наброено во член 12, нема да зборувам понатаму, на кој начин и врз основа на кој критериум и каква методологија ќе користи Владата за префрлање на блок дотациите, меѓутоа, би сакала тука да се осврнам на нешто што лично сметам дека недостасува, а истото тоа може да го прочитам од заедниците на единиците на локалната самоуправа која што свртува внимание дека во членот 12 во став 1, освен тоа што блок дотациите треба да се користат за финансирање на надлежностите утврдени во членот 22 и тоа во точките 5, 7, 8 и 9, со кој што се даваат блок дотации, за културата, социјалната и детската заштита, образованието и здравствената заштита, неопходно е потребно тука да влезат и дотациите за против пожарната заштита, односно за единиците на против

пожарната заштита, а тоа е барање и на единиците на локалната самоуправа, бидејќи тие сметаат дека нема да постои сигурен основ за финансирање на против пожарната заштита, бидејќи пожарникарството е утврдено како работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес, а нејзиното непречено извршување го обезбедува Република Македонија и општините и градот Скопје. Противпожарната заштита, исто така, претставува дел од единствениот систем за заштита и спасување во републиката и токму заради тоа и заедницата на единиците на локалната самоуправа сметаат дека треба блок дотации да бидат обезбедени и за противпожарните единици.

Наши убедувања се дека од приходите кои се утврдени со Предлог-законот за пожарникарство не може да се обезбеи определен износ на средства со кои ќе се обезбедат платите на вработените во постојните противпожарни единици на локално ниво,тому заради тоа, а камо ли пак противпожарната опрема да се сервисира, да се купуваат средства за гаснење на пожари. Токму заради тоа се смета дека неопходно потребно е во член 12 да се каже дека и противпожарните единици, односно противпожарната заштита ќе биде финансирана со блок дотации.

Понатаму, би сакала сосема накратко да свртам внимание, исто така и на тоа што е испуштено во законот, а што беше спомнато повеќе пати, уште при разгледувањето на текстот на Законот за територијална организација кога зборувавме за неопходноста од концесиите односно процентот што го собира државата, од концесии, што треба да се оставаат на единиците на локалната самоуправа, се со цел да се постигне развојот на локалната самоуправа. Еве денес имавме можност да видиме дека тоа е барање повторно и во оваа фаза на разгледување на законот и од единиците на локалната самоуправа кои велат дека 60% од концесиите треба да бидат во буџетот на државата, а 40% да бидат на единиците на локалната самоуправа. На тој начин почитувани дами и господа, повторно ќе се навратам на нашите дискусии за територијалната организација, многу мали општини кои имаат огромни природни ресурси, повторно ќе ја споменам само како пример општина Конопиште која има огромни природни ресурси, има огромна територија а мал број на жители, овде ќе се видеше стратешкиот интерес на државата и размислувањето на власта како да се направи рамномерен развој на економијата во државата, рамномерен распоред на населението во државата, значи начин на кој би се привлекле огромен број на невработени со определени

поволности, да се населат на териториите на овие општини, се со цел да се искористат овие природни ресурси, со тоа што ќе се даваат под концесија или други привелегии за ваквите општини. Од тоа ќе видевме на која општина што и треба и да видевме навистина кои општини навистина треба да опстанат, кои општини се од витален интерес за Република Македонија, кои треба да бидат помогнати од земјата и да утврдевме, навистина една финансиска рамка за опструирање на ваквите општини кои се специвични, кои се големи по територија, имаат мал број на население, меѓутоа имаат огромни ресурси, а во исто време и огромно стратешко значење за Република Македонија. Од тука сметам дека овде воопшто не е посветено внимание и на овој рамномерен распоред на средства, низ територијата на Република Македонија, со цел рамномерно да се развиваат сите општини.

Понатаму би кажала само неколку збора и за администрацијата, што се сомневам дека во овој момент е способна да ги преземе одговорностите во делот на собирање и на трошење на средствата на единиците на локалните самоуправи. Токму заради тоа сметам дека се потребни повеќе средства за тренинг, за нови вработувања, средства за повеќе опрема. Исто така земајќи го фактот дека управите за јавни приходи имаат само 34 единици, подрачни, се сомневам дека и тие ќе бидат доволни да ги опслужат сите општини за собирање на даноците, бидејќи факт е дека самите општини навистина не може да го направат истото. Овде е потребен еден процент на средства што би значел поддршка на самата администрација за успешно спроведување на овој процес на децентрализација.

И сосема на крајот ќе спомнам, односно ќе се задржам и на ревизијата што мислам беше спомната во член 37, во став 2, во однос на тоа дека општината воспоставува систем и процедури за внатрешна ревизија. Во ставот 2 е кажано дека советот на општината ги назначува внатрешните ревизори, на предлог на градоначалникот. Јас навистина се прашувам како може да имаме вистинска ревизија до колку ревизорите се предлагаат на предлог на градоначалникот, ги назначува советот на општината. Тогаш навистина ревизорите ќе зависат од градоначалникот и од општината. Какви ревизори ќе бидат кога ќе зависат од тие на кои треба да им прават ревизија. Сметам дека тие овде треба да одговараат на Државниот завод за ревизија, ако навистина сакаме да имаме сериозна ревизија на општинско ниво.

На крајот да кажам дека овој Завод за финансирање на единиците на локалните самоуправи навистина треба многу посериозно да се разгледа, многу

посериозно да размисли Владата за последиците кои ќе ги има, многу посериозно да се размисли за предлогот на опозицијата што беше кажан уште во фазата на донесување на Законот за територијална организација, да се остави еден простор, минимум од две години, да се направи една финансиска децентрализација, ваква каква што се предлага со овој закон, јас би кажала минимална финансиска децентрализација, со минимум средства, за да видиме како ќе фујнкционира таквата децентрализација, таквата обемна децентрализација, да видиме дали постојните општини ќе можат да опстојат со таквиот обем на средства, кои се проблеми ќе се појават и дури тогаш да размислуваме за територијална организација и за вистинско финансиско децентрализирање, вистинска децентрализација што, повторно ќе кажам, не е само обврска на Рамковниот договор, тоа е наша обврска спрема граѓаните во Република Македонија  и во крајна инстанца тоа е наша обврска и за влегување во членство во ЕУ, а не тоа што сака да се наметне како став, како мислење врз граѓаните на Република Македонија дека децентрализацијата фактички е територијалната организација која ја понуди Владата и си ја усвои парламентарното мнозинство пред некое време. Значи финансиската децентрализација, вистинската децентрализација која треба да биде внесена во овој пакет на финансиски закони, е суштината на децентрализацијата која треба да се спроведе во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Адеми имате реплика?

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате три минути.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

И од страна на некои други пратеници, меѓутоа и од претходната говорничка се спомна дека пратениците од ДУИ не даваат свој придонес за овој закон, туку биле заинтересирани само за територијалната организација. Јас сакам да ја демантирам говорничката. Не знам дали таа била присутна кога дискутиравме за амандманите. Меѓутоа сакам и да ја потсетам пратеничката дека во листата што ни е предадена за амандманите, за текстот на законот за финансирање на општините, амандманот 1, 4, 9 и 16 се прифатени од страна на Владата и се составен дел од законот. Токму овие амандмани се предложени од група пратеници од позицијата, меѓу кои е и

пратеникот Талат Џафери, а пратеникот Талат Џафери е пратеник од ДУИ. Затоа почитувана госпоѓо попусти ви се вашите консултации дека ние не го даваме нашиот придонес за овој закон и дека не сме заинтересирани за овој закон. За разлика од вас што сакате само да говорите, ние го даваме нашиот придонес и во комисиите, меѓутоа и во предлагањето на амандманите, за подобрување на овој текст на закон. Вашиот говор беше само со празни фрази, како да вие имате забелешки на овој закон, а ако ги имавте вие ќе предложевте амандмани. Напротив ние имавме амандмани и нашите амандмани се прифатени. Затоа не можете на овој начин да манипулирате со јавноста и да ја мамите јавноста бидејќи фактите говорат нешто друго.

Во Комисијата за финансирање и буџет пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го поддржаа овој закон, освен еден кој беше воздржан. Затоа јас не знам кои ставови вие ги браните и на која партија припаѓате, дали тие пратеници во Комисијата се од ВМРО-ДПМНЕ, или не, или вие можеби не сте од ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева имате една минута контра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега очигледно не ме слушавте, ниту пак во текот на денот слушавте што е тоа за што се залагам, јас лично како пратеник и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и ЛП. Меѓутоа, јас не слушнав од вас дали вие сте задоволни со речиси 2% од средствата од буџетот на државата кои се пренесуваат на локално ниво и дали тоа значи финансиска децентрализација во однос на тоа што во европските стандарди имаме скоро над 20% од буџетот на државите да се пренесува на локално ниво, со кои располагаат локалните самоуправи, а да не зборуваме за Скандинавските земји каде кажав дека е дури 30%. Каде е овде вашата борба за вистинска децентрализација на локалните самоуправи и преземање вистински власта во рацете на граѓаните, односно тие да одлучуваат за парите кои ги собираат, барем за дел од нив, за да можат сами да одлучуваат за сопствениот локален економски развој. Вие имавте амандмани со 1% поголем...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева, измина вашата минута.

Господине Коце Трајановски имате уште три минути време. Мислам дека не ви се доволни три минути за дискусија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да.

ЉИПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука ја прекинуваме седницата.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување на оваа седница.

Инаку утре имаме закажано итна седница.

(Седницата прекина со работа во 17,00 част).